Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, значи дека во оваа Урбана единица ќе има 1870 станбени единици од кои во зони за живеалишта со градини се предвидува да има вкупно 349 станбени единици, во зони со заеднички станбени објекти ќе има вкупно 89 станбени единици и 1432 во зони во кои е предвидено мешовито домување.

Тргнувајќи од определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица во оваа Урбана единица се предвидуваат 515 нови станбени единици.

Од вкупниот број на нови станбени единици 117 се замена на субстандардни ст.единици а останатите се по основ на анулирање на станбен дефицит и по основ на население односно намалување на членови на домаќинство и пораст на население.

Со оглед на податокот од 1994 година каде имаше на едно домаќинство 4.50 члена сега се предвидува намалување на тој број на 3.7 член /домаќинство

што значи зголемување на станбениот стандард пред се со зголемување на станбена површина по жител.

Урбана единица Х.Т.Карпош

Во Урбана единица Х.Т.-Карпош во планскиот период се очекува дека ќе живеат 5745 жители во 1553 домаќинства со просечно 3.7 члена по домаќинство.

Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, значи дека во оваа Урбана единица ќе има 1553 станбени единици од кои во зони со заеднички станбени објекти ќе има вкупно 156 станбени единици и 1397 во зони во кои е предвидено мешовито домување.

Тргнувајќи од определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица во оваа Урбана единица се предвидуваат 564 нови станбени единица од кои 174 се замена на субстандардни ст.единици а останатите се по основ на анулирање на станбен дефицит и по основ на население односно намалување на членови на домаќинство и пораст на население.

Со оглед на податокот од 1994 година каде имаше на едно домаќинство 4.93 члена сега се предвидува намалување на тој број на 3.7 член/домаќинство што значи зголемување на станбениот стандард пред се со зголемување на станбена површина по жител. Ова е и причина што во оваа Урбана единица се планира и помал број на жители од постоечкиот број сметајќи на квантитативно наголемување на станбениот стандард.

Урбана единица Панче Пешев

Во Урбана единица Панче Пешев во планскиот период се очекува дека ќе живеат 5404 жители во 1461 домаќинства со просечно 3.7 члена по домаќинство.

Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, значи дека во оваа Урбана единица ќе има 1461 станбена единица од кои во зони за живеалишта со градини ќе има 218 станбени единици во зони со заеднички станбени објекти ќе има вкупно 898 станбени единици и 345 ст.единици во зони во кои е предвидено мешовито домување.

Тргнувајќи од определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица во оваа Урбана единица се предвидуваат 405 нови станбени единици од кои 171 се замена на субстандардни ст.единици а останатите се по основ на анулирање на станбен дефицит и население односно пораст на население.

Со оглед на податокот од 1994 година каде имаше на едно домаќинство 3.53 члена сега се предвидува наголемување на тој број на 3.7 члена/домаќинство.

Урбана единица Центар

Во Урбана единица Центар во планскиот период се очекува дека ќе живеат 2490 жители во 673 домаќинства со просечно 3.7 члена по домаќинство.

Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, значи дека во оваа Урбана единица ќе има 673 станбени единици од кои во зони со заеднички станбени објекти ќе има вкупно 186 станбени единици и 486 ст.единици во зони во кои е предвидено мешовито домување.

Тргнувајќи од определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица во оваа Урбана единица не се предвидуваат нови станбени единици со оглед да постојните станбени единици кои се со мала станбена површина. Со оглед на фактот да во оваа Урбана единица има голем број на субстандардни станбени единици се очекува во иднина дел од нив да бидат заменети со нови станбени единици 116. Оваа намалување на ст.единици е резултат на пренамена на станбената функција во деловни содржини (администрација, трговија, здравствени ординации, претставништва и др.).

Исто така не се планира зголемување на површина за домување со оглед на постоечкиот голем степен на изграденост каде сега просечна нето густина на домување изнесува 269.49 ж/ха.

Со оглед на податокот од 1994 година каде имаше на едно домаќинство 3.23 члена сега се предвидува наголемување на тој број на 3.7 член/домаќинство.

Урбана единица 3-та МУБ

Во Урбана единица 3-та МУБ во планскиот период се очекува дека ќе живеат 5261 жител во 1422 домаќинства со просечно 3.7 члена по домаќинство.

Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, значи дека во оваа Урбана единица ќе има 1422 станбени единици од кои во зони за живеалишта со градини ќе има 904 станбени единици во зони со заеднички станбени објекти ќе има вкупно 116 станбени единици и 402 ст.единици во зони во кои е предвидено мешовито домување.

Тргнувајќи од определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица во оваа Урбана единица се предвидуваат 1422 станбени единици.

Во оваа Урбана единица се планира 75 субстандардни станбени единици да бидат заменети со нови станбени единици.

Со оглед на податокот од 1994 година каде имаше на една станбена единица 3.51 члена сега се предвидува наголемување на тој број на 3.7член/домаќинство сметајќи на квалитативно зголемување на станбениот стандард. Како втора причина е што не се планира зголемување на површина за домување со оглед на постоечкиот голем степен на изграденост.

Урбана единица Благој Стефковски Гојчо

Во Урбана единица Благој Стефковски-Гојчо во планскиот период се очекува дека ќе живеат 5026 жители во 1358 домаќинства со просечно 3.7 члена по домаќинство.

Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, значи дека во оваа Урбана единица ќе има 1358 станбени единици од кои во зони за живеалишта со градини ќе има 563 станбени единици во зони со заеднички станбени објекти ќе има вкупно 704 станбени единици и 91 ст.единица во зони во кои е предвидено мешовито домување.

Тргнувајќи од определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица во оваа Урбана единица се предвидуваат 1358 станбени единици. Во оваа Урбана единица најголем дел од станбените единици претставуваат субстандард така да по овој основ се очекува 187 субстандардни станбени единици да бидат заменети со нови ст.единици.

Со оглед на податокот од 1994 година каде имаше на едно домаќинство 3.87члена сега се предвидува намалување на тој број на 3.7член/домаќинство.

Една од причините што во оваа Урбана единица не се планира поголем број на станбени единици е заради големиот степен на изграденост во Урбана единица.

Урбана единица Гоце Делчев

Во Урбана единица Гоце Делчев во планскиот период се очекува дека ќе живеат 8513 жители во 2301 домаќинство со просечно 3.7 члена по домаќинство.

Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, значи дека во оваа Урбана единица ќе има 2301 станбени единици од кои во зони за живеалишта со градини ќе има 1492 станбени единици, во зони со заеднички станбени објекти ќе има вкупно 744 станбени единици и 65 ст.единица во зони во кои е предвидено мешовито домување.

Од вкупниот број на нови станбени единици 20 се замена на субстандардни ст.единици а останатите се по основ на анулирање на станбен дефицит и население односно намалување на членови на домаќинство и пораст на население.

Со оглед на податокот од 1994 година каде имаше на едно домаќинство 3.90 члена сега се предвидува намалување на тој број на 3.7член/домаќинство.

Урбана единица Перо Чичо

Во Урбана единица ПероЧичо во планскиот период се очекува дека ќе живеат 8942 жители во 2417 домаќинства со просечно 3.7 члена по домаќинство.

Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, значи дека во оваа Урбана единица ќе има 2417 станбени единици од кои во зони за живеалишта со градини ќе има 1700 станбени единици и 717 ст.единици во зони во кои е предвидено мешовито домување.

Од вкупниот број на нови станбени единици 965 дел се замена на субстандардни ст.единици 45 а останатите се по основ на анулирање на станбен дефицит и и по основ на население односно намалување на членови на домаќинство и пораст на население.

Со оглед на податокот од 1994 година каде имаше на едно домаќинство 4.05 члена сега се предвидува намалување на тој број на 3.7 член/домаќинство.

Урбана единица Проевце

Во Урбана единица Проевце во планскиот период се очекува дека ќе живеат 1138 жители во 308 домаќинства со просечно 3.7 члена по домаќинство.

Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, значи дека во оваа Урбана единица ќе има вкупно 308 станбени единици во зони за живеалишта со градини.

Тргнувајќи од определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица во оваа Урбана единица се предвидуваат 308 станбени единици што е помалку од постоечкиот број на станбени единици со напомена да според статистичките податаоци во постоечкиот број на станбени единици се земени дел и од околните населби на оваа Урбана единица.

Во оваа Урбана единица се планира дел од субстандардни станбени единици 12 да бидат заменети со нови ст.единици. Со оглед на податокот од 1994 година каде имаше на едно домаќинство 3.78 члена се очекува да се задржи на тоа ниво.

Урбана единица Долно Кој̀наре

Во Урбана единица Долно Кој̀наре во планскиот период се очекува дека ќе живеат 4857 жители во 1313 домаќинства со просечно 3.7 члена по домаќинство.

Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, значи дека во оваа Урбана единица ќе има 1313 станбени единици кои се планираат во зони за живеалишта со градини.

Тргнувајќи од определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица во оваа Урбана единица се предвидуваат 990 нови станбени единици од кои дел се замена на субстандардни единици 15 со нови а

останатите нови станбени единици се по основ на анулирање на станбен дефицит и и по основ на пораст на население.

Со оглед на податокот од 1994 година каде имаше на едно домаќинство 3.86 члена сега се предвидува намалување на тој број на 3.7 член/домаќинство.

Урбана единица Бедиње

Во Урбана единица Бедиње во планскиот период се очекува дека ќе живеат 2256 жители во 610 домаќинства со просечно 3.7 члена по домаќинство.

Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, значи дека во оваа Урбана единица ќе има 610 станбени единици кои се планираат во зони за живеалишта со градини.

Во оваа Урбана единица се предвидуваат 135 нови станбени единици тргнувајќи од определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица. Од вкупниот број на нови станбени единици 15 се по основ замена на субстандардни ст.единици а останатите се по основ на анулирање на станбен дефицит и население односно намалување на членови на домаќинство и пораст на население.

Со оглед на податокот од 1994 година каде имаше на едно домаќинство 4.31 члена сега се предвидува намалување на тој број на 3.7 член/домаќинство.

Урбана единица Стари Лозја

За Урбана единица Стари Лозја е карактеристична бидејќи се работи за новоформирана Урбана единица во планскиот период се очекува дека ќе живеат 7904 жители во 2136 домаќинства со просечно 3.7 члена по домаќинство.

Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, подразбира дека во оваа Урбана единица ќе има нови 1415 станбени единици кои се планираат во зони за живеалишта со градини а останати станбени единици се безправно изградени станбени објекти кои со овој ГУП се вклопени во урбаното подрачје на градот.

Индустрија

Во делот кој е наменет за Индустрија на површина од 2 ха се очекува да се задржи постојно домување кое и со претходниот план беше предвидено. Во планскиот период се очекува дека ќе има 240 жители сместени во 65 домаќинства со просечно 3.7 члена по домаќинство.

Согласно определбите да за секое домаќинство се предвидува една станбена единица, подразбира дека во оваа Урбана единица ќе има 65 станбени единици од кои дел 15 се замена на субстандардни станбени единици кои се планираат во зони за живеалишта со градини.

4. НЕСТАНБЕНИ СОДРЖИНИ

Под нестанбени содржини во овој елаборат ќе се подразбираат сите функции комплементарни на домувањето, на ниво на Урбани единици, реон и град. Тие функции, од аспект на создавање на материјални добра спаѓаат во областа на нестопанството. Тие обично ги задоволуваат дневните, неделните и месечните потреби на населението, а некои само повремено. Од степенот на развиеноста на овие содржини зависи и степенот на развиеност на функциите и објектите на нестанбени содржини, односно материјалните и културни услови на средината што се и основни индикатори на квалитетот на живеење во градот.

Севкупниот развој на градот во голема мера е во зависност од функциите и објектите кои непосредно го означуваат нивото на стандардот, а особено дејностите на јавните функции (образованието, здравството и социјалната заштита, културата и физичката култура) како и развојот на комерцијални дејности (угостителство, туризам, занаетчиство, трговија).

Развиеноста на овие системи кои со планот се програмираат и просторно дистрибуираат ќе влијае на начинот на користењето на просторот и неговото функционирање како сооднос помеѓу домувањето и нестопанските дејности. Просторната поставеност на објектите од нестанбени содржини третирана е како една од битните елементи на идниот се поравномерен развој на градот и општината. Разместеноста на овие објекти формира хиерархиска мрежа на дејности и објекти која согласно постојните услови, треба целосно да го покрива просторот на градот почитувајќи ги гравитационите параметри согласно специфичностите на секоја дејност пооделно, односно во склад со критериумите и нормативите на секоја дејност.

- **ПОДИГНУВАЊЕ НА СТАНДАРД НА КУЛТУРНОТО, ОБРАЗОВНОТО, ЗДРАВСТВЕНОТО НИВО**

Меѓу битните фактори на идните трансформации несомнено спаѓа и подигнувањето на стандардот на населението во областа на образование, здравство, култура, комерцијални потреби. Општиот развој на градот се гледа првенствено во економскиот развој, односно во создавање на материјални услови и благосостојба како претпоставка за натамошна културна, образовна и социјална надградба. Сигурно дека не би се занемарила индустријализацијата и другите стопански зафати како носечки фактори, но и без подигнувањето на општествениот стандард, недоволни се претпоставките за натамошен економски развој. Оттука во понатамошниот развој се наметнува потреба за создавање на просторни и општи услови за постојано и побрзо подигнување на стандардот на населението во областа на образование, здравство, култура, комерцијални потреби. За таа цел потребна е изградба на објекти и институции во кои ќе се води грижа за човекот - граѓанин.

Објектите на нестанбени дејности треба на населението да му создадат општествено еднакви можности за развој и живеење. Во објектите од нестанбени дејности спаѓаат:

Јавни објекти

- објекти за воспитание и образование
- здравство
- социјална заштита
- наука и култура
- администрација

Комерцијални објекти

- трговија
- угостителство
- деловни содржини

Систем на центри
Комунални содрини

Развојот на нестанбените дејности директно е условен од севкупниот развој на одредено подрачје, но исто така и развиеноста на функциите директно го детерминира општествениот развој, а пред се образованието, културата и здравството. Развиеноста на мрежата од овој вид дејности како и објектите придонесуваат животот да биде многу посодржаен. Во однос на обемот на вкупниот градежен фонд, овие објекти се минимални, но по значење се доста важни. Овие објекти и просторот околу нив ги користи населението од градот и околното гравитационо подрачје, што укажува на фактот дека тука доаѓаат луѓе со различна возраст, професија, социјален статус и сл.

Улогата и значењето на овие објекти бара неопходен капацитет и просторна разместеност, достапна до сите граѓани. Затоа локацијата на јавните, комерцијалните објекти и систем на центри треба да се лоцира на соодветно место, да има пристап од сообраќајници.

Со порастот на стандардот и на општата култура расте и потребата од поразновидни услуги на сите активности од нестанбените содржини. Затоа треба да се дефинира видот, функцијата и просторната разместеност на објектите од овој вид. Разместеност на објектите треба да обезбеди рамномерно задоволување на сите потреби, покривање на целиот простор, инфраструктурна опременост, а се во согласност со критериуми и нормативи дадени за секоја дејност одделно.

Целите за планирање на објекти од нестанбени дејности се конципирани врз основа на согледување на заинтересираните, стандардите и можностите за реализација, а се во согласност со нормативите од Законот за просторно и урбанистичко планирање, усогласени со планираниот пораст на населението и развој на општествените дејности, како и значајот на градот како регионален центар со широко гравитационо подрачје.

Планската основа на бројот и капацитетот на овие објекти базира на согледувањата за порастот на населението, промените во неговата структура, програмските определби за развојот на стопанските дејности, влијание на локалните специфичности во начинот на живеење на населението што е од особена важност за градот со околните населби во целост.

Генерална насока за развој на тие функции, содржини и институции за грижа, воспитување и образование, за здравство и установи за социјална грижа за објекти на култура и други функции, ги утврдуваме следните принципи на планирање:

- Опфаќање 30% од старосната група на населението до 7 години во институциите за предучилишно воспитување и образование на децата во градот и 20% во околните населби.
- Обезбедување можности и услови за целосно опфаќање и обезбедување училишни капацитети за генерациите кои стигнуваат за основно образование.
- Стекнување на средно образование да се овозможи за 80% од генерациите помеѓу 14 и 19 години.
- Во здравството да се обезбедат локации или простор за давање здравствени услуги на граѓаните по нормативи согласни Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за здравствена заштита на населението.
- Во областа на социјални грижи да се создадат услови за непречено одвивање на социјалната заштита на сите категории население кои за нив имаат потреба.
- Развитокот на културата покрај општествените и материјалните погодности, условен е и со просторните можности што во наредниот развоен период ќе се обезбедуваат оптимални просторни услови за развој согласно материјалните можности на градот, општината и приватните иницијативи.

Идните потреби на градот за функции и објект од нестанбени дејности се согледуваат низ неколку елементи, од кои најбитни се:

- постојните содржини и објекти, кои се појдовна основа на градба на идните потреби
- критериуми и стандарди со кои тие ќе се развиваат
- просторна диспозиција на содржините

4.1. ЈАВНИ ОБЈЕКТИ

4.1.1. ОБРАЗОВАНИЕ

Образованието, пред се како педагошки процес на интелектуално формирање на личноста и нејзината свест, воедно ги означува и резултатите од тој процес, односно својствата на образованиот човек.

Образованието и воспитувањето взаемно се надополнуваат и меѓусебно се поврзани. Квалитетот на воспитувањето се повеќе ќе зависи од ширината и длабочината на образованието. Но исто така образованието не е само случајно стекнување на информативни или пасивни знаења. Затоа наставата мора да земе во предвид дека постојат низа на природни вонучилишни извори на образование, со кои ќе се постигне училишната работа да стане поинтересна, со непосредно доживеаното.

Севкупното образование и воспитување во Куманово се врши преку системот на општо-образовни установи - училишта за основно, средно и стручно образование. Општиот карактер на системот на образование е условен пред се од општествено-политичкиот систем како и од степенот на развиеност на општо образовните потреби и навики, системот на задолжително посетување на училиштата и од степенот на културниот развој.

Образованието се повеќе станува перманентен процес кој што се одвива во текот на целиот живот. Заради тоа од големо значење е неговото правилно димензионирање, организирање и разместување во просторот.

Според програмата на Министерството за образование неопходно е обезбедување на стандарди и површини по корисник за секој локалитет како минимум.

Идната етапа на цивилизираниот развој ќе донесе битни измени во образованието, а со тоа и во проширувањето на содржината и функциите на училиштето кое треба да биде димензионирано, организирано и разместено според тие нови содржини и функции, но за сите простори во градот спазување на планираните стандарди како минимум.

- ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Планираниот развој на основното образование се темели врз целокупната опфатеност на децата на возраст од 7 - 14 години и покриеност на просторот со овој вид на објекти, како и нивно оптимално користење во поглед на капацитетите, растојанијата до место на живеење, опременоста и др. При планирањето земено е во предвид нивното доградување, реконструкција и надградба на постојниот училишен фонд и негово прилагодување на очекуваниот број на ученици.

Определбата и педагошките препораки се образовниот систем на основното образование да се одвива во една смена, односно претпладне. Нереално би било очекувањето во планскиот период да се реализира неопходната едносменска настава за сите ученици, но значајно е да се планираат и со тоа резервираат неопходните површини за оваа намена, а динамиката на градба на новите објекти ќе зависи од вкупните општествени и стопански движења, а приоритетот во градба да добијат тие локалитети во Урбаните единици во кои е регистриран најголем дефицит на училишен простор.

Значи, елементи кои го условуваат развојот на објектите за основно образование се следните:

- целосен опфат на децата од основно училишна возраст
- воспитната функција во училиштето ќе биде со современи педагошки и нови научни сознанија
- изградба и реконструкција на објектите согласно со современите педагошки и хигиенски барања
- обезбедување на достапен бруто училишен и слободен простор според современите нормативи

Во планскиот период деца на возраст за основно образование (7-14 години) во вкупното население се предвидува да учествуваат со 12,3% односно да има околу 11090 ученика.

Програмската определба на Планот е целосна опфатеност на старосната група за основно образование, за која е потребно да се обезбеди соодветен училишен простор. При тоа потребно е да се обезбеди простор и за 264 ученици од населба "Јане Сандански", или вкупно за 11354 ученика. Постои неускладеност помеѓу постојниот број на опфатени деца во основните училишта и новопланираниот број. Ова се должи на непостоење основни училишта со паралелки од 1-8 одделение во околните населби, а тие деца наставата ја посетуваат во градот. Со изготвените урбанистички документации за нас. Иго Тричковиќ и Доброшане се предвидува изградба на основни училишта, со чија изградба децата од овие населби ќе ги растеретат училиштата во градот.

Постојните училишта во градот, според програмските определби наставата ќе ја одвиваат во една смена при тоа запазувајќи го нормативот од 7 $м^2$/ ученик корисен простор. Според тоа истите објекти ќе можат да опфатат 4005 ученика. За останатите 7349 ученика се предвидуваат 10 нови објекти. Секој од нив ќе располага со капацитет од 735 ученика. Ако се земе во предвид дека четиригодишното училиште во У.Е."Долно Којнаре"ќе се прошири и ќе стане осумгодишно училиште, тогаш во градот ќе се предвидат девет нови локации. Наставата во истите ќе се одвива само во една смена.

За новопредвидените објекти потребно е да се обезбеди корисна површина од по 5145 $м^2$ за секој објект и дворно место од околу 15 ха (20 $м^2$ дворно место по ученик) или минимум по 1 ха за секое училиште. За основно образование во Генералниот урбанистички план се обезбедени 18.98ха со што се надминува потребниот минимум од слободен простор.

- СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Се предвидува генерациите на возраст за средно образование (14-19 години) да бидат застапени со 11% од вкупното население во градот или 9918 деца и околу 1000 деца во околните населби. Вкупно градот со околните населби ќе има 10918 деца на возраст за средно образование.

Согласно определбата за 80% опфатеност на старосната група од потесното и поширокото подрачје на градот и плус 30% од нив ученици за кои се претпоставува дека ќе доаѓаат надвор од градското подрачје, со средно образование треба да бидат опфатени 8734 ученици од градот и 2620 ученици надвор од градот, или вкупно 11354 ученици.

Постојните четири објекти за средно образование ќе се користат и во наредниот период со определба и понатаму да работат во две смени. Истите е потребно да го зголемат својот капацитет, и вкупниот капацитет на постојните училишта ќе изнесува 6000 ученика. За останатите 5354 ученика е потребно да се изградат 7 нови училишта, кои ќе работат во една смена.

Капацитетот на еден објект се предвидува да изнесува 700-750 места (корисна површина по ученик мин. 7м^2/ученик или 5250 м^2) и дворно место мин.20 м^2 по ученик (околу 1,5-2,0 ха).

Вкупно за нови објекти треба да се обезбеди простор од 10,5 ха, а корисната површина треба да изнесува 37000м^2. Тоа е под претпоставка училиштата да работат во една смена. Ако се прифати определбата, во прва етапа наставата да се одвива во 2 смени, на градот ќе му бидат потребни 4 нови објекти со простор од околу 6,0 - 7,0 ха. Со ГУП за училишта за средно образование се обезбедени вкупно 16.88 ха

Вкупно градот во наредниот период се предвидува да располага со 11, односно 8 училишта за средно образование.

Сите нови објекти треба да бидат разместени на просторот кој е опфатен со Генерален урбанистички план на градот.

Немајќи конкретна програма за среднорочен развој на средното образование изработена од Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето, не се одредува во кој училишен објект кој вид на образовен центар ќе биде сместен.

4.1.2. ЗДРАВСТВО

Современата здравствена заштита се темели на сложената примена на сите придобивки на модерната медицина. Таа денес начелно се дели на превентивна и куративна здравствена заштита. Превентивната здравствена заштита има за цел да го сочува здравјето на поединецот и нацијата, преку широка лепеза на превентивни мерки. Во куративната здравствена заштита спаѓа правото на граѓаните да се служат со установите за лечење кога се болни, правото на здравствена рехабилитација од болести и повреди, право на инвалидска заштита и право на инвалидска пензија.

Здравствената заштита потребно е да го следи општото темпо на развојот на општината и градот. Основни цели и задачи на здравствената заштита се:

- спречување и сузбивање на заболувањата пред се на децата, жените и работниците од заразни, хронични и масовни заболувања
- подобрување на вкупните хигиенски услови
- подобрување на фондот на постели и подобрување на структурата на здравствените работници
- намалувањето на разликите во развиеност на основната здравствена заштита помеѓу урбана градска и рурална средина
- подобра просторна организираност во смисол на интегрирање рационалност и задоволување на потребите
- за заштита на здравјето на старите лица треба да се организираат специфични видови на заштита (сместување, исхрана, куќна нега и други лекувања, патронажни посети и сл.)

Сегашниот транзиционен период во кој се наоѓаат сите дејности меѓу кои и здравството, се карактеризира и со фазата на донесување на низа закони од областа на здравствената дејност, нејзиното преструктуирање со дефинирање на обврзувачката здравствена заштита за целокупното население, нејзиното порационално организирање и создавање на можности за развој на комплементарно приватно здравство.

Основните цели во развојот на здравствената заштита на населението во планскиот период се:

- порамномерен развој на здравствените организации на територијата на урбаното подрачје,
- подобрување на просторната организација на здравствените служби (функции, капацитети елементи) во смисол на интегрираност и рационалност во задоволување на потребите на населението,
- зголемување на фондот на постели и подобрување на структурата на здравствените работници.

При планирање на објекти од здравството согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање се предвидуваат следните нормативи:

- за определување број на лежаи се предвидува мин. 8 лежаи на 1000 жители;
- за определување на парцелата за здравствен објект се предвидува мин. 80 м^2 по лежај;
- за определување на површината на објектот, по болнички лежај се предвидува мин. 8 м^2;
- степенот на изграденост на парцелата за болнички комплекс мах. до 60 %.

Постојниот број на постелниот фонд изнесува 382 односно 4.0 болнички постели на 1000 жителипокажува дека се потребни 721 болнички постели.

Потребниот број на болнички постели за планираниот број 90168 жители изнесува вкупно 721 болничка постела односно потребно е постојниот број да се зголеми за нови 339 болнички постели.

Бидејќи големината на парцелата на здравствен објект се определува со мин. 80 м^2 по лежај тоа значи дека вкупната површина треба да изнесува 57680 м^2 односно 5.76 ха.

Ако за определување на површина на објектот се предвидува мин. 8м^2 по болничка постела тоа значи дека вкупната површина треба да изнесува 5768 м^2.

Според постојниот Просторен план на Општина Куманово нормативи за достигнување на повисоко ниво на здравствена заштита се:

- 600 односно 500 жители на еден лекар
- 2500 односно 2000 жители на еден стоматолог
- 5000 односно 4000 жители на 1 дипл. фармацеут
- 300 односно 250 жители на 1 медицински работник со средна и висока подготовка.

Со постојниот ОУП од 1986 година покрај постојните до тогаш изградени здравствени објекти се предвидуваа 8 нови здравствени амбуланти и тоа во следните Урбани единици: Бајрам Шабани, 11-ти Ноември, 11-ти Октомври, Х.Т. Карпош, Панче Пешев, Центар, Перо Чичо и Бедиње.

Во транзициониот период во кој меѓу другите се најде и здравството се создадоа можности за развој на приватното здравство.

Интензивниот развој на мрежата на здравствените организации е следен и со интензивен развој на кадровското обезбедување на здравствената дејност.

Тоа овозможи реализација на предвидените здравствени организации како приватни здравствени амбуланти со исклучок на УЕ Бедиње каде нема покриеност на таа територија со амбуланта.

Со новиот Генерален урбанистички план во некои Урбани единици се предвидуваат конкретни локации за здравствени објекти како што се УЕ Бајрам Шабани и Стари Лозја.

Здравствени објекти се планирани и во локалните центри кои се предвидени во најголем дел од Урбани единици каде би требало да бидат сместени најразлични содржини кои ќе бидат во функција на месното население.

4.1.3. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Социјалната заштита е општествена дејност која што се однесува на различни социјални групи кои опфаќаат поголем број на деца, младинци и возрасни групи на луѓе. Истата има за цел да врши активности од страна на државата, општествени организации, хуманитарни установи заради социјално

згрижување на одредени категории на граѓани погодени од социјални проблеми.

Во рамките на социјална заштита влегува:

- посебна заштита на деца и семејство
- заштита на инвалиди на трудот
- заштита на лица со телесни и душевни недостатоци
- заштита на стари и изнемоштени лица

Бидејќи дејноста социјална заштита во градот е застапена со широк спектар на форми, идните активности треба да бидат насочени кон проширување на постојните капацитети и подобрување на физичките и просторни услови кај некои од нив.

Социјалната заштита се реализира преку разни специјализирани установи:

- ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ

Детските установи, различните педагошки и социјални институции коишто се занимаваат со згрижување, воспитување и рекреација на децата во град Куманово се детските јасли и градинките, забавиштата и детските домови.

За потребите од установи за предучилишно образование зборува и големото значење на претшколското воспитување и образование во психофизичкиот развој на младата личност. Други елементи кои зборуваат за значењето на овие установи се:

- потреба од општествено влијание врз формирање и социјализација на младите
- поуспешно подготвување на децата за училиште
- се поголем степен на вработеност на жените
- неразвиени капацитети и мрежа на детски установи

Во претстојниот период се предвидува дека на возраст од 0-6 години во градот ќе има 10,2% од вкупното население, односно околу 9197 деца.

Педагошки определби се 40 - 60% од децата на оваа возраст да бидат опфатени во предучилишното воспитување.

Дистрибуцијата на планираните објекти во просторот на градот треба да биде во склад со неговата организација, односно поделбата по месни заедници, со можност да се запазат што е можно повеќе препораките максимални дистанци од станот до училишниот објект да биде приближно 400м.

Не е реално да се очекува до крајот на планерскиот период да се изградат сите планирани објекти од предучилишното образование и згрижување, но секако треба да се резервираат површини одредени за оваа намена.

Согласно програмската определба за 40% опфатеност на децата од оваа возраст во установите за грижа и предучилишните установи треба да бидат опфатени 3680 деца од градот.

Во населбите кои се наоѓаат во непосредно опкружување на градот не постојат објекти за грижа и предучилишно воспитување на децата, но со Урбанистички документации за тие населби се предвидува изградба на ваков вид на објекти, па така децата ќе бидат згрижени во истите.

За 570 деца ќе треба да се обезбеди простор во училишните установи (забавишта) сметајќи при тоа да има просечно по 1 паралелка во 19 училишта, колку се предвидува да има во наредниот период.

За останатите 3110 деца преостанува да се обезбедат комбинирани детски установи. Сметајќи на постојниот капацитет на овие установи од 804 места, а земајќи во предвид дека оптималниот капацитет на една детска установа е 150-180 места, вкупно во наредниот период ќе бидат потребни 14 нови објекти со вкупен капацитет од 2306 деца. Заради немање доволно слободен простор за градинки со поголем капацитет постои можност да се предвидува сместување на помали капацитети во склоп на колективни станбени објекти. Исто така згрижување на деца ќе се решава и по иницијатива на приватни лица во помали простори (станови, мезанини). Капацитетите на вакви градинки ќе бидат различни во зависност од потребите во одредени урбани единици. Ова особено се однесува за централно градско подрачје.

Земајќи во предвид дека на 10-15 деца во градика се потребни 1,5 вработен, а за забавиште 2 вработени на група од 25-30 ученика, за грижа на деца од 0-7 години ќе бидат вработени 380 лица.

Корисна површина на новопредвидените објекти ќе изнесува 16140 м^2, а вкупната површина предвидена за овие објекти изнесува 10.32 ха.

- ДОМ ЗА УЧЕНИЦИ

Домовите за ученици се воспитни установи за оние ученици и студенти коишто од било кои причини (најчесто поради посетување на училишта надвор од местото на живеење) не живеат во семејството. Корисниците на овие домови живеат под одредена контрола, одреден куќен ред и најчесто во истите им се обезбедува и организирана исхрана.

За потребите на учениците кои ќе доаѓаат надвор од градот, потребно е да се обезбеди интернатско сместување. Се предвидува 50% од нив да бидат сместени во интернат. Потребниот капацитет на интернатот треба да изнесува 1310 сместувачки единици. Земајќи во предвид дека постојниот капацитет изнесува 205 легла, потребно ќе биде да се обезбедат уште 1105 сместувачки единици. Корисната површина на објектот треба да изнесува 16575м^2 (15 м^2/ученик).

За предвидениот број на сместувачки капацитети ќе бидат вработени околу 32 лица, сметајќи на норматив на 40 корисници 1 вработен.

- ДОМ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Социјалната заштита на возрасни се одвива во вид на домови на возрасни лица - пензионери по било кој основ, со и без семејства. Во домот за пензионери треба да се обезбеди капацитет за прием на 2% од старосната група над 65 години или вкупно 190 места. Корисната површина треба да изнесува 2850 м^2, а земјиште 0,5 ха. Бидејќи постојниот Дом за пензионери има капацитет од само 17 семејства или 34 места, потребно е истиот да го зголеми својот капацитет за уште 34 места, а за останатите потребни сместувачки капацитети да се одреди нова локација.

Значи, потребна е изградба на нов Дом за пензионери со сместувачки капацитет од 122 легла и површина од 1830 м^2. Домот се предвидува да биде изграден во У.Е. Гоце Делчев на локацијата која е наменета за локален центар.

- ДОМ ЗА СТАРЦИ

Во оваа институција се сместени стари и изнемоштени лица за кои е потребна и постојана стручна помош од страна на специјализирани медицински лица. Овие лица се сместени со помош на општествената заедница.

За Дом за старци потребно е да се обезбеди капацитет од 3 места на 1000 жители или 3% од старосната група над 65 години. Домот треба да содржи 290 сместувачки капацитети. Корисната површина треба да изнесува 4350 м^2 (15 м^2/место) и комплекс од 8700 м^2 (30 м^2/корисник). Тоа значи дека постојниот капацитет на Домот за старци со 140 легла треба да се прошири за нови 150 што ќе значи проширување на објектот за нови 2250 м^2 корисна површина. Бидејќи постојната локација не може да се прошири заради ограниченост со околни локации, потребно е да се предвиди нова локација со 4500 м^2 и објект со површина од 2250 м^2. Истата се предвидува да биде во У.Е. Проевце покрај регулацијата на реката на локација со површина од 5690 м^2.

- ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ

Социјалната работа се состои од организирана мрежа на специјализирани советувалишта и дневни згрижувања на консументите кои имаат потреба од истите. Постојниот објект на социјална заштита според програмата на Центарот за социјални грижи потребно е да се прошири за уште 200 м^2, во кој простор ќе работи предбрачното и брачното советувалиште.

Исто така потребен е и простор за дневен престој на ретардирани деца, кој ќе се обезбеди кај објектот на старото училиште "Христијан Тодоровски Карпош".

Во склоп на дејноста социјална заштита спаѓаат и здруженија на слепи и глуви лица, кои располагаат со свој објект. Бидејќи истиот е од културно - забавен карактер заради правилно обавување на својата дејност потребно е да се прошири и надгради.

4.1.4. КУЛТУРА

За остварување на позабрзан развој на културата во планираниот период се планира постигнување на повисок степен на организираност, зголемување на степенот на искористеност на постојните културни капацитети и преку приватниот интерес за инвестирање во овие дејности.

За **библиотеката** според нормативот на 1000 жители се предвидуваат 100 м^2 што значи да постојната библиотека не ги задоволува потребите на населението.

Потребна површина за планираниот број од 90168 жители изнесува 9017 м^2.

Се предвидува во иднина да се обезбеди простор за нова библиотека во станбено-деловниот комплекс на локалитетот "Чоробенско ќоше", со тоа што постојниот простор на библиотеката со можност за проширување да се намени за детски оддел.

За **театар** се предвидува норматив на 1000 жители 20 места. Бидејќи постојниот театар располага со капацитет од 270 седишта тоа значи дека се потребни вкупно 1803 седишта односно треба да се обезбедат нови 1533 места.

За едно место се предвидува 7м^2 површина за објект што значи дека е потребна вкупна површина од 12621м^2.

Се предвидува постојниот театар во иднина да биде наменет за детски театар.

Идните потреби на градот за простор од театар ќе бидат задоволени во сала во Центар за култура на култура на која ќе бидат изведени соодветни интервенции како обезбедување на пратечки простори.

За **кино** според нормативот да на 1000 жители се предвидува минимум 50 места не ги задоволува потребите на предвидениот број на население.

За предвидениот број на жители од 90168 потребни се 4508 места за кои е потребна површина од минимум 3.0 м^2 за едно место или вкупно 13524 м^2.

Нови простори ќе се обезбедат во локалните центри како и во Бањскиот комплекс каде што може да се лоцира кино бавча.

Архивот кој е сместен во простор кој функционално и по потребен простор не одговара на намената се предвидува да се обезбеди додатен простор во самиот објект на Занаетчискиот дом.

Центар за култура бидејќи е релативно нов објект се смета да и во иднина ќе ги задоволува потребите на градот од областа на културниот живот.

Идните потреби на градот за простор од театар се смета дека ќе бидат задоволени со сала која се наоѓа во самиот објект на која ќе бидат изведени соодветни интервенции преку обезбедување на пратечки простори за потребите на сала и други содржини. На овој начин објектот се здобива со една поширока димензија и услов да прерасне во Центар за култура.

Бидејќи просторните можности на објектот во кој е сместен **музејот** не одговараат на потребите за оваа функција, поради што се предвидува да се обезбеди простор во стариот објект на Собрание на Општина.

Постојниот музеј се задржува за одредени наменски поставки.

Просторот во кој е сместена **галерија** се смета дека и во иднина ќе ги задоволува потребите на градот сетајќи и на просторот во Центарот за култура.

За објектот во кој е сместен **Дом на пионери** се предвидува дека и во иднина ќе ги задоволува потребите на градот.

Објектот на **народна техника** во кој се сместени повеќе дејности се смета дека по пат на интервенција на постојниот објект односно со надградба на истиот објект и во иднина ќе ги задоволува потребите на градот.

4.1.5. АДМИНИСТРАЦИЈА

Во проекцијата за потребите од простор за администрација потребно е да се согледа кои функции ќе се манифестираат во административно - управни дејности од пошироко значење. Во врска со тоа ќе се согледаат кои се активностите во општинските служби, судските дејности, општествено - политичките организации, стручни служби, подрачните единици и др. на кои населението ќе биде упатувано во иднина за остварување на своите потреби.

Најголем дел од овие функции сега се во централното градско подрачје, а исто така и во иднина ќе останат тука. Така во центарот се повеќе простор ќе се отстапува на овие функции за сметка на домувањето.

Точниот број на сите вработени во пооделни служби не може да се даде заради специфичноста на секоја дејност и програмата што ја имаат во однос на бројот на вработените.

-органи на власта и управата - Тука спаѓаат собраниските служби на локалната самоуправа кои сега се сместени во неадекватни простории на старата собраниска зграда на ул. "11 ТИ Октомври". Се предвидува овие служби да се сместат во собраниската зграда на ул. "Гоце Делчев" каде што и сега се сместени дел од собраниските служби. Со доградување на катот се добива површина од околу 2200 м^2 бруто површина која ги задоволува сосема потребите од простор за вработените според норматив од 12 м^2 за секој вработен.

-подрачни единици на Министерства - Пооделните подрачни единици на одделни ресорни Министерства се сместени во центарот на градот но во различни објекти. Заради поефикасно работење на истите во однос на странките се предвидува да бидат сместени на едно место и тоа во поранешната зграда на општествено политичките организации која сега е издадена на повеќе приватни организации.

За искажување на квантитативните показатели служи нормативот за вработеност кој претставува потребен број на вработени во органите на власта и управата и истиот изнесува 9 вработени/ 1000 жители..

-правосудство - Целокупното правосудство е сместено во еден објект. Со ослободување на последниот кат каде што се сега П.Е. на Министерството за урбанизам и Водостопанство, ќе се добие простор со кои ќе се задоволат одреден дел од потребите. Сметајќи дека се потребни 4,5 вработени на 1000 жители, во правосудството ќе бидат вработени околу 400 службеници.

-банки - Најголемата банка во градот, Комерцијално-инвестициона банка останува на својата локација со можност за отварање на експозитури во Месните заедници. Локации за истите се предвидуваат во локалните центри. Останатите банки своите седишта ги имаат сместено во Централното градско подрачје и истите ги задоволуваат потребите.

-пошта и телекомуникации - Главната пошта во градот е современа и ги задоволува потребните стандарди. Реонски пошти ќе бидат разместени во локалните центри на Урбаните единици во зависност од потребите на поштата и телекомуникациите. Потребната површина на комплексите ќе изнесува од 0.025 - 0.5 ха, а бруто развиена градежна површина од 500 -2500 м^2.

-останати административни функции - Останатите дејност од областа на администрацијата своите просторни потреби ќе ги задоволуваат на своите постојни локации со реална можност од проширување, или пак нов простор кој ќе се обезбеди во деловните простори што се предвидуваат во центарот на градот во станбено-деловни или исклучиво деловни објекти.

4.2. КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ

Развојот на комерцијалните функции се базира на сегашното ниво на развој, факторите и целите за развој и вкупниот општествено-економски и стопански развој на градот во планираниот период. Развојот на комерцијалниот сектор не зависи само од нивото и динамиката на материјалното производство туку и од степенот на урбанизираноста, од сообраќајната поврзаност, од висината на животниот стандард и други фактори.

Објективната тенденција што може да се очекува во наредниот период се изразува како прогресивен раст на овие дејности во однос на останатите стопански сектори и активности. Ова не е само заради досегашното релативно заостанување на истите, туку и затоа што тие се предуслов на општиот прогрес, на интензивниот општостопански развој како и на адекватното ниво на животниот стандард на населението.

Тенденциите што се очекуваат во наредниот период мора да бидат почитувани при планирањето на развојот на комерцијалните функции и тоа особено кога е во прашање нивното димензионирање, разместеност, организираност и други компоненти со кои се постигнува нивната оптималност.

4.2.1. ТРГОВИЈА

Трговијата како дејност претставува мерило на достигнатиот степен на развиеност на градот. Со порастот на куповната моќ на населението ќе настанат и значајни измени во навиките на потрошувачите и нивни барања за проширување на асортиманот на стоките кои треба да бидат задоволени на адекватен начин. Се поголема е потребата од приближување на продажниот простор до место на живеење заради скратување на време поминато во набавка на потребни артикли за секојдневна потрошувачка. Но во исто време се наметнува потреба од отварање на големи продажни центри со разновидна стока во кои ќе се врши неделна набавка на стока во поголеми количини и по прикладни цени. Ова оди во прилог на се поголемата зафатеност на населението и немање време за секојдневно пазарење во специјализирани продавници за одреден вид на производи.

При проекција на развојот на трговијата ќе се пејде од следните поставки:

- развојот на трговијата ќе го следи севкупниот развој на стопанството
- Куманово претставува центар на општината
- развојот на трговијата треба да се одвива со побрзо темпо во однос на пораст на населението
- подобрување на организацијата, опременост и ефикасност на трговијата
- рамномерна распространетост на малопродажни капацитети
- обезбедување локации за поголеми продажни центри
- предвидување простори за пазари

При одредување на концепцијата на развојот на оваа дејност во идниот период потребно е да се одредат следните параметри:

-вкупно потребен трговски простор

-вкупен број вработени

- ОЧЕКУВАН ОПШТЕСТВЕН ПРОИЗВОД И ДИНАМИКА

При определувањето на динамиката на развојот на трговијата се зема во предвид искуството од развојот и карактеристиките на трговијата на развиените Европски земји кој се дефинира преку: зголемување на бројот на мали и средни претпријатија, концентрација на капиталот со создавање на јаки трговски мрежи и намалување на трговските претпријатија на големо, нивна специјализација со современ начин на работење.

Се очекува, преку овој однос на структурно дефинирање во трговската дејност да се оствари општествен производ до 2012 година од околу 18%.

- ПОТРЕБНИ КАПАЦИТЕТИ, КВАНТУМ, СТРУКТУРА И ВИДОВИ

За утврдување на потребниот простор за обезбедување на трговската дејност се земаат искуствени норми при дефинирањето на резервацијата на просторот од урбанистички аспект и обезбедување на нормално одвивање на љуи дејноста со сите специфичности.

При дефинирањето на потребниот простор за трговијата се поаѓа од основните три типа на продажен простор за кои се земаат следните нормативи:

1. **Основен тип** - лоциран е во секоја станбена единица, стандарден норматив е 140 м^2 / 1000 жители

Вкупна корисна површина: 90168 жители х 140 м^2/1000ж = 12623 м^2

2. **Локален тип** - лоциран е во услужните центри, а стандарден норматив е 55 м^2/1000 жители

Вкупна корисна површина: 90168 жители х 55 м^2/1000 ж = 4960 м^2

3. **Централен тип** - лоциран е во поголемите локални центри, реонски центри и градски центри, а стандарден норматив е 315 м^2 /1000 жители

Вкупна корисна површина: 90168 жители х 315 м^2/1000 ж = 28403 м^2

Целокупната потребна површина од продажен простор изнесува:

12623 м^2 + 4960 м^2 + 28403 м^2 = 45986 м^2

Се предвидува 25% од површината на дуќаните да бидат вклучени во приземјата на другите објекти или:

45986 м^2 х 25% = 11496 м^2

За останатата површина од 34490 м^2 потребно е да се обезбеди соодветно земјиште. Потребниот простор изнесува:

34490 м^2 х 2,3 = 79327 м^2

-Магацински простор - според однос 1:1 (продажен : магацински простор), вкупно потребен магацински простор изнесува 45986 м^2.

Пазари - Бидејќи сегашниот пазар не ги задоволува потребите на градот потребно е да се обезбедат нови површини за отворени пазари за продажба на овошје, зеленчук и други земјоделски производи. За одредување на потребната површина ќе се примени нормативот 1м^2 по жител. Во одредени населби ќе се предвидат реонски пазари заради поголемите растојанија меѓу одделни делови на градот, а помали површини можат да се предвидат и во локалните центри. Радиус на опслужување изнесува до 1100м, а површината на комплексите од 1,0 - 1,5 ха. Вкупно потребна површина изнесува:

90168жители х 1м^2/жител = 90168 м^2

Локацијата на сточниот пазар ги задоволува потребните нормативи, така да за истиот не е потребно да се предвидува нова површина. Со зголемување на бројот на жители во градот се наметнува потреба од кванташки пазар кој се предвидува да се лоцира кај сточниотпазар.

- ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

Досегашната изграденост на трговските капацитети, посебно нивната функционалност, укажува на преголема застапеност на класичните продавници од основен тип, што во наредниот период во услови на пазарно работење ќе се насочува пред се во продажен простор од централен тип и по тој процес се очекува соодветна порамномерна реонизација усогласена со потребите на граѓаните, како основен релевантен фактор кој ќе ја потврдува или негира дадената поставеност, од аспект на функционалноста на трговските капацитети во предметниот простор.

При просторната дистрибуција на трговската дејност потребно е просторот од основниот тип и 50% од локалниот тип на трговската мрежа да се планира во склоп на станбените единици, а останатите 50% од локален и централен тип да се планира во соодветен простор како засебна целина.

Распоред на вкупната коририсна површина према претходните показатели е следниот:

1. Во центарот на станбените единици

- од основен тип.....12623 м^2
- 50% од локален тип.....2480 м^2

вкупно 15103 м^2

2. Во градски центар

- 50% од локален тип.....2480 м^2
- централен тип.....28403 м^2

вкупно 30883 м^2

- ВРАБОТУВАЊЕ

Поаѓајќи од искуството на развиените земји реално е да се очекува учеството на трговијата во вкупната вработеност да се зголемува и на крајот на планскиот период да достигне од 12 - 14%.

Во трговијата, 30% од вработените би биле ангажирани во трговијата на големо и надворешната трговија, а 70% во трговијата на мало.

Согледувајќи ги постојните показатели се доаѓа до констатација дека најголем број на вработени лица и регистрирани правни субјекти има во трговијата на мало 77.4%, 22% се во трговија на големо, а само 0.6% во надворешната трговија. Не може да се даде согледување на идното процентуално учество на правните субјекти во пооделни дејности (трговија на мало, трговија на големо и надворешна трговија).

Димензионирање на вкупниот број на вработени е според нормативот 30 м^2 на еден продавач.

45986 м^2 : 30 м^2/ вработен = 1533 продавачи

4.2.2. ДЕЛОВНИ СОДРЖИНИ

Во ова категорија на објекти спаѓаат сите оние објекти кои населението ги користи за разни деловни намени: трговија на големо, услужни дејности, занаетчиство.

Развојот на занаетчиството и останатите дејности од аспект на деловни намени досега бил условен од општествено-економскиот и со стопанскиот развој на градот. Но можеме да кажеме дека оваа дејност недоволно го следеше развојот на стопанството.

Основна карактеристика на досегашната развиеност на занаетчиството во општествениот сектор е големата раситнетост, слаба акумулативност и неповрзаност, мал број вработени. Присатен е и проблемот на дефицитарност од површини за деловен простор, недоволна доходовна основа како и недоволна техничка опременост и кадровска екипираност. Многу малку инвестициони кредити се давани за развој на занаетчиството, што говори дека на оваа дејност не е обрнато потребно внимание и соодветен третман. Друга карактеристика е и неповолната и нерамномерната застапеност на занаетчиските капацитети. Недостигот на деловен простор, како и расположивиот простор кој не ги исполнува условите за работа според усвоените нормативи се кочница за развој на оваа дејност.

Потребата од натамошен развој на занаетчиството, како неразделна компонента на вкупното стопанство во градот, во наредниот период ќе биде се поголема. Остварување на идните развојни можности и планирањето се детерминирани од одредени цели и фактори како што се:

- обезбедување локации и деловен простор
- обезбедување репродукциони материјали, резервни делови и алат
- обезбедување кредити за изградба, реконструкција, модернизација
- обезбедување адекватни услови за работење
- висина на животен стандард
- традиции и навики на потрошувачите
- остварен степен на урбанизација

Во наредниот период покрај новите локалитети за развој на занаетчиството треба да се предвидуваат и локалитети за замена на оние кои ќе бидат срушени со реализација на урбанистичките планови како и на оние кои треба да се рушат поради неисполнување на минимални услови за работа. Дистрибуција на занаетчиството треба да се усмери на оние делови од градот каде што оваа дејност е дефицитарна.

Во наредниот период занаетчиството ќе забележи интензивен развој во рамките на неговите сектори (производно, градежно и услужно занаетчиство). Со оглед дека услужното занаетчиство досега највеќе е развиено, во идниот период се очекува поголем пораст на производното занаетчиство. Во прилог на ова говори и развојот на т.н. мало стопанство што ќе придонесе за потреба од пратечко производство во мали количини. Но секако промени се очекуваат и во услужното занаетчиство со зголемување на бројот на разни сервиси како и нивна опременост.

За квалитативна измена во градежното занаетчиство ќе допринесе специјализацијата на градежно-монтажни, градежно-услужни организациии како што се фасадерски, молерски, браварски, инсталатерски и други.

При одредување на потребите од простор во идното планирање се поаѓа од неколку претпоставки кои се темелат на теоретски истражувања и сл.

- стандардот на производно занаетчиство изнесува 12 -15 вработени /1000 жители
- бројот на вработени во услужно занаетчиство е различит и се движи

-45 вработени/10000 жители кај личните услуги
-22.5 вработени/10000 жители кај услуги во домаќинство
-4.5 вработени/10000 жители кај сообраќај
-3.5 вработени/10000 жители за останати услужни дејности

За да се одреди потребниот простор, дуќаните се поделени според типот и локацијата .

1.Основен тип - лоциран во секоја станбена единица, со стандарден норматив 100м^2/ 1000 жители.

Вкупна потребна површина: 90168ж x 100м^2/1000ж = 9017 м^2

2.Локален тип - лоциран во локалните центри, со норматив 95 м^2/1000 жители.

Вкупна потребна површина: 90168ж x 95м^2/1000ж = 8566 м^2

3.Централен тип - лоциран во реонските и поголемите локални центри, со стандарден норматив од 105м^2/1000 жители. Од ова 70 м^2/1000ж ќе бидат обезбедени во центарот, а 35 м^2/1000 ж во реонски центри.

Вкупна потребна површина: 90168ж x 105м^2/1000ж = 9468 м^2

Целокупната потребна површина од занаетчиски дуќани изнесува:

9017 м^2 + 8566м^2 + 9468 м^2 = 27051 м^2

Се предвидува 25% од површината на дуќаните да бидат вклучени во приземјата на другите објекти или:

27051 м^2 x 25% = 6763м^2

За останатата површина од 20288 м^2 потребно е да се обезбеди соодветно земјиште. Потребниот простор изнесува:

20288 м^2 x 2.3 = 46662 м^2

4.2.3. УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ

Досегашниот развој на угостителството не ја следеше динамиката на развојот на градот Куманово, што доведе до диспропорции помеѓу потребите и можностите на објектите за исхрана, за разонода и за сместување на домашни и на странски посетители.

Основни проблеми на угостителството во Куманово се недоволниот развој на угостителската мрежа на објекти од повисок ранг, со мала корисна површина.

Туризмот како стопанска дејност има значајно влијание врз зголемувањето на вработеноста, проблем кој во овој период е многу актуелен. Тој аспект, односно погодноста на туризмот да ангажира достатен број работна сила, влегува во редот на поважните мотиви за формирање на туристичкиот развој во градот и општината. Во наредниот период градот во значителна мера ќе ги валоризира своите туристички потенцијали и ќе се здобие со значителен квантум и структура на понудата. Битно е и тоа дека ќе се активираат голем број туристички и угостителски простории кои ќе овозможат разновидност и интензивирање на прометот во целина.

За предвидување на потребните капацитети потребно е да се согледаат следниве елементи:

- движења во туристичката побарувачка
- очекуваните видови туристички промет
- остварени досегашни резултати

Глобалните согледувања на побарувачката укажуваат на тоа дека во овој простор не може да се очекува клиентела од висока категорија која е реткост и во самата Република, како и во поголемиот дел од туристичките простори во Републиката. Од планските согледувања се забележува поизразита побарувачка на основните капацитети во кои спаѓаат хотелските и другите комерцијални објекти, во однос на комплементарните во кои спаѓаат одмаралишта, приватно сместување и слично. Степенот на користење претставува битен фактор при проекција на вкупните сместувачки капацитети. Врз основа на туристичкиот промет во градот и согледивата побарувачка, реална е претпоставката дека основните капацитети ќе се користат просечно по 120-150 дена годишно (околу 30-40% од максималниот капацитет). Претпоставениот степен ќе биде можен затоа што деловниот и бањскиот туризам објективно можат да имаат долга сезона на користење на капацитетите.

Во наредниот период потрбно е да се даде акцент на изградба на угостителски објекти од повисока категорија, кои би можеле да се користат од страна на многуте деловни гости кои ќе ги има се почесто во градот. Во центарот на градот постојниот хотел ќе го зголеми својот капацитет, но потребна е изградба на нов хотел.

Во бањскиот комплекс има можност за изградба на поголем комплекс од повеќе функции од оваа дејност, како што се: одмаралиште за пензионери, кампинг со бунгалови, зголемен број на сместувачки капацитети во постојниот хотел, ресторани, спортски објекти и друго.

Според нормативот за одредување на потребен број места во угостителски објекти на градот му се потребни

90168жители x 60места/1000жители = 5410места

5410места x 4м^2/место = 21640м^2

Во ова прогнозирање се дадени показатели според нормативите, но точниот број на реализирани места не може да се претпостави поради се почести отварања на нови кафулиња, бифеа, а затварање на постојни.

Број на потребни хотелски капацитети во градот за деловен туризам изнесува

90168жители x 6легла/1000жител = 541легло

541легло x 40м^2/легло = 21640м^2

Од потребните 541 легло, во градот се предвидува да се обезбедат 241 легло а во бањскиот комплекс 300 легла.

Во бањскиот комплекс потребно е да се обезбедат вкупно 500 легла за потребите на бањскиот туризам, од кои 300 легла ќе бидат за основни капацитети, а 200 легла за комплементарни капацитети (одмаралиште за пензионери)

Ова значи дека вкупниот број сместувачки капацитети во градот ќе изнесува:

туристички локалитети	**број на легла**		**вид на туристички промет**
	основни капацитети	**комплементарни капацитети**	
Куманово - град	241		деловен, транзитен, екскурзионен
Бањски комплекс	300	200	здравствено-одморалишен, излетнички
Вкупно	541	200	

4.3. СИСТЕМ НА ЦЕНТРИ

Во рамките на определбата за равномерен развој на градот неопходно беше да и со овој плански документ се нагласи потребата за можна децентрализација на јавните функции преку систем на центри. Досегашниот демографски, економски и просторен развој на градот како и искористеноста на градскиот центар кој вршеше основна функција во изминатиот период на моноцентричен развој на градот, сега е се понагласена потребата од понагласен развој на поголемите локални центри и дооформувањето на пропратните содржини во Урбаните единици.

Досегашните анализи укажуваат да и просторот на градскиот центар станува преоптеретен со функции што ја отежнува можноста за обезбедување пропратни паркирни простори и нагласен број на движења од местото на

домување до местото на задоволување на потребите од содржините во центарот кои се одвиваат во попладневните и вечерните часови.

За оптимализирање на односот на сообраќајот и намената на содржините се дефинира концепт на развој на системот на центри сообразен со просторната разместеност на населението, работните места и просторите за спорт и рекреација.

А. Градски центар

Главниот градски центар ги опфаќа просторите во центарот на градот и е потребно да биде финансиски рентабилен и со своите содржини да обезбеди покрај задоволување на потребите на населението кое живее во него или гравитира кон него и за потребите на населението од градот и регионот. Овој центар пред се има функции од градско значење, регионално и во помал дел од локално значење, заради што во рамките на неговиот простор се лоцираат специјалните видови на потрошувачка (околу 50% од вкупните потреби на периодичната потрошувачка и околу 10 - 20% потреби од секојдневната потрошувачка).

На основа извршените анализи и цели на планот воспоставени се следните критериуми:

- Да се сочуваат вредностите на градското јадро со значајни општествени и културно - историски вредности, а создавање на нови да се реализира на основа програмските содржини за потребата од нови неопходни содржини за задоволување на потребите на населението.
- Планот на центарот неоходно е да биде отворен во просторно - организациона смисла, односно да овозможи континуитет во просторот како одраз на времето на негово надградување и неопходни реконструкции и обнови.
- Етапноста во оформување на централното подрачје на градот треба да овозможи како зголемување на неговите квантитативни карактеристики, исто така нагласок треба да се даде и на квалитативната надградба од повеќе аспекти: еколошка, обликовна, урбо - економска, урбо - социјална и сл.

Со динамиката на реализација на централното подрачје се менуваат и неговите просторни и функционални карактеристики заради кое непходно е да се обезбедат и почитуваат трите временски хоризонти во планските документи:

долгорочен - со степен на просторна отвореност на планот како би можел да ги акцептира новопојавените потреби на корисниците, согласно критериумите и стандардите на времето во кое тие ќе се појават

среднорочен - реализацијата би била во рамките на планскиот период

акутни реализации во смисол на етапност на реализација на планот

Сообраќајниот концепт за центарот на градот овозможува задржување на традиционалните пешачки токови и жариште со периферно водење на колските сообраќајни токови кои во основа го тангираат центарот. Овој

пристап централното подрачје максимално го растеретува од транзитни колски токови и овозможува поголеми паркирни површини со неопходните пристапи до нив и до останатите содржини на центарот.

Од обликовен аспект овој урбан модел на центарот ќе овозможи во просторот на пешачките движења повеќе зеленило и дрвореди, адекватна урбана опрема со што ќе ја надополни сликата и ликот на градот, со почитување на постојните и формирање на нови амбиенти и симболи карактеристични за центарот на град Куманово.

Основни содржини на центарот се: домување во мешовит систем на градба со доминација на домување во заеднички станбени структури, а од јавните функции застапени се објекти од областа на културата, управа, администрација, трговија, угостителство, дел од амбиенталната архитектура, културен центар, собрание, суд и други.

До сите содржини на јавните функции сообраќајниот концепт воглавно овозможува пристапи со соодветни паркирни простори.

Б. Локални центри

Моделот на развојот на централните содржини во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање, овозможува вон урбаниот профил на собирните улици лоцирање на дел од содржините на Урбаните единици со преднос на трговските, комерцијалните и угостителски содржини. Новите тенденции и искуства во урбаното планирање укажуваат на потребата од враќање на соодветните површини во уличните профили со нагласени пешачки движења, бидејќи на тој начин тие ги опслужуваат не само жителите на Урбаната единица во која се лоцирани, но и останатите граѓани кои ја користат таа комуникација како пешачка или колска. Со овој пристап просторите на Урбаните единици стануваат отворени простори за целиот град - општеградски простори, а не само простори на Урбаните единици - станбени единици (спални) на градот.

Урбаниот модел на пропратните содржини во центарот на Урбаната единица воглавно се избегнува, а сеуште е актуелен во однос на лоцирање на образовните институции, социјалните установи, здравството, култура и други јавни функции. Во ова време на брзо темпо на живеење сеуште има потреба од обезбедување простори каде ќе има собирање на населението, а особено младите, каде што покрај задоволување на потребите од трговија, здравство или слично ќе можат луѓето и да се релаксираат со меѓусебно дружење.

Локални центри се застапени во зоните каде е претежно застапено домување како би можело за одредени функции да се обезбедат адекватни простори. Конкретна намена на содржините во секој локален центар поединечно ќе се одреди со урбанистички проект врз основа на проектната програма. Во овој простор се предвидува да бидат сместени најразлични содржини кои ќе бидат во функција на месното население како што се угостителство, трговија, администрација, здравство, како и останати нестанбени содржини.

Реализацијата на новите објекти во рамките на комплексите се врши со соодветно прилагодување на постојните состојби со потребите, при што е потребно обезбедување на следните услови:

- објектите можат да бидат деловни или мешовити
- на најфреквентните места на комуникациоиите правци (пешачки или колски) објектите во приземјето пожелно е да имаат висококомуникативни содржини како што се: трговија, угостителство, агенции, експозитури и сл.
- за секоја коловозна содржина во границите на локацијата да се определат соодветни паркирни места
- во комплексот на локалниот центар да се обезбеди простор за пешачки содржини збогатени со потребни елементи и зеленило

4.4. КОМУНАЛНИ СОДРЖИНИ

4.4.1. ПАЗАРИ

Според Законот за просторно и урбанистичко планирање а во тие рамки и Правилникот за стандарди и нормативи за планирање за определување површина за пазар се применува норматив 1м^2 по жител.

Во урбаното подрачјето на Куманово се планираат 5 локации за пазари од кои две локации се однесуваат на постоен градски зелен пазар и на добиточниот пазар

Постојната положба на градскиот зелен пазар со површина од 7251 м^2 не ги задоволува потребите на населението, како од просторен така и од функционален аспект, па затоа е потребно е да се обезбедат нови површини за отворени пазари за продажба на овошје, зеленчук и други земјоделски производи. За одредување на потребната површина ќе се примени нормативот 1м^2 по жител. Во одредени населби ќе се предвидат реонски пазари заради поголемите растојанија меѓу одделни делови на градот, а помали површини можат да се предвидат и во локалните центри. Радиус на опслужување изнесува до 1100м, а површината на комплексите од 1,0 - 1,5 ха. Вкупно потребна површина изнесува:

90168жители x 1м^2/жител = 90168 м^2

Урбана единица Долно Којнаре се задржува локацијата на добиточен пазар со површина од 3.0 ха. а со оглед на недоволната искористеност на локацијата има простор и за кванташки пазар.

Од новите локации кои се планираат еден од тие простори е локација која се наоѓа помеѓу улица "Ѓорче Петров", Кумановска река и железничка пруга со површина од 33688м^2. Втората локација се предвидува во Урбана единица Стари лозја со површина од 5431 м^2.

4.4.2. ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА

Во Куманово постои една територијална противпожарна единица лоцирана во близина на автопат Скопје-Белград. Ваквата просторна распореденост на станицата не го покрива во доволна мерка градот.

Денеска градот располага со 5 специјални возила опремени за брза и ефикасна интервенција 38 вработени.

Врз основа на Законот за заштита од пожари на 3000 жители доаѓа најмалку еден пожарникар. Територијална противпожарна единица со над 16 пожарникари на секои нови 8 пожарникари требарасполага со уште едно противпожарно возило.

Со оглед да просторот кој го покрива оваа територијална противпожарна единица е доста голем и се однесува на територијата на општина Куманово и новоформираните општини Старо Нагоричане, Клечевце, Орашец и Липково во планскиот период ќе треба да има 42 пожарникари и 10 пожарникарски возила.

4.5. ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

4.5.1. ЗОНА НА ЗЕЛЕНИЛО

Во градот недостигот на зеленило ќе се надоместува со планските поставки во просторната организација со зелени спортско-рекреативни појаси покрај реките, со зелени заштитни зони покрај автопатот, магистрален пат, регионален пат и железничката пруга, со планирање на дрвореди во урбаниот профил на сообраќајниците, и сл.

Во урбаното подрачје на градот планирани се следните зелени површини:

- парковско зеленило
- зеленило како заштитни коридори
- рекреативно зеленило

Во период до 2012 година можат да се обезбедат површини под зеленило со вкупна површина од 314.10 ха или 34.83 $м^2$/жител.

За создавање и за унапредување на еколошка здрава животна средина на градот, концептот на идниот развој на системот на зеленилото во градскиот простор се обусловува со создавање на единствен целосен вегетациски систем во рамките на просторите град-регион.

За организацијата и за развојот на ваквиот систем на целосна заштита на животната средина, земени се предвид следните основни појави и процеси, присутни во градот:

- влијанието на луѓето врз животната средина, особено во современите услови на живеење, кога миграционите движења на релација село-град сеуште се манифестираат во мошне големи и динамични размери. Во оваа смисла постојните текови на живеење се обременуваат со негативни последици во однос на вредностите на животната средина и условите за живеење во неа:

- присутно е екстензивно користење на просторот од одделни субјекти и потребата од рационално и хумано уредување на животната средина од страна на државата;

- просторните структури во контекстот на заштита на животната средина (планирање на и изградба на големи и мали вегетациски системи) не смеат да се формираат како спонтана или интуитивна последица на локалната политика "на потребите и на инвестициите". Ваквите парцијални критериуми, понекогаш присутни во практиката создаваат големи тешкотии во развојот на концептот на континуиран и единствен вегетациски функционален систем во градски размери. Ваквиот систем ќе обезбеди мошне поволни ефекти за подобрување на низа неповолни еколошки фактори во градот.

Зеленилото на градот го сочинуваат поголемите зелени комплекси на градските паркови, станбено-блоковското зеленило, линеарното зеленило покрај главните сообраќајници и системот на дрвореди.

Кумановска Река како и нејзините две притоки, Војнарска Река и Липковска Река кои се делумно вткаени во градското ткиво и кои со планот се предвидува да се регулираат, со формирање на зелени површини во вид на линеарно крајбрежно зеленило треба да претставуваат основа која ќе допринесе за подобрување и збогатување на квалитетот на животната средина.

Заштитните појаси кои се предвидуваат долж сообраќајници кои што минуваат низ територија на урбаното подрачје, како што се автопат, магистрален пат и регионален пат, се од големо значење за поволниот развој и унапредување на биолошката рамнотежа како во градот така и во непосредната околина.

Во очекување на интензивна урбанизација на Куманово во планираниот период зеленилото добива исклучително значење во смисла на преземање на основната функција за воспоставување на природната рамнотежа во иднина а воедно ќе претставува и извор на рекреација и одмор на човекот кој се повеќе се оддалечува од првобитни природни услови на егзистенција.

Основни причини за релативно малата реализација на планираните површини наменети за зеленило од претходниот ОУП се следниве:

1. голем дел од површините наменети за озеленување не се приведени на својата намена и
2. голем дел од површините наменети за зеленило се пренаменети за други функции како организирани површини или површини под дива станбена градба.

Во системот на понатамошната реализација на основното градско зеленило треба да се има предвид дека таа треба да задоволи две основни функции кои не смеат да бидат занемарени.

Првата функција се однесува на тоа создадената зелена рамка да биде во кореспондентност со микроклиматот во средината во која се изградува зеленилото создавајќи најповолни услови за активно и пасивно користење на овие површини.

Втората функција се однесува на рамномерниот распоред на сите видови зеленила во урбаното подрачје и нивна взаемна поврзаност.

4.5.2. БАЊСКИ КОМПЛЕКС

На источниот дел на градот се наоѓа локалитетот Кумановска Бања, кој претставува посебен хидрографски објект и вреден туристички простор. Според досегашните истражувања термоминералните води на овој локалитет имаат широк спектар на лековити својства, што дава можност за подигање и оформување на современ бањско - лечилишен центар. Со оглед на местоположбата на терминалните извори, во парковски комплекс и покрај Кумановска Река, согледани се можности за обавување на други комплементарни активности и создавање комплексен бањско - рекреативен и туристички центар.

Просторот предвиден како бањски комплекс на површина од 17.70 ха се предвидува како бањско - рекреативен и туристички центар од пошироко регионално и републичко значење. Целиот комплекс се предвидува да содржи:

- хотелски капацитет од 300 легла
- одмаралиште за пензионери со капацитет од 200 легла
- затворен базен и зголемување на број на отворени базени
- авто камп со бунгалови
- спортски терени
- угостителски објекти
- кино - бавча
- здравствен објект

Со реализација на предвидените содржини ќе се оформи сериозна туристичка понуда, со што би се овозможила валоризација на значајните балнеолошки потенцијали на Кумановската Бања.

4.5.3. СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Развојот на физичката култура, спортот и рекреацијата, како предуслов за одржување на здравјето на населението и зголемување на работната способност, ќе се одвива во рамките на следните цели и задачи :

- обезбедување на простори, капацитети и објекти за оваа намена, како и проширување на мрежата на објектите
- постигнување на подобра организираност во спроведувањето и унапредувањето на спортот и физичката култура
- работа врз измена на наставните планови и програми.

Постојат различни видови на рекреативни активности што бараат различни форми на просторна организација:

- во однос на време: секојдневни, неделни и сезонски
- во однос на место: во зони за домување и надвор од нив
- во однос на нивната природа: постојани и излетнички.

Во определувањето на претпоставката за развиток на рекреативна активност треба да се земат предвид следните фактори:

- промени во економска и демографска структура на населението. како резултат на настанатите промени
- зголемување на слободното време
- развиток на сообраќајни средства
- усвојување на нови форми на рекреација.

Површините и објектите наменети за физичката култура и спортот се лоцирани почнувајќи од просторите на месните заедници, во дворните места на училиштата, а во најголем дел се лоцирани во површините наменети за таа намена.

Терените и објектите за физичка култура и спорт се планираат на површина од 23.31 ха или 2.58 м^2/жител.

Постојниот стадион со површина од 3.26 ха ќе остане како градски до реализација на градскиот-спортско рекреативен центар.

Градскиот спортско рекреативен центар зафаќа површина од 9.13 ха со следни содржини:

- стадион
- спортска сала
- затворен пливачки базен
- игралишта за кошарка, одбојка и ракомет
- тениски игралишта
- детски игралишта за деца од определена возрасна категорија
- слободни површини за спортско-рекреативни активности.

Согласно нормативот кој се однесува за комплекс на спортски центар со површина од 5.0-8.0 ха односно од 0.5-0.8 м^2/жители,површината на градскиот -спортско рекреативен центар од 9.13 ха или 1.02 м^2/жит. се смета за поволна и задоволувачка.

Во прилог на оваа констатација е и фактот што спортско-рекреативниот центар е во непосредна близина до Кумановска река каде долж нејзино течение се предвидуваат рекреативни зелени површини со што се создава една комплетна површина за спорт и рекреација на населението.

За успешна изградба на планираните повшини, наменети за масовно и организирано натпреварувачко спортување во планскиот период до 2012 година, треба до крај да се респектираат следниве претпоставки:

- површините предвидени за развој на сите видови спортски активности да не се пренаменуваат за други градски функции;

- површините предвидени за сите видови спортови во појдовнатс фаза на реализација треба да се озеленат со создавање и со одржување на тревните површини кои можат да се користат за импровизирано спортување додека во текот на планерскиот период неотпочне конкретната реализација на секоја спортска површина одделно. Оградувањето на овие површини е исто така корисна ограничувачка мерка за безбедно чување и користење на овие површини од секаков вид непожелни интервенции.

4.6. ОСТАНАТИ ЗОНИ

4.6.1. СПЕЦИЈАЛНА НАМЕНА

На западната страна на градот, во т.н. индустриска зона се наоѓаат и две локации за специјална намена со вкупна површина од 37.82ха, што претставува 2.0% од вкупната површина на градот.

4.6.2. . СООБРАЌАЈНИ СОДРЖИНИ

Во централното градско подрачје се наоѓа автобуската станица за меѓуградски и локални автобуски линии. Истата располага со доволен број перони, па затоа нејзината локација се задржува, но со потреба од изградба на нова современа станична зграда. Во близина на самата станица постои и паркинг простор за десетина автобуси, кој е во функција на самата автобуска станица.

На западниот дел на градот покрај индустриската зона поминува меѓународната железничка пруга, која се дели на два правца - за Р.Србија и за Р. Бугарија. Таму се предвидува да остане на истата локација и железничката станица со изградба на потребни пропратни содржини.

Системот за паркирање во Куманово е на незадоволително ниво, истото во најголем број случаи се одвива покрај тротоари. Постојат мал број уредени паркинг простори. Се наметнува потреба од изградба на гаражни куќи во потесното централно градско подрачје, па затоа се предвидува изградба на две гаражни куќи и тоа на локација во близина на постојниот зелен пазар и зад "Стоковната куќа". Овие две локации највеќе одговараат од аспект на врекфентност на граѓаните во центарот на градот и на зелениот пазар.

Во Куманово се предвидува изградба на бензински пумпи на локалитети за кои посебно ќе се работат урбанистички проекти. Во градот сега постојат 8 бензински пумпи од кои две се во градот, едната е покрај автопатот, четири се во индустриската зона, една на регионален пат Куманово-Свети Николе, како и интерни бензински станици на одделни претпријатија.

4.6.3. ВЕРСКИ СОДРЖИНИ

Гробишта

Во границите на урбано подрачје се планираат две локации за гробишта со вкупна површина од 37.0 ха.Една локација се однесува на православните гробишта со површина од 30.28 ха. и претставува проширување на постојните гробишта.Втората локација е наменета за муслиманските гробишта и е со површина од 6.72 ха.За одредување на потребна големина се предлага потребната стандардна површина од 0.4 ха на 1000 жители за период од 100 години.Потребниот број на гробни места е функција на број на жители, процент на смртност и усвоениот рок на почивање - турнус.

Потребна површина за гробишта изнесува околу 36.06ха за предвидениот број на жители 90168.

Верски објекти

На територијата на урбаното подрачје се наоѓаат следните постојни верски објекти:

Во Централно градско подрачје се наоѓаат Црква Св. Никола, Црква Св. Троица и ЏамијаЕски,

Во Урбана единица Бедиње - Црква Св. Петка

Во Урбана единица 3-та МУБ - Црква Св. Ѓорѓи

На излезот на градот кон населбата Добрашане -Црква Св. Мина.

Со оглед да последните два верски објекти во својот состав имаат и гробишта, според црковните правила не можат да служат и за друга намена.

Во планираниот период се предвидува локација за изградба на нова црква во Урбана единица Стари Лозја

Нова локација за џамија се предвидува во Урбана единица Тоде Мендол.

4.6.4. ДЕПОНИЈА

Собирањето на комуналниот смет на цврсти отпадоци во градот се врши преку собирање на сметот во соодветна опрема со утврдени локациони места за собирање. Транспортот на градскиот смет се врши со специјални возила до постојната депонија на локалитетот "Краста" лоцирана на околу 9 км од центарот на градот.

Постојната депонија се смета дека и во планираниот период ќе ги задоволува потребите како по својата зафатнина така и од аспект на санитерно-техничка опременост и заштита.

Во иднина депонијата ќе биде обезбедена со повисок третман на опременост со обезбедување на следните услови:

-Заштита од загадување на воздухот, на водата и на почвата;

-оптимална санитарна епидемиолошка заштита на населението од околните населби.

Во иднина треба да се користат биолошките вредности на депонираните отпадоци кои можат да најдат примена со посебен технолошки третман, како вредно ѓубриво потребно за земјоделието.

5. ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА ДОМУВАЊЕТО И ПРАТЕЧКИ СОДРЖИНИ И ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Урбаните единици претставуваат просторни и функционални целини кои можат да егзистираат воглавно самостојно. Во урбаниот опфат се предвидуваат вкупно 18 Урбани единици.

Во Урбаните единици планирани се во планскиот период вкупно 90168 жители со сите пропратни содржини на домувањето како и некои активности од градско значење.

Како пратечки содржини на домување во Урбаните единици се наоѓаат и зони за јавни објекти, комерцијални објекти, производна зона, зона за зеленило, спорт и рекреација, останати зони и сообраќај.

Покрај 16 Урбани единици во рамките на урбаното подрачје во кои покрај останати функции има домување, се наоѓаат и 2 Урбани единици како посебни целини во кои не се предвидува домување.

Просторната разместеност на домување и пратечки содржини може да се види од табела Д.1.6. и табела Д.1.7.

Урбана единица **Тоде Мендол** завзема површина од 111.69 ха.

Границата се движи на север улица 3-та МУБ почнувајќи од крстосница со автопат Скопје -Белград до крстосница со улица Тоде Мендол, потоа границата продолжува по ул. Тоде Мендол по ул.Ѓуро Ѓаковиќ , на исток границата продолжува по ул.Поток Серава до новопредвидена сообраќајница продолжувајќи до граница на патот со к.п.14423, на југ завршува со границата на урбано подрачје и на запад завршува до автопат Скопје-Белград.

Вкупниот број на жители во оваа Урбане единица е 12989 односно 14.41 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 73.27 ха, односно 65.60% од вкупната територија на Урбана единица а површина под останати функции 38.42 ха, или 34.40 %.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони за живеалишта во семејни куќи со градини со површина од 40.37ха или 55.10% од вкупна површина наменета за домување.

- Зони за живеалишта со заеднички станбени објекти со површина од 5.26 ха или 7.18% од вкупна површина наменета за домување.

- Зони за живеалишта со мешовито домување со површина од 27.64 ха или 37.72% од вкупна површина наменета за домување.

Содржини на објекти во зона за јавни објекти:

Образование

- Основно образование- се задржува локација на постојно училиште.

- Средно образование- се предвидува нова локација за училиште.

Вкупна планирана површина за образование е 2.03 ха.

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбедува во постојна амбуланта која се наоѓа на улица Тоде Мендол како и во неколку приватни ординации.

Во оваа Урбана единица се задржува и Антитуберколозен диспензер. Вкупна површина за здравство изнесува 0.15 ха.

Социјална заштита - се задржуваат 2 постојни локации за предучилишно воспитување и се предвидуваат 2 нови локации за потребите на предучилишно воспитување со вкупна површина од 1.77 ха.

- Централните функции (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги предвидени се во зони за домување во потези по должината на најфрекфентните улици (ул. Тоде Мендол, Страшко Симонов и др).

Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор.

Верски објект-се предвидува нова локација за џамија со површина 0.06ха.

Работна зона-се задржува постојната индустрија односно фабриките ЧИК и Киро Фетак со површина 9.01 ха.

Вкупно планирана површина за сите содржини од нестопански дејност (јавни објекти, локален центар, комунални содржини и верски објекти) изнесува 6.88 ха.

- Зеленило, спорт и рекреација - воглавно се застапени во дворните зеленила во зони за семејни куќи со градини. Како наменски површини се планираат заштитно зеленило кое се наоѓа покрај автопат како и рекреативно зеленило со вкупна површина 7.77 ха.

За спорт и рекреација се планира површина од 0.89 ха.

- Од сообраќајни содржини е задржана постојната бензинска станица која се наоѓа на автопатот Скопје-Белград со површина 0.61 ха.

Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 13.26 ха од вкупната површина или 11.86% од предметната Урбане единица со вкупна површина 111.69 ха.

Структура на површините за Урбане единица е следна:

Намена	**ха**	%
Домување	73.27	65.60
Јавни објекти	4.37	3.91
Локални центри	1.74	1.56
Производна зона и сервиси	9.01	8.07
Зеленило, спорт и рекреација	8.66	7.76
Останати зони	1.38	1.24
Сообраќај	13.26	11.86
Вкупна површина	**111.69**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 5 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана диница **Бајрам Шабани** зазема површина од 89.61 ха.

Граница на север започнува со улицата 3-та МУБ од крстосница со ул. Тоде Мендол до крстосница со ул.Гоце Делчев, на исток до улицата Народна Револуција, на југ е граница на урбано подрачје и на запад започнува со к.п. 13571, 13568 продолжува со ул. Поток Серава до ул. Ѓуро Ѓаковиќ потоа продолжува до ул. Тоде Мендол до крстосница со ул. 3-та МУБ.

Површина на домување изнесува 58.69 ха односно 66.10%, површина под останати функции 30.38 ха односно 33.90%.

Вкупниот број на жители во оваа Урбане единица е 6887 односно 7.64 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Во рамките на зоната за домување со површина од 59.23 ха се организирани:

- Зони за семејни куќи со градини со површина од 54.58 ха или 92.15% од вкупна површина наменета за домување.
- Зони со заеднички станбени објекти со површина од 1.05 ха или 1.77%.
- Зони со мешовито домување со површина од 3.60 ха или 6.08%.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

- Основно образование - еден постоен објект на кој се предвидува доградба и се предвидува локација за ново училиште.

- Средно образование - се задржува еден постоен објект.

Планирана површина за образование 3.69 ха

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита се планира една здравствена амбуланта со површина 0.27 ха.

Социјална заштита - За предучилишно образование се планираат две нови локации на површина од 1.10 ха.

Објекти од областа на комерцијални дејности, финансиско-технички и деловни услуги, предвидени се во потези по должината на најфрекфентните улици (ул. Бајрам Шабани, ул.Народна Револуција) како и концентрирани во планираната локации за локални центри на Урбаната единица.

Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор.

Објекти за јавни функции покрај на одредени за нив локации согласно потребите се предвидуваат и во четири локални центри.

Планирана површина за зона за јавни објекти изнесува 5.06 ха.

- Комунални содржини- се задржува постојниот резервоар со површина 0.33 ха.

Вкупно планирана површина за сите содржини од нестопански дејност (јавни објекти, локален центар, комунални содржини) изнесува 6.43 ха.

Производна зона - се планира површина за сервиси, складови и терцијарни дејности со површина 3.95 ха.

- Зеленило, спорт и рекреација- - зелените површини воглавно се застапени во дворните зеленила во зоните за семејни куќи со градини. Како наменски површини е застапено како парковско зеленило, рекреативно зеленило и заштитно зеленило со вкупна површина 7.79 ха.

За спорт и рекреација се задржува локацијата која и досега беше наменета за таа функција а се предвидува нова локација за задоволување на потребите на населението од оваа функција.

Вкупна површина која е наменета за спорт и рекреација 0.68 ха.

- Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 11.53 ха односно 12.87% од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 89.61 ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	%
Домување	59.23	66.10
Јавни објекти	5.06	5.65
Локален центар	1.04	1.16
Сервиси	3.95	4.41
Зеленило, спорт и рекреација	8.47	9.45
Останати зони	0.33	0.37
Сообраќај	11.53	12.86
Вкупна површина	**89.61**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 5 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **11ти- Ноември** зазема површина од 58.72 ха.

Граница на север се движи до регулација на Липковска река почнувајќи од автопат Скопје-Белград до новопредвидена сообраќајница ул.Пролетерски Бригади, на исток границата се движи по ул. Пролетерски бригади почнувајќи одрегулација до крстосница со ул. Димитар Влахов, ул Димитар Влахов потоа продолжува со ул. Братство Единство до крстосница со ул. 11-ти Октомври, на југ завршува со ул. 11-ти Октомври до автопат Скопје-Белгради и на запад граница се движи до автопат Скопје-Белград од ул. 3-та МУБ до регулација на Липковска река.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 5596 односно 6.21 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 34.40 ха, односно 58.58% од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 58.72 ха а површина под останати функции 24.32 ха, или 41.42 %.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони за семејни куќи со градини со површина од 12.41 ха или 36.07% од вкупна површина наменета за домување.
- Зони за заеднички станбени објекти со површина од 1.23 ха или 3.58%.
- Зони со мешовито домување со површина од 20.72 ха или 57.28%.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

- Основно образование- се задржува постојниот објект

-Средно образование- се предвидува локација за нов објект.

Планирана површина за образование 2.27 ха.

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбедува во повеќето прииватни амбуланти кои се наоѓаат во зони за живеалишта.

- Секундарна здравствена заштита ќе се обезбедува во постојната болница која во планираниот период согласно предвидениот број на жители би требало да има интервенции односно доградба и надградба на постојните објекти со површина 5.65 ха.

Социјална заштита - се предвидуваат две нови локации за предучилишно воспитување со површина 0.74 ха.

-Централните функции (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентните улици (ул. 11-ти Ноември, 11-ти Октомври) како и концентрирани во планираните локации на локални центари на Урбана единица.

Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор.

Јавни функции се планираат на површина 8.66 ха.

- Зеленило, рекреација и спорт - зелени површини воглавно се застапени во дворните зеленила во зоните за семејни куќи со градини.

Како наменски зелени површини се планира заштитно зеленило покрај автопат Скопје-Белград, како и рекреативно зеленило на просторот помеѓу регулација на Липковска река и улица Октомвриска Револуција со вкупна површина 0.76 ха.

- Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 10.71 ха односно 17.59% од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 58.72 ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	%
Домување	34.40	58.57
Јавни објекти	8.66	14.75
Индустрија	3.45	5.88
Зеленило	0.76	1.30
Локален центар	0.62	1.06
Останати зони	0.12	0.20
Сообраќај	10.71	18.24
Вкупна површина	**58.72**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 3 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **11ти-Октомври** зазема површина од 99.00 ха.

Граница се движи на север до железничка пруга Куманово-граница со РБугарија почнувајќи од автопат Скопје-Белград до вливот на Липковска и Војнарска река во Кумановска река, на исток до вливот на реките Липковска и Војнарска во Кумановска река и ул. Доне Божинов почнувајќи од регулација на Липковска река до крстосница со ул. 11-ти Октомври, на југ продолжува по ул. 11-ти Октомври, ул. Братство Единство до ул. Димитар Влахов до ул. Пролетерски Бригади и на запад до автопат Скопје-Белград почнувајќи од регулација на Липковска река до железничка пруга Куманово-граница со РБугарија.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 6920 односно 7.67 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 32.18 ха, односно 32.50% од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 99.00 ха а површина под останати функции 66.82 ха или 67.50 %.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони за семејни куќи со градини со површина од 9.77 ха или 30.36% од вкупна површина наменета за домување.
- Зони со заеднички станбени објекти со површина од 1.21 ха или 3.76 %.
- Зони со мешовито домување со површина од 21.20 ха или 65.88%.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

- Основно образование - еден постоен објект и се планира локација за ново училиште. Вкупна површина за образование 2.04 ха.

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбедува во повеќе здравствени ординации кои се наоѓаат во зони за домување.

Во оваа Урбана единица се наоѓа постојна ветеринарна станица со површина 0.43 ха.

Социјална заштита- се задржува постојна локација за предучилишно воспитување и се предвидува нов објект во зони со заеднички станбени објекти.

Од останати објекти од социјална заштита се задржуваат постојниот Дом за пензионери и дом за стари и изнемоштени лица.

Вкупна планирана површина изнесува 1.35 ха.

Централните функции (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентните улици (ул. Доне Божинов, ул. Никола Тесла) како и концентрирани во планираните локации на локални центри на Урбаната единица.

Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор.

Објекти за јавни функции покрај на одредени за нив локации согласно потребите се предвидуваат и во локалните центри на Урбаната единица.

Јавни функции се планираат на површина од 6.99 ха.

Комунални содржини- Се задржува постојната автобуска станица и терминал за потребите на Автобуската станица со површина 0.95 ха.

Во Урбана единица 11-ти Октомври се наоѓа и постојната Ески-џамија со површина од 0.14 ха.

Производна зона - се задржуваат локациите на постојната индустрија а се предвидуваат и нови површини за сервиси, складови и терцијарни дејности со вкупна површина 7.34 ха.

Зеленило, рекреација и спорт - зелени површини воглавно се застапени во дворните зеленила во зоните за живеалишта со градини. Како наменски зелени површини се застапени заштитно зеленило покрај железничка пруга и автопат, рекреативно зеленило, парковско зеленило и рекреативно зеленило со вкупна површина 18.12 ха.

Од спортски содржини покрај постојниот стадион се планираат и нови простори за спорт и рекреација.

Вкупна планирана површина 5.62 ха.

Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 10.80 ха односно 10.91% од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 99.00 ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	**%**
Домување	32.18	32.51
Јавни објекти	6.99	7.06
Производна зона и сервиси	7.34	7.41
Зеленило, спорт и рекреација	23.74	23.98
Останати зони	17.95	18.13
Сообраќај	10.80	10.91
Вкупна површина	**99.00**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 5 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **Христијан Тодоровски -Карпош** зазема површина од 28.61 ха.

Граница на север се движи до улица 11-ти Октомври почнувајќи од крстосница со ул.3-та МУБ до Собрание на ул. Гоце Делчев, продолжувајќи на исток до ул.Гоце Делчев се до раскрсница со ул.3-та МУБ и на југ границата продолжува по ул.3-та МУБ до крстосница со ул. 11-ти Октомври.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 5745 односно 6.37 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 22.67ха, односно 79.24% од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 28.61ха а површина под останати функции 5.94 ха, или 20.76%.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони со заеднички станбени објекти со површина од 1.43 ха или 6.3% од површината наменета за домување.
- Зони со мешовито домување со површина од 21.24 ха или 93.7% од површината наменета за домување во Урбаната единица.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

-Основно образование - се задржува постојното училиште со површина 0.31 ха.

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбедува во постојниот здравствен центар со површина 0.40 ха како и во приватни здравствени ординации кои се наоѓаат во зона за домување.

Социјална заштита - се предвидува простор за предучилишно воспитување во состав на зони со заеднички станбени објекти.

Централните функции (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентните улици. Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор.

Површина планирана за јавни функции 1.19 ха.

Комунални содржини- се задржува постојниот Противпожарен дом со површина 0.24 ха.

Зеленило, рекреација и спорт -зелени површини воглавно се застапени во дворните зеленила во зоните за живеалишта со градини и заедничките станбени објекти, уличното зеленило, и како посебно парковско зеленило со површина 0.13 ха.

Сообраќајни содржини - се задржуваат две јавни паркиралишта и се предвидува локација за гаражна куќа со вкупна површина 0.5 ха.

Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 3.29 ха односно 11.5% од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 28.6 1ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	**%**
Домување	22.67	79.24
Јавни објекти	1.19	4.16
Останати зони	1.33	4.65
Зеленило, спорт и рекреација	0.13	0.45
Пешачки комуникации	0.32	1.12
Сообраќај	2.97	10.38
Вкупна површина	**28.61**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 1 урбан блок со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **Панче Пешев** зазема површина од 32.51 ха. Граница на север се движи до регулација на дел од Липковска и Кумановска река, почнувајќи од ул.Доне Божинов до ул.Ѓорче Петров, на југ границата се движи до ул. Иво Лола Рибар почнувајќи од крстосница со ул Октомвиска Револуција потоа границата се движи се до ул.Ленинива до крстосница со ул.Пионерска
и на запад до ул.Доне Божинов почнувајќи од крстосница со ул.11-ти Октомври до регулација на Липковска река.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 5404 односно 5.99 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 24.46ха, односно 75.24% од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 32.51ха а површина под останати функции 8.05ха, или 24.76%.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони за семејни куќи со градини со површина од 6.22 ха или 25.43% од вкупна површина наменета за домување.
- Зони со заеднички станбени објекти со површина од 11.86 ха или 48.27% од вкупна површина наменета за домување.
- Зони со мешовито домување со површина од 6.38 ха или 26.08% од вкупна површина наменета за домување.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

-Основно образование - се планира нова локација за предучилишно воспитување со површина 1.18 ха.

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбедува во постојните здравствени амбуланти кои се наоѓаат во зона на домување.

Социјална заштита - се предвидува нова локација за предучилишно воспитување со површина 0.45 ха.

Површина за објекти на јавни функции изнесува 1.87 ха.

Комерцијалните функции (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентните улици (ул. Октомвриска Револуција, Доне Божинов, Иво Лола Рибар) а наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор.

Комунални содржини - се задржува постојната локација на ЈП Водовод со површина 0.75 ха.

Верски објекти - се задржува постојната локација на црквата на површина 0.42 ха.

Работна зона-се задржува постојната локација на складови на површина 0.40 ха.

Зеленило, рекреација и спорт - зелени површини воглавно се застапени во дворните зеленила во зоните за живеалишта со градини и во зони со

заеднички објекти. Како посебна површина е застапено рекреативно зеленило со површина 0.71 ха.

Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 3.52 ха односно 10.83% од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 32.51 ха.

Од сообраќајни содржини се предвидува локација за гаражна куќа со површина од 0.38ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	%
Домување	24.46	75.23
Јавни објекти	1.87	5.75
Сервиси	0.40	1,23
Зеленило	0.71	2.18
Останати зони	1.55	4.78
Сообраќајници	3.52	10.83
Вкупна површина	**32.51**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 2 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **Центар** зазема површина од 17.75 ха.

Граница на север почнува од крстосница на улиците Гоце Делчев и 11-ти Октомври се движи зад објектот на Стоковната куќа и продолжува по ул. Ленинова се до крстосница со ул.Иво Лола Рибар по која продолжува до ул.Моша Пијаде се до крстосница со ул.Перо Чичо. На исток границата се движи по ул. Перо Чичо почнувајќи од ул.Моша Пијаде до крстосница со ул.Кирил и Методиј каде границата продолжува по ул. Кирил и Методиј до крстосница со ул.Народна Револуција, продолжувајќи по ул.Народна Револуција до крстосница со ул.3-та МУБ и на југ граница продолжува до ул.3-та МУБ се до крстосница со ул. Гоце Делчев која претставува и западна граница.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 2490 односно 2.76 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 9.32ха, односно 52.50% од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 17.75ха а површина под останати функции 8.43ха, или 47.50%.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони со заеднички станбени објекти со површина од 2.42 ха или 26.00 % од површината предвидена за домување..
- Зони со мешовито домување се со површина од 6.90 ха или 74.0 % од површината предвидена за домување.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

- Основно образование - два постојни објекти со површина 1.13 ха.

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбеди во амбуланти кои се наоѓаат во зона на домување.

Социјална заштита - се задржува постојниот објект за предучилишно воспитување со површина 0.20 ха.

Комерцијалните дејности (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентните улици (ул.Гоце Делчев, ул.3-та МУБ, ул.Народна Револуција) како и концентрирани во објекти со конкретна намена. Дел од овие функции ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор. Исто така дел ќе бидат сместени и во предвидените локации за локален центар.

Од јавни објекти во најголем дел во оваа Урбана единица се задржуваат постојните објекти од областа на културата, администрација како и други останати содржини на површина 2.52 ха.

Вкупна планирана површина за сите нестанбени содржини изнесува 3.66ха .

Од верски објекти се задржува постојната црква на површина од 0.20 ха.

Зеленило, спорт и рекреација воглавно се застапени во дворните зеленила во зоните за домување и уличното зеленило.

Сообраќајни содржини- се задржуваат постојните паркинг простори на површина 0.30 ха.

Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 2.37 ха односно 13.35 % од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 17.75 ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	%
Домување	9.32	52.50
Јавни објекти	2.52	14.20
Локален центар	0.60	3.38
Останати површини	2.64	14.88
Сообраќајни содржини	0.30	1.69
Сообраќај	2.37	13.35
Вкупна површина	**17.75**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 1 урбан блок со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **3-та МУБ** зазема површина од 109.97 ха.

Граница на север се движи по улица Кирил и Методиј почнувајќи од крстосница со ул. Народна Револуција продолжувајќи до ул. Иго Тричковиќ се движи зад постојните заеднички станбени објекти до ул. Егејска Македонија и понатаму продолжува по ул. 3-та МУБ до крстосница со ул. Октомвриска Револуција и продолжува до крстосница помеѓу улиците Драган Стопаревиќ и ул.Тоде Думба, на исток границата продолжува зад постојните заеднички станбени објекти се до новопредвидената сообраќајница, на југ е граница на урбано подрачје и на запад граница се движи по ул. Народна Револуција.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 5261 односно 5.83% од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 36.32ха, односно 33.03% од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 109.97ха а површина под останати функции 73.65ха, или 66.97%.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони со семејни куќи со градини со површина од 20.71 ха или 57.02 % од вкупна површина наменета за домување.
- Зони со заеднички станбени објекти со површина од 1.38 ха или 3.80% од вкупна површина наменета за домување.
- Зони со мешовито домување со површина од 14.23 ха или 39.18 % од вкупна површина наменета за домување.

Содржини од областа на јавни објекти;

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбедува како во постојните амбуланти со површина 0.03 ха така и во планирани нови здравствени амбуланти во зони за домување.

Од социјална заштита се предвидуваат две нови локации за предучилишно воспитување со површина 0.48 ха.

Комерцијалните дејности (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентните улици (ул. 3-та МУБ, Народна Револуција, Тоде Думба) како и концентрирани во планираната локација на локален центар на Урбаната единица.

Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор како и во два нови планирани локални центри.

Површина наменета за јавни објекти изнесува 0.51 ха.

Од комунални содржини се задржува постојната трафостаница со површина 1.20 ха.

Верски објект - во парцелата наменета за гробишта се задржува постојната црква со површина 0.43

За постојните православни гробишта се планира нивно задржување и проширување. Во состав на гробиштата се наоѓа и еден постоен верски објект. Вкупна површина за оваа намена 30.28 ха.

Работна зона - се планира зона на сервиси, складови и терцијарни дејности со површина 1.26 ха.

- Зеленило, рекреација и спорт - зелени површини воглавно се застапени во дворните зеленила во зоните за семејни куќи со градини и заеднички станбени објекти, уличното зеленило. Заштитно зеленило има предвидено покрај гробишта.

- Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 12.13 ха односно 11.03% од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 109.97 ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	**%**
Домување	36.32	33.03
Јавни објекти	0.51	0.46
Сервиси	1.26	1.15
Зеленило	27.39	24.91
Останати зони	32.36	29.42
Сообраќај	12.13	11.03
Вкупна површина	**109.97**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 6 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **Благој Стефковски -Гојчо** зазема површина од 48.09 ха.

Граница на север е улица Иво Лола Рибар почнувајќи од крстосница со ул. Моша Пијаде до крстосница со ул. Октомвриска Револуција. На исток границата продолжува по Октомвриска Револуција и понатаму се движи по ул.3-та МУБ до ул.Егејска Македонија и продолжува покрај парцела на постојните заеднички станбени објекти до крстосница со ул. Кирил и Методиј и ул. Иго Тричковиќ и продолжува по ул. Кирил и Методија до крстосница со улица Перо Чичо. Границата понатаму продолжува по ул. Перо Чичо до крстосница со ул. Моша Пијаде и се движи по ул. Моша Пијаде до крстосница со ул.Иво Лола Рибар.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 5026 односно 5.57 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 27.94 ха, односно 58.10% од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 48.09ха а површина под останати функции 20.15ха, или 41.90%.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони за семејни куќи со градини со површина од 17.62 ха или 63.06 % од вкупна површина наменета за домување.
- Зони со заеднички станбени објекти со површина од 8.82 ха или 31.37% од вкупна површина наменета за домување.
- Зони со мешовито домување со површина од 1.5 ха или 5.37 %.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

-Средно образование- се задржуваат два постојни објекти на површина на површина 2.58 ха.

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбеди во амбуланти во зона на домување.

Социјална заштита се задржува постојниот објект за предучилишно воспитување со површина 0.68 ха.

Комерцијалните дејности (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентните улици (ул. Моша Пијаде, Иво Лола Рибар, Перо Чичо) како и концентрирани во планираните локации на локални центри на Урбаната единица.

Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор. Објекти за јавни функции се планираат покрај на одредени за нив локации и во локалниот центар.

Површина за планирани јавни функции иднесува 3.33 ха.

Вкупна површина за сите содржини од нестанбени дејности изнесува 4.11ха.

Зеленило, спорт и рекреација - зелени површини воглавно се застапени во дворните зеленила во зоните за домување, уличното зеленило.

На просторот на УЕ БС-Гојчо се наоѓа и спортско рекреативниот центар со површина 9.13 ха.

- Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 6.91 ха односно 14.36 % од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 48.09 ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	%
Домување	27.94	58.10
Јавни објекти	3.33	6.92
Работни површини	0	0
Зеленило, спорт и рекреација	9.13	18.99
Останати зони	0.78	1.63
Сообраќај	6.91	14.36
Вкупна површина	**48.09**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 4 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **Гоце Делчев** зазема површина од 133.51 ха.

Границата на север започнува од крстосница на ул. 3-та МУБ и ул. Октомвриска Револуција и продолжува со ул. 3-та МУБ и регионалниот пат Куманово-Свети Николе до граница на урбано подрачје. На југ границата се движи по границата на урбаното подрачје и на исток граничи со МЗ 3-та МУБ.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 8513 односно 9.44 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 88.32ха, односно 66.16 % од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 133.51ха а површина под останати функции 45.19ха, или 33.84%.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони за семејни куќи со градини со површина од 79.92 ха или 90.49 % од вкупна површина наменета за домување.
- Зони со заеднички станбени објекти со површина од 6.79 ха или 7.69% од вкупна површина наменета за домување.
- Зони со мешовито домување со површина од 1.61 ха или 1.82 % од вкупна површина наменета за домување.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

-Основно образование-се задржува постојниот објект за основно образование и се планира ново училиште.

-Средно образование-се планира една нова локација.

Вкупна површина за образование изнесува 5.71 ха.

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбеди како во постојната амбуланта "Гоце Делчев" со површина 0.32 ха така и во планираните во зона за домување.

Социјална заштита -се задржува постојната локација за предучилишно воспитување и се предвидува една нова локација со вкупна површина 1.20 ха.

Комерцијалните дејности (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентните улици (ул.Тоде Думба, Лесковачка, Б.Б.-Гуцман) како и концентрирани во планираните локации на трите локални центри на Урбана единица.

Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор.

Објекти за јавни функции покрај на одредени за нив локации согласно потребите се предвидуваат и во три локални центри со вкупна површина 2.0ха.

Работна зона - се планираат зони на складови, сервиси и терцијарни дејности на површина 9.57 ха.

Зеленило, спорт и рекреација - зелени површини воглавно се застапени во дворните зеленила во зоните за домување во заеднички згради, уличното зеленило, дрвореди. Како наменски зелени површини се рекреативно зеленило како и заштитно зеленило долж регионалниот пат Куманово-Свети Николе со вкупна површина 7.30 ха.

За спорт и рекреација се предвидуваат две нови локации со површина 5.01 ха.

- Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 13.90 ха односно 10.40% од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 133.51 ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	%
Домување	88.32	66.16
Јавни објекти	7.33	5.49
Сервиси, складови	9.57	7.17
Зеленило, спорт и рекреација	12.31	9.22
Останати зони	2.08	1.56
Сообраќај	13.90	10.40
Вкупна површина	**133.51**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 7 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **Перо Чичо** зазема површина од 112.06 ха.

Граница на север се движи по ул. Ѓуро Пуцар-Стари почнувајќи од железничка пруга Куманово-граница со РБугарија до крстосница со ул. Ајдучка Чешма продолжувајќи до крстосница со ул.Ѓорче Петров. Границата понатаму продолжува по ул. Ѓорче Петров до регионалниот пат Куманово-Свети Николе и на југ завршува со новопроектираната улица. На запад границата се движи до железничката пруга Куманово-граница со РБугарија.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 8942 односно 9.92 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 92.13 ха, односно 82.21% од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 112.06 ха а површина под останати функции 29.93 ха, или 17.79%.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони со семејни куќи со градини со површина од 74.45 ха или 80.81 % од вкупна површина наменета за домување.
- Зони со мешовито домување со површина од 17.68 ха или 19.19 % од вкупна површина наменета за домување.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

-Основно образование - се задржува постојниот објект за основно образование и се планира едно ново училиште. Вкупна површина за образование е 2.06 ха.

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбедува во постојната амбуланта Перо Чичо на површина 0.16 ха. како и во здравствените амбуланти во зона на домување.

Социјална заштита-се предвидуваат две нови локации за предучилишно воспитување со вкупна површина 0.67 ха.

Комерцијалните дејности (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентните улици (ул.Ѓорче Петров, Ѓуро Пуцар-Стари,) како и концентрирани во планираните локации на локални центри на Урбаната единица.

Останатите јавни функции воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор, како и во локалните центри со вкупна површина 3.24 ха.

Зеленило, спорт и рекреација- зелени површини воглавно се застапени во дворните зеленила во зоните за домување. Како наменски површини се рекреативно зеленило и заштитно зеленило долж регионалниот пат Куманово-Свети Николе со вкупна површина 3.13 ха.

Површини за спорт и рекреација се застапени воглавно во состав на локации кои се наменети за образование.

Сообраќајни содржини - се задржува постојната бензинска станица на регионалниот пат Куманово-Свети Николе на површина 0.23 ха.

-Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 10.08 ха односно 9.00% од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 112.06 ха.
Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	%
Домување	92.13	82.22
Јавни објекти	3.24	2.89
Зеленило, спорт и рекреација	3.13	2.79
Останати зони	3.48	3.10
Сообраќај	10.08	9.00
Вкупна површина	**112.06**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 7 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **Проевце** зазема површина од 28.12 ха.

Граница на север се движи до железничка пруга до железничка пруга Куманово-РБугарија почнувајќи со кп 76 до регионален пат Куманово -Свети Николе, на исток граница е до регионален пат Куманово-СветиНиколе од каде почнува јужната граница која се движи до регулација на Кумановска река. Западна граница започнуваод регулација на Кумановска река и продолжува по јужна граница на кп 261, 260 и 259 го сече патот со кп 1004 продолжувајќи по граница на кп 55 и 56 до постоечкиот воден тек по чија граница продолжува до патот со кп 1006 го сече истиот се до железничка пруга.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 1138 односно 1.26 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 14.90 ха, односно 52.99% од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 28.12ха а површина под останати функции 13.22ха, или 47.01%.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони со семејни куќи со градини со површина од 14.90 ха или 100.00 % од вкупна површина наменета за домување.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

- Основно образование-се планира локација за ново училиште со површина 2.00 ха.

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбеди во амбуланта планирана во зона на домување.

Социјална заштита-се предвидува една нова локација за предучилишно воспитување и локација за изградба на Дом за стари лица.

Вкупна планирана површина за социјална заштита изнесува 0.93 ха.

Комерцијалните дејности (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентната сообраќајница која минува низ населбата како и концентрирани во планираната локација на локален центар на Урбана единица.

Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор.

Објекти за јавни функции покрај на одредени за нив локации согласно потребите се предвидуваат и во локалниот центар со вкупна повшина 0.68 ха.

- Зеленило, спорт и рекреација-зелени површини се застапени преку рекреативни зелени површини и заштитно зеленило долж железничката пруга и регионалниот пат со вкупна површина 7.76 ха.

- Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 1.85 ха односно 6.57% од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 28.12 ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	**%**
Домување	14.90	52.99
Јавни објекти	2.93	10.42
Работни површини	0	0
Зеленило, спорт и рекреација	7.76	27.60
Локален центар	0.68	2.42
Сообраќај	1.85	6.57
Вкупна површина	**28.12**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 1 урбан блок со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **Долно Кojнаре** зазема површина од 123.45 ха. Граници на север до граница на урбано подрачје, на исток граница на урбано подрачје до магистрален пат Куманово-Крива Паланка потоа границата продолжува по магистралниот пат до постоечкиот пат со кп 2859 и понатаму продолжува по новопредвидената улица до железничката пруга Куманово-граница со РБугарија. На југ граница е железничката пруга и на запад до граница на урбано подрачје.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 4857 односно 5.39 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 65.16 ха, односно 52.78% од вкупната територија на Месната заедница која изнесува 123.45ха а површина под останати функции 58.29ха, или 47.22%.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони со семејни куќи со градини со површина од 65.16 ха или 100.00 % од вкупна површина наменета за домување.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

-Основно образование-се задржува постојниот објект на кој треба да се извршат потребни интервенции заради задоволување на потребите.

-Средно образование- се задржува постојниот објект.

Вкупна планирана површина за објекти од образование 7.62 ха.

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбеди во амбуланта планирана во зона на локален центар.

Социјална заштита - се планира локација за предучилишно воспитување со површина 0.86 ха и се задржува постојниот дом за ученици кој се наоѓа во состав на локација за средно образование.

Работна зона - се планираат зони за производство-мали и средни претпријатија, како и зона за сервиси и складови со вкупна површина површина 5.79 ха.

Комерцијалните дејности (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентната сообраќајница ул.Никола Тесла како и концентрирани во планираната локација на центарот на Месна Заедница.

Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор.

Објекти за јавни функции покрај за нив одредени локации согласно потребите се предвидуваат и локации наменети за локални центри со вкупна површина од 2.53 ха.

Комунални содржини - се задржува постојниот добиточен пазар а се планира и локација за кванташки пазар со вкупна површина од 3.01 ха.

Вкупна планирана површина за нестанбени содржини изнесува 14.02 ха.

Зеленило, спорт и рекреација-зелени површини воглавно се застапени во дворните зеленила во зоните за живеалишта со градини. Како наменски површини се заштитно зеленило долж автопат Скопје-Белград, како и долж магистралниот пат Куманово-Крива Паланка и рекреативно зеленило со вкупна површина 6.34 ха.

Се планира локација и за спортски активности на населението со површина 0.88 ха.

Сообраќајни содржини - се планира простор за терминал на транспортни возила со површина 1.52 ха.

Регулација на река во оваа Урбана единица зафаќа површина од 13.95ха.

Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 14.28 ха односно 11.57% од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 123.45 ха. Железничка пруга зафаќа површина од 1.51ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	%
Домување	65.16	52.78
Јавни објекти	8.48	6.87
Работни површини	5.79	4.69
Зеленило, спорт и рекреација	7.22	5.85
Останати зони	22.52	18.24
Сообраќај	14.28	11.57
Вкупна површина	**123.45**	**100**

Во оваа Урбана единица има 6 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **Бедиње** зазема површина од 40.78 ха. Границата на север завршува со регулација на Липковска река почнувајќи од к.п до автопат Скопје-Белград, на исток граница е до автопатот Скопје-Белград почнувајќи со регулација до ул.11-ти Ноември. На југ границата завршува со ул.11-ти Ноември почнувајќи од автопат до крстосница со ул. Миодраг Петровиќ по која улица границата продолжува до железничката пруга и на запад до локацијата на КПК Куманово, продолжувајќи по граница на кп 9717, кп 9718, кп 9719 до ул. 11-ти Ноември односно до крстосницата со ул. Октомвриска Револуција.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 2256 односно 2.50% од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 20.23 ха, односно 49.61% од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 40.78ха а површина под останати функции 20.55ха, или 50.39 %.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони за семејни куќи со градини со површина од 20.23 ха или 100.00 % од вкупна површина наменета за домување.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

-Основно образование - се планира локација за ново училиште на површина од 0.69 ха.

Здравствена заштита

-Примарна здравствена заштита ќе се обезбеди во планирана локација за здравствена амбуланта на површина од 0.29 ха.

Социјална заштита се планира локација за предучилишно воспитување со површина 0.26 ха.

Комерцијалните дејности (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентната улица 11-ти Ноември како и концентрирани во планираната локација на локален центар на Урбана единица.

Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор.

Објекти за јавни функции се планираат и во локалниот центар на Урбаната единица на површина од 0.28 ха.

Површината на постојниот верски објект кој се задржува изнесува 0.33ха.

Вкупна планирана површина за сите содржини од нестопански дејности изнесува 1.91 ха.

Работна зона - се задржува површина за постојната индустрија од 1.56ха.

Зеленило, спорт и рекреацијат -зелени површини се застапени во дворни зеленила во зони за живеалишта со градини. Како наменски површини воглавно се застапени преку рекреативно зеленило кое се предвидува помеѓу

регулација на Липковска река и ул.Октомвриска Револуција и заштитно зеленило долж автопатот Скопје -Белград со вкупна површина 2.77 ха.

Спорт и рекреација- површините за оваа намена се застапени воглавно во состав на локација која е наменета за образование.

Сообраќајни содржини-се планира бензинска станица со површина 0.26ха.

Регулација на река во оваа Урбана единица е со површина од 5.67 ха.

Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 8.44 ха односно 20.70% од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 40.78 ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	%
Домување	20.23	49.61
Јавни објекти	1.24	3.04
Индустрија	1.56	3.83
Зеленило, спорт и рекреација	2.77	6.79
Останати зони	6.54	16.03
Сообраќај	8.44	20.70
Вкупна површина	**40.78**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 2 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица **Стари Лозја** зазема површина од 126.68 ха.

Границата започнува од крстосница на улица Доне Божинов и железничката пруга Куманово-граница со РБугарија и се движи по ул. Доне Божинов до крстосница со регионалниот пат Куманово-Свети Николе од каде границата продолжува по регионалниот пат се до крстосница со улица Ѓорче Петров по која границата продолжува да се движи до крстосница со ул. Ајдучка Чешма. Понатаму границата продолжува по ул.Ајдучка Чешма се до крстосница со ул.Ѓуро Пуцар-Стари. Од крстосницата границата се движи по ул.Ѓуро Пуцар -Стари до железничка пруга Куманово-граница со РБугарија и границата продолжува по железничката пруга до ул. Доне Божинов.

Вкупниот број на жители во оваа Урбана единица е 7904 односно 8.77 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 99.50ха, односно 78.54% од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 126.68ха а површина под останати функции 27.18ха, или 21.46%.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони за семејни куќи со градини со површина од 99.50 ха или 100.00 % од вкупна површина наменета за домување.

Содржини од областа на јавни објекти;

Образование

-Основно образование -се планира локација за ново училиште.

-Средно образование - се планира локација за ново училиште.

Вкупна површина за образование изнесува 2.62 ха.

Здравствена заштита

- Примарна здравствена заштита ќе се обезбеди во планираната амбуланта со површина од 0.30 ха.

Социјална заштита - се планираат две локации за предучилишно воспитување со вкупна површина 1.07 ха.

Комерцијалните дејности (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентните улици (ул. Доне Божинов и новопланирани сообраќајници) како и концентрирани во планирани локации на локални центри на Урбана единица каде покрај овие содржини се планираат и останати нестанбени содржини.

Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор.

Објекти за јавни функции покрај на одредени за нив локации согласно потребите се предвидуваат и во локални центри во Урбана единица со вкупна површина од 1.71 ха.

Комунални содржини-се планира простор за зелен пазар со површина 0.54 ха.

Планирана е и локација за црква со површина од 0.45ха.

Вкупна планирана површина за сите објекти од нестанбена намена изнесува 8.82 ха.

Зеленило, спорт и рекреација - зелени површини воглавно се застапени во дворните зеленила во зоните за живеалишта со градини, уличното зеленило. Заштитно зеленило долж регионалниот пат Куманово-Свети Николе е застапено со површина од 2.91 ха.

Сообраќајни содржини- се планира локација за бензинска станица со површина од 0.23 ха.

Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 15.45 ха односно 12.20% од вкупната површина што за предметната Урбана единица изнесува 126.68 ха.

Структура на површините за Урбана единица е следна:

Намена	**ха**	%
Домување	99.50	78.54
Јавни објекти	3.99	3.15
Работни површини	0	0
Зеленило, спорт и рекреација	2.91	2.30
Останати зони	4.83	3.81
Сообраќај	15.45	12.20
Вкупна површина	**126.68**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 6 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Површината што е наменета за **Индустрија** зазема површина од 399.26 ха. Источна граница е автопат Скопје-Белград почнувајќи од крстосница со ул 11-ти Ноември до граница на урбано подрачје, јужна граница завршува со граница на урбано подрачје, западна граница е железничка пруга Скопје-Белград почнувајќи од крстосница со ул.Железничка до регулација на Липковска река.

Вкупниот број на жители во индустрија е 240 односно 0.27 % од планираниот вкупен број на жители во градот (90168 жители).

Површина на домување изнесува 2.00ха, односно 0.50% од вкупната територија на Урбаната единица која изнесува 399.26ха а површина под останати функции 397.26ха, или 99.50%.

Во рамките на зоната за домување се организирани:

- Зони за семејни куќи со градини со површина од 2.00 ха или 100.00 % од вкупна површина наменета за домување.

Содржини од областа на јавни објекти;

Комерцијалните дејности (трговија, угостителство, занаетчиство, финансиско-технички и деловни услуги) предвидени се во потези по должината на најфрекфентните улици

Наведените содржини воглавно ќе бидат комбинирани со домувањето со користење на приземјата, анексите или посебно изградените објекти кои го формираат уличниот најфрекфентен коридор.

Комерцијални објекти се планираат на површина од 0.28 ха.

Комунални содржини-се задржуваат постојните локации на Филтер станица и локацијата наменета за Трафостаница со површина од 3.85 ха.

За постојните муслимански гробишта се планира нивно задржување и проширување со вкупна површина 6.72 ха.

Работна зона- Од вкупна површина наменета за индустрија од 164.33 ха постојна индустрија зазема површина од 142.25 ха и се планираат нови локации на површина од 22.08 ха.

Во зона за производство во мали и средни претпријатија со вкупна површина од 75.75 ха, постојните изградени локации заземаат површина од 3.51 ха а се планираат нови локации на површина од 72.24 ха.

Зона за складови, сервиси и терцијарни дејности е со вкупна површина од 48.72 ха, од од кои постојните изградени локации заземаат површина од 25.33 ха а се планираат нови локации на површина од 23.39 ха.

Зеленило - планираното заштитно зеленило долж автопатот Скопје-Белград како и долж железничкта пруга Куманово - Р Србија како и рекреативно зеленило се застапени со површина од 9.82 ха.

Во граници на Индустрија се наоѓа и простор за специјална намена со површина од 37.82 ха.

Сообраќајни содржини - се задржуваат локациите на постојната железничка станица, станица за технички преглед на моторни возила, Автомото друштво и Јавно претпријатие за одржување на патишта "Македонија пат" со површина од 3.8 ха.

- Површината за сообраќај во движење и мирување како и пешачкиот сообраќај изнесува 28.66 ха односно 7.18% а 7.27 ха површина припаѓа на железничка пруга од вкупната површина што за предметната површина на индустријата изнесува 399.26 ха

Структура на површините за Индустрија е следна:

Намена	**ха**	**%**
Домување	2.00	0.50
Комерцијалниобјекти	0.28	0.07
Производна зона	288.80	72.33
Зеленило, спорт и рекреација	9.82	2.47
Останати зони	69.68	17.45
Сообраќај	28.68	7.18
Вкупна површина	**399.26**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 16 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Покрај овие Урбани единици се предвидуваат уште 2 УЕ во кои спаѓаат останати површини

Урбана единица 1 завзема површина од 244.33 ха. Во нејзин склоп во најголем дел спаѓаат зелени површини, регулација на река и пруга. Тука е зеленилото кај Спомен костурница, рекреативното зленило долж булеварот "Октомвриска револуција", банскиот комплекс и зелената површина јужно од УЕ Перо Чичо

Комунални содржини - се планира нова локација за зелен пазар со површина 3.37 ха.

Работна зона - се предвидува површина за мало стопанство со површина од 15.18 ха

Зеленило, рекреација и спорт -најголема застапеност на зелени површини има во овој простор и тоа како заштитно зеленило кое се планира на делови долж железничка пруга, магистрален пат и регионален пат, парковско зеленило е застапено со постојниот Спомен парк Костурница и негово проширување и рекреативно зеленило со вкупна површина 158.45 ха.

Спортски терени се на површина од 1.10ха.

Во Останата површина се наоѓа и Бањски комплекс со површина 17.70ха.

Сообраќајни содржини - се задржува постојната бензинска станица на улицата 3-та МУБ со површина 0.46 ха.

Регулација на река зафаќа површина од 22.63 ха.

Од вкупната површина наменета за сообраќај 8.82 ха припаѓаат на сообраќајници а останатата површина од 15.06 ха припаѓа на железничката пруга.

Структура на површините е следна:

Намена	**ха**	**%**
Регулација на река	22.63	9.26
Локален центар	0.84	0.34
Производна зона	15.18	6.22
Зеленило, спорт,бански комплекс	177.25	72.55
Останати зони	4.55	1.86
Железничка пруга	15.06	6.16
Сообраќај	8.82	3.61
Вкупна површина	**244.33**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 8 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Урбана единица 2 завзема површина од 82.16 ха. Во нејзин склоп во најголем дел спаѓаат зелени површини и производни површини. Оваа Урбана единица се наоѓа западно од автопатот, а северно од Урбанистичката единица Бедиње.

Работна зона - се предвидува површина за мало стопанство и складови и сервиси со вкупна површина од 18.39 ха

Зеленило е застапено со вкупна површина од 52.95 ха.

Во останата површина се наоѓа железничка пруга и сообраќајници.

Од вкупната површина наменета за сообраќај 9.22 ха припаѓаат на сообраќајници а останатата површина од 1.60 ха припаѓа на железничката пруга.

Структура на површините е следна:

Намена	**ха**	%
Производна зона	18.39	22.38
Зелени површини	52.95	64.45
Железничка пруга	1.60	1.95
Сообраќај	9.22	11.22
Вкупна површина	**82.16**	**100.00**

Во оваа Урбана единица има 2 урбани блока со намена на површини дадени во следната табела:

Централно Градско Подрачје

Во Централно Градско Подрачје како засебна административна поделба во градот, влегува УЕ Центар и делови од УЕ Панче Пешев, УЕ БС-Гојчо, УЕ Центар, УЕ ХТ-Карпош, и 11-ти Октомври.

Вкупна површина на Централно Градско Подрачје изнесува 21.03 ха.

Граница на ЦГП почнува на север со ул. Тодор Велков почнувајќи од крстосница со ул. Братство и Единство, продолжува по ул. Димитар Влахов, ја обиколува црквата до крстосница со ул. Партизанска од каде границата продолжува по улицата Браќа Рибар до крстосница со ул.Бранко Димов по која границата продолжува до крстосница со ул. Моша Пијкаде се до раскрсница со ул. Перо Чичо.

Понатаму границата продолжува по ул. Перо Чичо се до раскрсница со ул. Тане Георгиев.

На југ граница се движи по ул.Тане Георгиев до рскрсница со ул.Народна Револуција, продолжува по истата, свртува на запад до ул. Илинденска. Од тука продолжува по оваа улица се до ул. Трст каде што се движи по неа се до раскрсница со ул.Гоце Делчев.

На запад граница е по ул. Гоце Делчев, свртува кон запад по ул. Владимир Назор се до ул. Вардарска по која продолжува да се движи кон север се до раскрсница со ул. 11 Октомври. Движејќи се по оваа улица кон запад се доаѓа до раскрсница со ул. Братство Единство од каде свртува кон север се до раскрсница со ул. Тодор Велков

Во ЦГП содржани се објекти и функции од значење и интерес за целиот град, општината и гравитационо подрачје.

6. ОБЛИКУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

6.1. ОПШТ ПРИСТАП

Урбаниот простор на градот со сите свои функции и распоредот на изградените структури со слободните површини оформуваат систем на форми кои го карактеризираат градот и му даваат препознатлива слика. Планирањето на просторниот развој на градот посебно во неговото средиште претставува и планирање на услови и можности за усмерување на физичките форми на сите негови елементи во склад со наследните облици и принципите на формирање нови форми во една променлива но оптимално препознатлива целина која ја карактеризираат одредени неповторливи за друг простор простори. Формите на изградениот и слободниот простор претставуваат материјален израз на општествените и хумани потреби на човекот.

Отуѓувањето и дехуманизацијата на современите градби и простори во градовите се честопати и резултат во испочитување на основното мерило во просторот - човекот, при дефинирањето на новите структури и форми. Обликувањето на просторот треба да го унапредува квалитетот на урбаното и човеково живеење и опкружување и треба да биде присатно и во планирањето на долгорочните животни и просторни потреби на населението, како значаен елемент, кој покрај природните услови, со исто значење ја детерминира средината во која човекот борави, односно животната средина на градот Куманово.

6.2.ОБЛИКУВАЊЕ НА УРБАНИОТ ПРОСТОР

Градскиот простор согласно функцијата и формата има своја урбана вредност, која во планираниот просторен развој треба да биде основа на која ќе се надградува развојот на градот, односно неговите нови простори и форми, како и при обнова и реконструкција на постојните.

Со планираните соодноси помеѓу постојните и новите урбани вредности, во планскиот период се обезбедува континуитет во развојот на градот во кој обликот на просторот за човекот често има позначајна улога од неговата функција.

Обликувањето е значајно во формирањето на идентитетот на специфичните форми на градската структура, се потврдува нивната препознатливост, нивните карактеристични форми за градот.

6.2.1. ФАКТОРИ НА ОБЛИКУВАЊЕТО

На карактерот и квалитетот на обликувањето на урбаниот простор влијаат низа сложени фактори кои во подолг временски период се во меѓусебна корелација и детерминираат специфичен однос на елементите на обликувањето: објекти, улици, блокови, плоштади, материјали, бои - во повеќе или помалку складни целини.

Најзначајни фактори можат да се групираат во:

- природни фактори (клима, топографија, простори покрај реката и сл.)
- општествено-економски фактори (развој на општествено-политичките односи и стопански активности, техно-економскиот развој, сообраќајот и инфраструктурата) кои имаат поларизирани влијанија врз квалитетот на обликувањето на просторот а тие се : што обезбедуваат материјални можности до оние кои се причина за масовна бесправна градба и обезначување на просторот.
- социо-културните фактори (наследство, заштита на градителско наследство, социо-хумани аспекти на живеење) се значајни во хуманизацијата на градските простори како коректор на техно-економските фактори.

6.2.2. СТРУКТУРА НА УРБАНИТЕ ФОРМИ

Од различните елементи кои го формираат урбаниот простор и нивните меѓусебни соодноси, во градот може да се дефинираат повеќе простори во различни зони на градот кои по својата обликовна структура паралелно опстојуваат или се развиваат во различните делови на градот согласно нивните особености а тоа се:

- подрачје на урбаното наследство кое е најзастапено во централното градско подрачје
- подрачје на плански изведена градба (У.Е. Гоце Делчев, Бајрам Шабани) кое има специфична силуета поради топографијата на теренот и која во тек на времето ќе го дооформи својот сопствен идентитет со вегетацијата и елементите на урбаната опрема
- подрачје на бесправни градби (дел од УЕ 11 Ноември, локалитет Гладно Поле во У.Е. Перо Чичо, У.Е. Долно Којнаре)
- работните зони во југозападниот дел на градот кои претставуваат посебен вид на урбани структури
- зони на спорт и рекреација долж бреговите на Кумановска река

6.2.3. НАСОКИ И МЕРКИ ЗА РАЗВОЈОТ НА УРБАНИТЕ ФОРМИ И ЕЛЕМЕНТИ НА ОБЛИКУВАЊЕТО

Основни насоки ќе бидат следните:

- подрачје на урбано наследство - чување, обнова и ревитализација на објекти и амбиенти, архитектонски детали, со добро планирано зеленило, пешачки површини, соодветни системи на визуелни информации, колористичка рецепција и ноќно осветлување. Во овие зони секоја интервенција мора да биде во склад со целината
- во подрачјата со интензивна градба процесот на натамошно обликување да се усмери во изградба на јавни содржини, простори за престој, поголеми групи зеленило, урбан дизајн и друго, со што ќе се намали негативниот однос кон амбиентот и ќе се збогати сиромашната социо-културна компонента
- зоните со планираното домување
- подрачја со плански изведена градба ќе се дооформуваат и со обнова и реконструкција со доградба на нови форми и замена на постојните
- во работните зони зеленилото треба да биде што поприсатно

7. ИНФРАСТРУКТУРНИ СИСТЕМИ

7.1. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

7.1.1. СООБРАЌАЈНО ПОВРЗУВАЊЕ (ИЗВОРНО - ЦЕЛЕН СООБРАЌАЈ)

Категоризираните патишта во Република Македонија се делат на: магистрални, регионални и локални, додека останатите земјоделски и шумски патишта, како и вон населски пристапи се некатегоризирани патишта.

Според анализите и прогнозните предвидувања од претходните поглавја, Општината и градот Куманово, сообраќајните врски со своето непосредно и пошироко окружување ги остваруваат преку магистралниот патен правец М-1 кон Србија и Црна Гора и Скопје, а преку преку магистралниот патен правец М-2 кон Крива Паланка и соседна Република Бугарија.

Покрај наведените магистрални патишта Градот Куманово се поврзува со регионалниот пат Р - 101 кон Скопје (стар пат) и кон Војновиќ, со регионалниот пат Р - 102 со Липково и со регионалниот пат Р - 201 од Кумановска Бања кон Свети Николе.

Вкрстувањето помеѓу магистралните патишта и глвните приклучоци кон нив веќе се изведени со денивелација.

7.1.2. МРЕЖА НА СООБРАЌАЈНИЦИ

Категоризирањето на градската сообраќајна мрежа во Република Македонија се извршува според одредбите од Законот за јавни патишта, каде што се дефинирани во почетокот веќе спомнатите видови на сообраќајници:

- Магистрална улица - сообраќајница што поминува низ поголемиот дел од градот и се поврзува со магистрален или регионален пат;
- Собирна улица - сообраќајница што во градот го собира сообраќајот од сервисните и станбените улици и го поврзува со магистрална улица или со локален пат;
- Сервисна улица - сообраќајница што во градот ги поврзува собирните улици со станбените улици;
- Станбена улица - сообраќајница што во градот ги поврзува станбените и деловните објекти со собирните и сервисните улици.

Предложениот со овој ГУП сообраќаен концепт на градот Куманово е дефиниран според следните основни принципи:

- обезбедување на максимална мобилност и пристапност до деловите на градот на секој од корисниците на мрежата;

- минимизирање на временските трошоци на корисниците;
- максимизирање на нивото на безбедноста на сообраќајот;
- максимисирање на капацитетот и нивото на услуга на постојната мрежа;
- минимизирање на негативните влијанија на сообраќајот врз заштитата на животната средина и тн.

За аргументација на предложениот сообраќаен план на градот Куманово, користени се анализите и прогнозата на елементите од локалните сообраќајни протоци, што се направени во предходните поглавја. Анализите главно ја потврдија потребата за дополна на сегашната односно новопредложената со овој ГУП мрежа на магистрални и собирни улици. (слика 5)

Зголемениот обем на сообраќај што се очекува да се појави во 2020та година, упатува на потребата за изградба на капацитивни сообраќајници од градски тип. Се препорачува, таму каде што е тоа можно, да се изврши резервација на простор за изградба на тие сообраќајници во ширина од 35 - 50 метри, помеѓу две спротивни регулациони линии.

За нормално функционирање на сообраќајот во Куманово со овој ГУП се предлага да се интервенира во следното:

- Целосна реализација на магистралната улична мрежа со најмалку четири сообраќајни ленти од по 3,5 метри, по две велосипедски патеки со ширина од 1,8 до 2,5 метри, по два тротоари со ширина од 1,5 до 4,0 метри и заштитно зеленило од двете страни на улицата (2 х 3,5 м), односно разделно зеленило во нејзината средина (булевар), со ширина не помала од 3 метри. Овде пред се се мисли на доизградба на булеварот Октомвриска Револуција кон Липково и целосна реализација на булевар III МУБ и Пролетерски Бригади. Иако според прогнозираниот часовен волумен на периферните делови од магистралната улична мрежа до 2020та година, активниот сообраќаен профил од 3 х 3,5 метри ќе ги задоволи тогашните потреби, на погоре наведените профили од 4 х 3,5 метри треба да се инсистира, пред се како резервен потребен простор за проширување на сообраќајниците по истекот на 2020та година.
- Собирните улици треба да се со минимален профил од две сообраќајни ленти од 3,5 метри, тротоари со минимум 1,5 метри и задолжително заштитно зеленило од двете страни на улицата, доколку низ неа минува линија на јавниот градски и приградски превоз.
- Поради исклучително неповолните агли под кои се сечат булеварите на раскрсницата "4"(III МУБ и Октомвриска Револуција) потребно е раскрсницата да се преуреди според веќе изработениот изведбен проект.
- Се препорачува реконструкција на раскрсницата "12", каде мошне неповолниот агол треба да се сведи во рамки на нормалното (75° - 90°).

Имено, улицата 11ти Октомври треба да се влева во булевар III Македонска Ударна Бригада со радиус не помал од 50 метри.

- За зголемување на капацитетот на таканаречени критични раскрсници, приодите кон сегашните и идните булевари треба да се прошират во зоната на раскрсницата и да се овоможи простор на обележување на потребниот број на ленти за престројување.

Влезот од автопатот во градот Куманово по улицата 11ти Октомври односно булевар III МУБ, според направените пресметки, сега а и во иднина се очекува да биде една од најоптоварените улици и според пресметаните големини на сообраќајот предложени се погоре наведените попречни профили на уличната мрежа. За растеретување на овие две улици, пред се поради изграденоста на центарот на Куманово, како алтернатива што ќе овозможи нивно растоварување а воедно и на другите улици во централното градско подрачје, се предлага уредување на автопатот М - 1 како "градски автопат", односно негово сообраќајно поврзување со денивелирани раскрсници на уште две места и тоа: раскрсница помеѓу автопатот и јужната обиколна сообраќајница што го поврзува локалниот пат за Романовце со патот кон Свети Николе (Р - 201), и второ денивелисано поврзување со продолжението на сегашниот булевар "Октомвриска Револуција". Оваа денивелисано поврзување е предложено во идното регулирано корито на река Липковка под веќе постојниот мост од автопатот, со што се избегнува изградба на нов надвозник над автопатот а за потребите на продолжување на булеварот "Октомвриска Револуција". Анализите што ги направи проектантскиот тим од овој ГУП укажуваат на тоа дека предложеното решение е можно како такво при што нуди голема уштеда во пари. Негативна страна на предлогот е што мора да се реализира и доста голем дел од регулацијата на коритото на река Липковка. Со разработка на овој предлог со техничка документација од ниво најмалку на идеен проект ќе се добијат и поконкретни факти кои што ќе укажат на оправданост на примена на соодветно решение. Во однос на дивоизграден фудбалски стадион на ф.к. Башкими и негов приговор за легализација, се дава можност по изработка на измена на главен проект за регулација и други инфраструктурни планови од повисоко ниво на деталност на изработка, да се изврши легализација на објектот. при тоа паралелно треба да се води сметка и за промена на постоен изработен ДУП и издадени дозволи за градба.

Друг покарактеристичен предлог во овој сообраќаен план е затворањето за транзитен сообраќај на улица 11ти Октомври на потезот од џамијата до улица Доне Божинов, односно пренасочувањето на сообраќајот по улиците Братство Единство и Карл Маркс. Со тоа улицата 11ти Октомври на овој дел во административниот дел на центарот станува пешачка зона и пристапна-стамбена улица. Исто така по реализација-пробивање на улицата Пролетерски Бригади предложено е одредено сообраќајно растеретување на улицата Гоце Делчев и Доне Божинов со тоа што истите со време треба да го намалат значењето односно од магистрални да бидат собирни улици.

Новопредложен потез е и поврзување на улицата Тане Георгиев со раскрсницата на улиците Моша Пијаде, Ленинова и Иво Лола Рибар и преку проширена улица Партизанска спој со новоизградената улица Пионерска. Оваа новопредложена сообраќајница треба да претставува тангенцијален

ринг околу потесното градско подрачје односно стариот градски плоштад и со тоа да го превземе сообраќајот од улица Ленинова која ја пресекува пешачката зона од двата плоштади.

За утврдување на прераспределбата на сообраќајните протоци низ сообраќајната мрежа во Куманово за 2020та година, користена е таканаречената AASHO - крива, која базира на процентуалната распределба во зависност од соодносот на времето на патување, ако се користат различни патеки за комуникација помеѓу зоните

Според анализите и прогнозните предвидувања од претходните поглавја, градот и Општината Куманово, сообраќајните врски со своето непосредно и пошироко окружување, и во иднина ќе ги остварува преку постојните магистрални патни правци М - 1 (автопатот Табановце- Куманово - Гевгелија) и М - 2 (Куманово - Деве Баир), како и преку регионалните патни правци Р - 101 (стар пат Табановце - Куманово - Скопје), Р - 102 (Куманово - Липково) и Р-201 (Куманово - Свети Николе).

Поради значителниот развој на приградските сообраќајни протоци кон Липково и Железничката Станица западно од Куманово, потоа на север кон Коњаре и на исток кон населбите Карпош, Ајдучка Чешма и Иго Тричковиќ, потребно е сите тие населби заедно со Куманово да преставуваат интегрална целина и да бидат поврзани со сообраќајници од градски тип. Сообраќајниците се предложени да бидат соодветно опремени со тротоари, велосипедски патеки, зелени заштитни појаси и слично.

Вкрстувањето помеѓу автопатот и останатите патишта, како и сите вкрстосувања со железничката линија, предложени се со денивелација. Со оглед на тоа дека источната обиколна сообраќајница односно продолжението на регионалниот пат Куманово - Свети Николе прераснува во типична градска улица - магистрала предложено е нејзино проширување, како и груба предлог траса на сосема ново поврзување на спомнатиот регионален патен правец со идниот автопат кон Бугарија.

Исто така од западна страна на градот предложено е поврзување на регионалниот пат Куманово-Липково со регионалниот пат (стар пат за Скопје) односно спој помеѓу с.Лопате и с.Черкези со што исто така се растеретуваат улиците 11ти Ноември и Индустриска.

7.1.3. СООБРАЌАЈ ВО МИРУВАЊЕ

Согласно степенот на моторизација што се очекува во 2020та година, кога приближно секое семејство треба да поседува патничко возило, потребно е да се обезбеди простор за сместување на секое регистрирано патничко возило во градот Куманово.

Во централното подрачје на градот Куманово потребниот број на места за паркирање на патнички возила во 2020та година, според вкупниот број на жители и според степенот на моторизација, се проценува дека ќе изнесува 2254 места за паркирање.

Во графичкиот прилог на слика 14 дадени се неколку предлози на локации на кои што, според мислење на проектантите на овој ГУП, може да се реализираат подземни или надземни паркиралишта во вид на катни гаражни куќи, кои што неможе да ги задоволат ниту сегашните потреби.

За да се задоволат овие и идните потреби неопходно е при планирањето на сообраќајот, во рамки на градежните парцели односно во урбаните блокови, за паркирање на патнички моторни возила да се почитува законската регулатива според која при реконструкција на стари и изградба на нови објекти треба да се обезбеди минимален број на места за паркирање и тоа:

- за домување- на 100м^2 бруто површина по 1 место за паркирање;
- за административно-деловни простории и трговија - на 50 м^2 бруто површина 1 место за паркирање;
- за магацини и индустрија - на 120 м^2 бруто површина 1 место за паркирање;
- за театри, кина, концертни сали и слично - на 10 посетители (седишта) 1 место за паркирање;
- за спортски сали и стадиони - на 20 посетители 1 место за паркирање;
- за хотели - на 10 лежаи 1 место за паркирање;
- за ресторани, слаткарници, пицерии и слично - на 10 седишта 1 место за паркирање;
- за пазари - на 10 м^2 1 место за паркирање;
- за болници - на 10 лежаи 1 место за паркирање;

Автобусите од домицилните превозници се предвидува да бидат сместени во кругот на претпријатијата, однсно индивидуалните превозници што вршат превоз на патници во сопствените дворишта или паркиралишта, додека остнатите автобуси регистрирани надвор од Куманово, што чекаат да вршат превоз на патници се паркираат на посебни паркиралишта, по можност во состав или во непосредна близина на автобуската станица.

За паркирање на товарни возила во Градот треба да се предлага следното:

- Домицилните товарни возила да се сместат во кругот на транспортните претпријатија, однсоно во рамките на дворните места на индивидуалните превозници или нивни сопствени паркинг простори;
- Паркинг места во рамки на локациите на индустриските капацитети, или непосредна близина, во зависност од планираната технологијата за прием и отпрема на стоки;
- Паркинг места во непосредна близина на магацинските капацитети и локотоварната станица во Куманово;
- Погодни локации за паркирање на товарни возила, на повеќе различни пунктови што ќе ги определат планерите при изготвувањето на поедини Детални урбанистички планови за Куманово.

7.1.4. ЈАВЕН ПРЕВОЗ

Просечниот годишен пораст на мобилноста на жителите за градови со големина до 150 илјади жители, како што е градот Куманово, се очекува да биде околу 2,3 %. Според тоа во 2000та година се очекува мобилност од 21,3 патувања по жител, во 2010та година од 26,8 патувања по жител и во 2020 та година се очекува приближно 34 патувања по жител годишно или околу 5644000 патувања годишно со автобусите на јавниот превоз на патници во градскиот, приградскиот и меѓуградскиот сообраќај, односно 15500 патувања дневно. Приближно половината од овие патувања ќе се остваруваат преку автобуската станица во Куманово, а останатите патувања ќе се остваруваат на попатните автобуски стојалишта. Ваквиот обем на патувања од домицилната автобуска станица во Куманово, ќе иницира околу 330 автобуски поаѓања дневно, односно просечно по 23 поаѓања на час. За ваквата претпоставена фрекфенција на автобуските поаѓања, потребни се вкупно 12 перонски места за отпремување на патници (со две измени на час) и 6 перонски места за прифаќање на автобусите што пристигнуваат. Според тоа автобуската станица во Куманово треба да биде опремена со минимум 18 перонски места.

Постојната автобуска станица во Куманово е опремена со 24 активни и 3 помошни перони, или се вкупно 27 перони. Капацитетот на станицата ги задоволува како постојните, исто така и идните потреби, поради што дел од пероните може да се користат за подолготрајно престојување на автобусите (паркирање), во зависност од потребите.

Според вообичаената практика автобуските перони се наменети исклучиво за отпрема и прием на патници и автобуси, а автобусите што чекаат да се вклучат во сообраќај според возниот ред, треба да се паркираат на посебни паркиралишта, по правило во близина на автобуската станица. Со оглед дека постојната фреквенција на поаѓање, односно пристигнување на автобусите е помала од вкупниот капацитет на автобуската станица, се цени дека е оправдано двонаменското користење на истата (прием, отпрема и паркирање на автобусите).

При планирањето на сообраќајот посебно внимание треба да се посвети на јавниот градски и приградски сообраќај. За да се постигни негова оптимална организација потребно е да се запазат следните критериуми:

- растојанието меѓу две функционални целини што треба меѓусебно да се поврзат треба да изнесува најмалку 2,5 до 3 км;
- меѓустаничното растојание да биде од 300 до 700 м во град, односно од 700 до 12 м во приградските населби;
- покриеноста на просторот со линиска мрежа за градски сообраќај да биде со најмногу 10 минутно пешачење до најблиското автобуско стојалиште;
- фрекфенцијата на автобусите треба да биде најмалку 4 возила на час за секоја линија одделно;
- мрежата на линии за јавниот градски и приградски сообраќај треба главно да се организира по градските магистрални и собирни сообраќајници.

Сообраќајниците по кои се движат возилата за јавен градски и приградски превоз треба да бидат изградени со ширина 7 м, радиус на кривини на раскрсници не помалку од 12,5 м, надолжен наклон не поголем од 6%, односно треба да се градат со елементи што ќе овозможат нормално одвивање на овој вид сообраќај.

7.1.5. СНАБДУВАЊЕ СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

Вообичаен критериум за одредување на потребниот број бензински пумпи е на 1500 регистрирани моторни возила да се обезбеди по една бензинска пумпа, а во секоја поголема селска населба да се предвиди пумпа за точење на дизел гориво наменето за трактори и други земјоделски машини.

На територијата на Општина Куманово изградени се 17 бензински пумпи и тоа:

1.	"Керамикс"	Агино Село
2.	"Агро Куманово"	Бедиње
3.	"ГП Козјак"	Бедиње
4.	"Алф"	Горно Војнаре
5.	"Сателит 2000"	Долно Војнаре
6.	"Беба Петрол"	Долно Војнаре
7.	"Ибро Комерц"	Долно Војнаре
8.	"Детоил"	Речица
9.	"Макпетрол"	Романовце
10.	"Бриц Пром"	Сопот - Костурник
11.	"Бањка"	Табановце
12.	"Чифлик"	Табановце
13.	"Жмара"	Табановце
14.	"Алфа Петрол"	Черкезско Село
15.	"на улица Моша Пијаде"	Куманово
16.	"Макпетрол - на Автопат"	Куманово
17.	"на улица Доне Божинов"	Куманово

Имајќи ја предвид прогнозата за 2020та година дека ќе има 33600 регистрирани моторни возила во Општината Куманово и дека според цитираниот критериум треба да има 23 безински пумпи, значи на ниво на општина треба да се изградат најмалку уште 6 бензински пумпи до крајот на планскиот период. Бензинската пумпа на улица Доне Божинов од разбирливи причини мора да се дислоцира на друга локација.

7.1.6. ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

Градот Куманово е поврзан со европскиот железнички систем преку магистралната железничка линија Белград - Куманово - Скопје - Солун - Атина, а на локално ниво преку локалната железничка линија Куманово - Бељаковце. Со изградбата на оваа линија кон Република Бугарија што е во тек, Куманово ќе се здобие со уште еден меѓународен железнички правец.

Своите потреби за превоз со железница, градот Куманово може да ги остварува преку главната железничката станица што е лоцирана на западната страна од градот, како и преку железничките станици од локално значење као што се: Табановце, Романовце, Бељаковце итн.

Покрај постојните железнички врски, градот Куманово во периодот по 2020 година, се предвидува да се повзи и со нова железничка линија: Куманово - Свети Николе - Овче поле. Оваа железничка делница, заено со изграденият дел од Овче Поле до Штип и делот што треба да се изгради од Штип до Струмица и понатаму кон Дојран и Грција, преставува алтернатива на магистраниот железнички правец по долината на река Вардар.

7.1.7. АВИО СООБРАЌАЈ

Превозните потреби од воздушен сообраќај, стопанството и населението од Куманово ги остварува преку воздушното пристаниште во "Петровец", во однос на кое градот Куманово се наоѓа во првата зона на опслужување со радиус до 50 км. Тоа практично значи дека може со триесетминутно патување со патно превозно средство (автобус или патничко возило) да се стигне до воздушното пристаниште "Петровец". Според тоа се цени, дека Куманово се наоѓа во мошне поволна положба во однос на достапноста до еден од аеродромите во Република Македонија.

Северозападно од градот, во месноста "Пазариште" е лоциран спортскиот аеродром во с.Режановце, кој може да се користи и како стопански аеродром, додека за потребите во земјоделството, може да се користат услугите на земјоделската авијација од аеродромот Пеширово во околината на Свети Николе.

Според Студијата за развој на воздушниот сообраќај на Македонија, се предвидува изградба на нов аеродром за јавен патнички и товарен сообраќај, во близина на селото Умин Дол. Овој аеродром во голема мерка ќе ги подобри позициите на Куманово во поглед на поврзувањето на регионот со воздушен сообраќај. До неговата изградба, ако воопшто дојде до тоа, градот и Општините околу Куманово ќе го користат аеродромот во Петровец кај Скопје.

7.1.8. ЗАКЛУЧОК

Резултатите добиени по извршените анализи и пресметки во Основното решение на сообраќајот во градот Куманово ги дефинираат основните определби и правци на развој на сообраќајниот систем, и истите се составен дел на Генералниот план на градот Куманово и треба да се вградат во годишните програми за уредување на градежното земјиште. Согласно приоритетите дадени во овој ГУП треба да се разработи приоритетна листа на реализација на одредени сообраќајни потези кои што постепено но битно ќе ја менуваат состојбата на одвивање на сообраќајт во градот на подобро. Јасно е дека и без направените биланси и анализи моменталната состојба со

одвивање на сообраќајот во Куманово е крајно лоша. Најочигледна потврда за тоа е разликата помеѓу процентот 5,6 % со кој површината на постојните сообраќајници учествува во вкупните биланси на површините од градежниот опфат, и процентот од 10% како површина на планираната улична мрежа во истите биланси. Фактот кој укажува дека површините за улици-сообраќајници треба да се зголемат за уште 100% до денешната површина зборува дека најинтензивно треба да се работи на пробивање на сосема нови улични правци кои што и се предложени со овој ГУП. Се друго во смисол на воведување на едносмерни сообраќајници и слично е само привидно моментално ублажување на проблемот, односно губење на време и оддолжување на правите решенија за спас на сообраќајот во Куманово. Ако сите светски искуства укажуваат на процент од 10% како површина за примарна и секундарна улична мрежа Куманово треба да се стреми и да работи во тој правец. Барањето излез со постојната површина на сообраќајници само ќе не доведе во ќорсокак и во уште полоша состојба, бидејки допрва треба да дојде до подобрување на животниот стандард а со тоа и до нагло зголемување на бројот на моторните возила, во услови кога постојната улична мрежа неможе да се справи ни со бројот на сегашните.

Проектантите и планерите на овој ГУП и покрај големите настојувања неможеа со успех да го решат проблемот со паркирање посебно во централните градски подрачја. Со дадените предлози проблемот наречен паркирање е само ублажен, а од истите се искажува отворена бојазност дека тоа е само на хартија. Стварната состојба со паркирањето е уште полоша од состојбата на одвивање на сообраќајот, односно на истиот многу влијае недостигот од пропишан паркинг простор. Предложените катни гаражи се некое решение но истите се доста скапи и нереални во догледен плански период. Праксата од пред неколку години да скоро сите гаражи се пренаменат во дуќани ја усложни и така лошата состојба со паркирање и гаражирање бидејки голем дел од возилата останаа паркирани по улиците и тротоарите. Решение за овој проблем треба да се бара со посебна студија или елаборат со многу подетално ниво на разработка на паркирањето за секој дел од градот пооделно.

7.2. ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Куманово како град заедно со своите приградски населби е доста висински развиен, односно неговата водоснабдителна ифраструктурна мрежа покрај тоа што мора да покрие широка површина, мора да совлада и големи висински разлики а притоа ништо да не се изгуби во квалитетот и квантитетот на водоснабдувањето. Во висинска смисла растојанието од најниските до највисоките водокорисници изнесува околу 140м, или од кота 290 м.н.в. на најнискиските потрошувачи до кота 430 м.н.в. на највисоките потрошувачи. Ако се знае дека кота на филтерското построение е на кота 403,5 м.н.в. јасно е дека повисоките делови на градот ќе се водоснабдуваат со пумпање на водата. Поради големата висинска развиеност на дистрибутивниот водоснабдителен систем во 1992 година од страна на општина Куманово нарачана е и од страна на ГП Пелагонија изработена техничка документација за градскиот водоводен систем на ниво на основно решение. Во споменатата документација извршена е пресметка на потребите за вода, димензиониран е потребен резервоарски систем, поделба на градот на три висински водоснабдителни зони, усвоени се попречни пресеци на главната водоводна мраежа со потребни хидраулички пресметки за истите. Планскиод период односно усвоените дијаметри како и хидрауличките пресметки во оваа техничка документација димензионирани се да ги задоволат потребите до 2020 година, што се поклопува и со предложениот плански период за овој ГУП за оваа фаза од инфраструктурната мрежа.

Имајки го во предвид погоре кажаното во овој ГУП воглавно се дадени веќе познати решенија и предлози со мали незначителни измени и дополнувања во поглед на трасите на главните водоснабдителни прстени во сите три водоснабдителни зони. При планирањето на градската водоводна мрежа водена е сметка да се задржат постоечките новоизградени цевководи а да се изврши замена на старите и дотрајани со нови со профили кои што ќе ги задоволат потребите за плански период до 2020 година.

Усвоената концепција на подела на водоводната мража на три висински зони гарантира многу поуедначено водоснабдување за сите граѓани независно од тоа дали се во повисоките или пониските делови на градот. Покрај тоа овој концепт овозможува и помали хидраулички притисоци во поголемиот дел на целокупната градска водоводна мрежа.

Најнискиот дел на градот односно неговите делови што се наоѓаат под кота 345 м.н.в. предвидено е да се се водоснабдуваат преку водоводната мрежа за ниска зона. Тоа се следните делови од градот: дел од населбата Добрашане, населба Проевце, пониските делови од МЗ Гоце Делчев, просторот помеѓу булевар III МУБ И железничката пруга, односно централното градско подрачје, МЗ Бедиње, МЗ 11 Октомври, МЗ 11 Ноември, МЗ Долно Војнаре и многу мали делови од МЗ Перо Чичо. Резервоарски простор за ова зона се предвидува да биде резервоарот кој се наоѓа во МЗ Бајрам Шабани покрај истоимената улица со сегашен капацитет од 2400 м3, на кота 388,6 м.н.в. Веќе со пресек 2000 година на овој резервоарски простор ќе му треба дополна до 4300 м3, а во планската 2020 година ќе биде потребен уште еден резервоарски простор од 2 x 2000 м3,

односно едната комора од 2000 м3 ќе треба да се изгради до 2010 година. Количествата на вода кои што недостасуваат во одредени периоди во годината ќе се обезбедуваат од резервоарскиот простор при филтерницата. Главната водоводна мрежа од оваа зона воглавно минува по уличната мрежа од прв и втор ранг и поголемиот дел од неа веќе е реализиран при реализација на соодветните улици.

Средната водоснабдителна зона се наоѓа над ниската зона и тоа од кота 345 м.н.в. до кота 372,5 м.н.в. Во оваа зона се наоѓаат : МЗ Тоде Мендол, МЗ Бајрам Шабани, МЗ III МУБ, делови од МЗ Гоце Делчев, дел од МЗ Перо Чичо, пониски делови од новопланираната МЗ Стари Лозја како и многумал дел од населбата Карпош. Во графичките прилози дадени се овие коти-изохипси како линии на разграничување на трите водоснабдителни зони. Резервоарски простор за средна зона се планира да остане кај локалитетот на филтерницата на кота 407 м.н.в. а до планската 2020 година треба да се обезбеди вкупен резервоарски волумен од околу 7850 м3 вода само за потребите на оваа зона. Во овој момент градската водоводна мрежа функционира како мрежа со две висински зони, односно најголемиот дел од средна зона се водоснабдува заедно со ниската зона па поради тоа во летните месеци скоро во сите делови на идната средна водоснабдителна зона се појавува пад на притисокот, а повисоките делови преку ден остануваат и без вода. Ова во летните месеци предизвикува често празнење на поедини делови од водоводната мрежа што од своја страна предизвикува штети на мрежата, како и можност за појава на загадување на водата.

Следен чекор кон подобрување на квалитетот на водоснабдувањето во Куманово треба да биде разделување на ниската и средната водоснабдителна зона со што наместо сегашните 90 м висинска разлика (од 290м.н.в. каде што се најниските потрошувачи до 380 м.н.в. каде што се највисоките потрошувачи) ќе се водоснабдуваат зони со висинска разлика од околу 50м. На квалитетното водоснабдување и работните притисоци во мрежата секако ќе влијаат и транспортните далечини на пречистената вода но тоа делумно може да се регулира и со усвоените пречници на цевките од мрежата.

За поквалитетно разрешување на оваа проблематика потребно е да се изработи и проектна документација од повисоко ниво на детална разработка, која многу попрецизно ќе ги одреди клучните точки на раздвојување на сегашната водоводна мрежа во две водоснабдителни зони. Исто така оваа проектна документација треба да ја реши и етапноста односно приоритетите во изградбата на поедини делови од главните планирани водови од мрежата со цел константно да се работи на подобрување на квалитетот на водоснабдувањето во градот и околните населби.

Високата водоснабдителна зона е веќе оформена како таква и повисоките делови од градот што се приклучени на неа имаат релативно квалитетно водоснабдување. Со изградбата на кула резервоар и на заобиколниот цевковод Ф450мм, пред повеќе од десетина години се створија услови за издвојување на оваа водоснабдителна зона. Оваа зона трба да ги водоснабдува највисоките делови од градот како и неколку приградски населби а тоа се : дел од МЗ Тоде Мендол, дел од МЗ Бајрам Шабани, дел од МЗ III МУБ, населба Бабин Дол, дел од МЗ Перо ЧИчо, дел од новоформирана МЗ Стари Лозја, населба Карпош, населба Ајдучка Чешма,

населба Иго Тричковиќ, населба Тромеѓа, населба Горно Војнаре, населба Черкезе, поголем дел од индустриската зона на градот, населба Романовце и населбата кај железничката станица.

Резервоарскиот простор за оваа водоснабдителна зона е на кота 454.5м.н.в.(водна кула) и е со запремина од 1200 м3. За уште поквалитетно водоснабдување на оваа зона во изградба е и резервоарски простор со капацитет 500 м3 во населбата Карпош (Рајкова Куќа) како контра резервоарски простор. Резервоарски волумен кој треба да ги задоволи потребите до крајниот плански период 2020 година за висока зона изнесува 2200 м3, што значи дека ќе треба да се изгради уште околу 500м3 нов резервоарски простор.

За задоволување на вкупните градски и приградски потреби на вода изработени се повеќе проектни документации од кој воглавно го третираат источниот слив на Скопска Црна Гора каде што се наоѓаат единствените захвати на вода за наводнување и водоснабдување во општина Куманово гледано пред најновата поделба и издвојување на уште 4 нови општини, така што сега истите се наоѓаат во соседна општина Липково. Поради тоа проблемот на обезбедување на додатни количини на вода сега претставува и регионален односно заеднички проблем и на општина Куманово и на општина Липково. За таа цел во 1997/98 година од страна на претпријатие Простор изработена е техничка документација: Идејно решение за регионален водоводен систем за општина Липково и општина Куманово. Со оваа проектна документација се билансирани вкупните потреби на вода и на двета општини до 2025 година, и вкупните расположиви количества на вода во сливот на реките Слупчанска, Отљанска и Матеачка река.Според наведената проектна документација потребите на вода за Куманово и околните населби изразени како сумарни годишни потреби изнесуваат:

За 2000-та година	годишно	10,907,612.00	м3
За 2010-та година	годишно	13,319,282.00	м3
За 2025-та година	годишно	18,002,551.00	м3

За 16 населени места во општина Липково вкупните сумарни годишни потреби изнесуваат:

За 2000-та година	годишно	2,391,631.00	м3
За 2010-та година	годишно	3,195,267.00	м3
За 2025-та година	годишно	4,328,963.00	м3

Од ова произлегува дека вкупната годишна потреба за вода и за двете општини во 2025-та година ќе изнесува вкупно 22,331,514.00 м3 вода. Оваа количина на вода, според билансите дадени во гореспомнатото идејно решение воглавно може да се обезбедат со зафаќање на споменатите води од сливот на Липковска река и ќе ги задоволат потребите до 2025-та година но само во средно влажни години. За средно сушни години ќе ги задоволат потребите до 2012 година, додека при сушни години ќе бидат задоволени потребите до 2005-та година. Секако треба да се каже дека овие проценки важат во случај на вклучување на максималниот предвиден број на

потрошувачи. Пролонгирање на времето на вклучување на нови потрошувачи на вода во системот, како и процент на неговата изграденост ќе го зголеми периодот на задоволеноста на потребите за вода.

Важно е да се нагласи дека и при услови на зафаќање на новопланираните водни количини неможе да се обезбеди потребниот степен на обезбеденост на водоснабдувањето до крајната 2025-та година, па поради тоа неопходно е да се размислува за изнаоѓање и зафаќање на нови извориштa на вода.

Трасите на постојната и новопланираната водоводна мрежа се дадени на графички пролози во размер 1:5000. Исто така потенцирани се линиите - изохипсите на разграничување на оделните висински зони а секоја од зоните на водоснабдување дадена е со различна боја. Точната линија која треба да ги раздели висинските зони на водоснабдување треба да биде дефинирана со хидротехничка документација од подетално ниво на разработка а според неа деталните урбанистички планови да ја дефинираат припадноста на секој објект во соодветна водоснабдителна зона.

Но сето тоа не е доволно, доколку не се изврши усогласување со цела една низа објективни човекови потреби, со чија реализација, едно урбано подрачје може да се здобие со посакуваниот статус. Затоа концептот што произлегува од овој сообраќаен план, треба да послужи само како основа врз која мултидисциплинарниот работен тим што работи на овој генерален урбанистички план, треба да ги гради своите идеи, да го вгради својот креативен дух и на крај, ако е потребно, да изврши повратно дејство за евентуална измена на основниот сообраќаен концепт. Само на тој начин, доколку авторите умешно ги користат аргументациите што ги нуди овој сообраќаен план, ќе може да изготват квалитетен и реално применлив Генерален урбанистички план за градот Куманово од аспект на сообраќајот.

7.3. ЕВАКУАЦИЈА НА ОТПАДНИ ВОДИ

Планираниот фекален канализационен систем се надоврзува на веќе постојната колекторска канализациона мрежа. Посеопфатни проекти од оваа област не се работени па ако се анализираат одредени потези од постојната мрежа може да се забележат одредени нелогичности како во водењето на трасите на колекторите така и во усвоените попречни профили на истите. Ова се должи на некоординираната и непланска изградба на градот и отстапување од планските документи од тоа време, воглавно од финансиски причини. Планираната колекторска мрежа со овој ГУП, со оглед на степенот на реализираноста на канализационата мрежа, не може да даде нови решенија и приоди во оваа област туку може само да се прилагоди и приклучи на веќе изведените.

Главниот фекален колектор Ф1000мм минува покрај булевар "Октомвриска Револуција" и е прекинат во близина на раскрсницата со улица "Доне Божинов". Овој колектор мора да продолжи во правец запад и тоа помеѓу регулацијата на коритото на река Липковка и продолжението на булевар "Октомвриска Револуција", до населба Лопате. Према направените хидрауличките пресметки профилот на овој колектор ги задоволува потребите до планската 2020 година.

Во тек е реализација на колектор кој треба да ги транспортира отпадните води од населбите Иго Тричковиќ, Ајдучка Чешма, Карпош, дел од МЗ Перо Чичо и дел од МЗ Стари Лозја.

Друг колектор предложен со овој ГУП и чија што реализација е исто така важна за заштита на водите од река Кojнарка од загадување е колекторот во правец север кој минува непосредно до коритото на реката и ги зафаќа сите секундарни канали кои директно се изливаат во него. Со проектот за пречистителна станица за свињарската фарма во населба Речица, предложено е овој потез на фекалната канализација да продолжи до фармата и да служи како секундарна алтернатива (хаварен испуст) на пречистителната станица. Оваа решение е прифатено и со овој ГУП.

Продолжение на фекалната колекторска мрежа предложена е и во западниот индустриски дел на градот по трасата на течението на Черкески поток и истиот покрај фекалните отпадни води од индустријата треба да ги прифати и отпадните води од населбата кај железничката станица и населба Черкезе.

Во графичкиот прилог 1:5000 покрај примарната и секундарната канализациона мрежа, со испрекинати линии дадени се и трасите на новопредложените канализациони потези. Точната местоположба во хоризонтална и вертикална смисла ќе треба да се утврди со детални урбанистички планови односно со проектна документација најмалку на ниво на идеен проект.

Проблемот на пречистување на отпадните води од Куманово сеуште не е опфатен со никаква студија, која би била од голема корист при изработка на овој ГУП. Исто така планерите и проектантите на овој плански документ и покрај настојувањата не можеа да дојдат до никакви податоци за извршени

мерења во смисол на квантитетот и квалитетот на отпадната вода за различни временски термини од колекторскиот систем на градот. Без квалитетно извршени истраги во оваа смисла секаков предлог во правец на усвајање на технологија или капацитет на пречистително построение дури и на ниво на основно решение би бил премногу смел и непрофесионален. Од тие причини на подлога - топографска карта 1: 25000 само е предложена можна локација за пречистителната станица, која секако ќе треба да биде потврдена или корегирана со плански или проектен документ со подетално ниво на разработка. Непосредно пред изработка на Предлог план на овој ГУП започна изградба на пречистителна станица во атарот на село Добрашане во близина на патот за село Шупљи Камен односно на просторот на кој што денеска се наоѓа расадникот на Јавното комунално претпријатие "Чистота и зеленило" како единствено државно земјиште во овој дел со што во старт се разрешува проблемот наречен "експропријација" кој понекогаш знае да биде и непремостива пречка за реализација на одреден проект.

За успешно решавање на проблемот на пречистување на отпадните води на градот Куманово потребно е и да се изврши и одредено сепарирање на одделни типови на "специфични" загадувачи и посебен третман на тие отпадни води со технологија на пречистување прилагодена на видот и концентрацијата на отпадниот материјал за секој загадувач посебно. Овде секако се работи за поедини индустриско-преработувачки капацитети кои што во Куманово се присутни и ги има од најразличен вид. Тука се работи за загадување со тешки метали(фабриката за заварени цевки и профили "11 Октомври"), хемиско загадување (фабриката за преработка на кожи, текстилната индустрија со погоните за боење на текстил и др.), биолошко загадување (повеќе млекари, кланична индустрија и др.) Сите овие стопански субјекти со карактеристичен тип на загадување, треба самите или со помош од пошироката заедница мора парцијално да го решат проблемот со испуштање на загадени води, за да може да се пристапи кон размислување и истраги за избор на соодветна технологија за пречистување на отпадните води од Куманово.

Проблемот со приклучување на атмосверски води, кој што во поглавјето постојна состојба на фекалната канализациона мрежа е спомнат треба да се нагласи и овде. Површинските атмосверски води влијаат и на капацитетот и работата на пречистителната станица со тоа што прво во дождливи временски услови многу ја зголемуваат количината на водата за пречистување, ги оптеретуваат таложниците, ја менуваат концентрацијата и температурата на отпадната вода, што од своја страна влијае на биолошките и хемиските процеси на пречистување, го намалува ефектот-процентот на пречистеност и го поскапува процесот на пречистувањето.

7.4. АТМОСВЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

Планираната примарна атмосверска канализациона мрежа за Куманово е логична надградба на веќе реализираната колекторска мрежа која во најголем дел функционира исправно и ги исполнува проектантските предвидувања и пресметки.

Најголеми атмосверски колектори во градот Куманово секако се неговите природни постојни водотеци, реките Којнарка, Липковка и Кумановка. Како што е познато ниту еден од овие водотеци не е регулиран на начин каков што доликува на град од 100 000 жители. Скоро во сите градови во РМ оваа работа е веќе завршена и допринесува за естетскиот изглед на градовите. Во Куманово претстои изградба на околу 15 километри регулација што на некој начин претставува составен дел на системот за прифаќање и одведување на атмосверските води. Познато е дека и во подалечно и во поблиско минато време градот Куманово има страдано од поголеми или помали поплави од кои имало госта големи последици. Ако се погледаат геодетските снимки од после војната веднаш се забележува дека градот се оформил доста високо над течението на речните корита и бавчите кои што се наоѓале помеѓу каналите за наводнување тн. "вади" реките. Со изградбата на акумулациите Липково и Глажња опасноста од појава на поплави доста е намалена но не и исклучена. Во влажни години акумулациите во пролетните месеци го достигнуваат својот максимум и прелеваат со што неможе да превземат никакво задржување и ублажување на поплавните бранови кои што би дошле од сливот на река Липковка. Ако на ова се додаде и сливното подрачје на река Којнарка и ако се знае дека двете реки се соединуваат во непосредна близина на централното градско подрачје и понатаму како река Кумановка поминуваат уште една половина од градот станува јасна претставата дека штетите од евентуални поплави би биле катастрофални.

Куманово го загрозуваат уште два природни порои а тоа се поројот кој ги собира водите од југозападниот дел на градот, наречен Черкески поток, кој во најголемиот свој дел е нерегулиран, и поројот наречен Серава од кој што градот доста често страдал па истиот и порано бил регулиран низ целото свое течение со отворен пресек. Денес поројот Серава е регулиран по целото свое течение и тоа со современо подземно затворено корито и претставува најголем вештачки атмосверски колектор. Важно е да се има во предвид дека и тој се влива во река Липковка во непосредна близина на автобуската станица и понатаму заедно со водите од река Којнарка ги загрозува урбаните единици покрај булевар Октомвриска Револуција кој што претежно се со колективен начин на домување.

Фактите за денешната состојба со узурпација на некогашните речни корита дадени во претходното поглавје суперпонирани со она што Куманово го очекува како иден можен доток на вода, кој што може да се случи уште утре, догодина или за десет години, укажува на тоа дека градот под најхитно треба да превземе неопходни мерки за спречување или ублажување на опасноста од поплави.

За таа цел нарачани се, а во 1981 година од страна на "Хидроелектропроект" од Скопје и изработени се проекти за регулирање на речните корита на сите три природни водотеци во градот, и тоа на ниво на главни проекти. За жал проектантите и планерите на овој ГУП, и покрај големите настојувања не можеа да дојдат до оваа документација освен до неколку нејзини мали делови. Сепак, попречниот пресек на регулираните корита како и нивната ситуациона поставеност е позната од претходните урбанистички планови кои ја консултирале споменатата проектна документација. Анализите укажуваат дека најголем дел од оваа документација треба да се ревидира, преработи или направи нова бидејки најголемиот дел од планираните регулирани корита се нападнати-запоседнати со градба на индивидуални или стопански објекти.

Во секој случај Куманово нема време за чекање бидејки наидува период на влажни години а стогодишни, педесетгодишни или десетгодишни води во градот и околината не се забележани веќе одамна.

Направените пресметки укажуваат дека во услови на полни акумулации и сегашна состојба на речните корита и десетгодишни води би биле со катастрофални пследици за најугрозените подрачја.

На графичките прилози дадени се и карактеристичните попречни пресеци на регулираните речни корита според постојната техничка документација. Покрај тоа дадени се уште неколку карактеристични попречни профили како можни варијанти на корита со иста површина на пресекот на максималното полнење на регулираните речни корита. Во овој ГУП регулираните корита на реките се внесени според осовините и габаритите од веќе направените главни проекти за регулација на истите, со цел да се заштити од узурпација и дивоградба постојниот неизграден дел од површината која треба да биде зафатена со идните регулирани корита.

Други поважни атмосверски колектори кои што треба да се реализираат се споменатиот поој Черкески поток, поојот од населбата Проевце до населбата Катпош покрај заобиколниот пат, поојот на периферниот југоисточен дел на градежното подрачје од приградската населба Биљановце кон река Кумановка, како и неколкуте колектори кои минуваат во трасите на сеуште нереализираната а планирана улична мрежа. Тука во прв ред спаѓаат: колектор Ф1000 по булевар III МУБ од ул Перо Чичо до булевар Октомвриска Револуција, Колектор по идниот булевар Пролетерски Бригади од булевар III МУБ до река Липковка, колектор по улицата 11-ти Ноември од фабриката за амбалажа до автопатот, колектор по улицата Моша Пијаде, колектор по улицата Доне Божинов од населба Карпош до река Војнарка, неколку кратки колектори по планираното продолжение на булевар Октомвриска Револуција и други кратки помалку значајни потези како разгранци на веќе реализирани или спомнати планирани примарни атмосверски канали.

Сепарациониот канализационен систем во Куманово во иднина мора се повеќе да се потенцира и на негова реализација да се инсистира пред се од економски причини. Приклучување на голема количина на атмосверски води од покривите и дворните површини во фекалната канализација е погубно и за двата канализациони система. Од наведените причини доаѓа до заполнување

на пресекот на фекалните колектори со песок и земја и трајно намалување на нивната транспортна способност од една, и празни и неискористени попречни пресеци на атмосверските колектори од друга страна.

Трасите на планираните атмосверски колектори се дадени на графички прилог во размер 1:5000 со испрекината линија со зелена боја со предложени димензии на попречните пресеци.

7.5. ЕНЕРГЕТИКА И ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

20.5.1. ПРЕДВИДУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ВРВНА СНАГА ;

На основа на податоците за потрошувачката на ел.енергија во минатото, може да се претпостави потрошувачката на ел. енергија и во иднината.

Овие пресметки важат за стабилни услови за развиток,без воведубање на нови големи потрошувачи на ел.енергија и без рестриктивни услови на развој.

Во пресметките користен е методот за удвостручување на електричната енергија и методот на просечен пораст.

- МЕТОД НА УДВОСТРУЧУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛ. ЕНЕРГИЈА

Прогнозата на потрошена ел.енергија по ова метода се пресметува по формулата:

$$E_T = E_O \bullet 2^{T/д}$$

каде што:

E_T - потрошена ел.енергија по време од **T**- година (MWh)

E_O - потрошена ел.енергија во почетна година (MWh)

T - број на години

d - број на години за кои потрошувачката на ел.енергија ќе се удвостручи

- МЕТОД НА ПРОСЕЧЕН ПОРАСТ НА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛ.ЕНЕРГИЈА

Предвидување на потрошена ел.енергија по оваа метода се пресметува по формулата:

$$E_T = E_O\left(1 + \frac{P}{100}\right)^T$$

каде што:

E_T - потрошена ел.енергија по време од **T**- година (MWh)

E_O - потрошена ел.енергија во почетна година (MWh)

T - број на години

П - просечен годишен пораст на потрошувачка (%)

Зависноста на **P** i **d** е дадена со изразот:

$$d = \frac{\log 2}{\log\left(1+\frac{P}{100}\right)}$$

Во пресметките за предвидување на потрошувачка на ел.енергија, работени се поединечно потрошувачките на ел.енергија во домаќинствата, индустријата и локалите. При тоа треба да се каже дека заради многу големиот пад на потрошувачката на ел.енергија во локалите во 1996 год, за пресметка на предвидувањата на потрошувачката во локалите користен е следниот начин : Земено е просечното процентуално учество на потрошувачката на ел.енергија во локалите во однос на вкупната потрошувачка на ел.енергија.

Во последните тринаесет години, процентуаното учеството на потрошувачката во локалите во однос на вкупната годишна потрошувачка на ел.енергија изнесува 7,51 %. Овој процентуален износ е запазен при предвидувањето на потрошувачката на ел.енергија во планскиот период.

Тука да напоменеме дека просечното процентуалното учество на потрошувачката на ел.енергија за улично осветлување во однос на вкупната потрошувачка на ел.енергија во изминатите гоодини изнесува 0,57 %. Овој податок е земен во предвид при пресметката на вкупната потрошувачка на ел.енергија во планскиот период.

Потребите од електрична енергија на Кумановскиот конзум за планскиот период ќе ги презентираме пооделно за секоја категорија на потрошувачи.

Планирана потрошувачка на ел.енергија по категории на потрошувачи

Година	Домаќинства (MW)	Индустија (MW)	Локали (MW)	Вкупно (MW)
1996	153.608	60.534	1.153	216.658
2005	240.000	78.000	26.000	346.000

Во наредната табела ќе ги прикажеме вредностите на коефициентите **P** и **d** во планираниот период и тоа одделно за секоја категорија на потрошувачка.

Просечен годишен пораст - P и број на години за кои потрошувачката ќе се удвостручи - d по категории на потрошувачи :

Потрошувач	Просечен годишен пораст - **P** (%)	Број на години за кои потрошувачката ќе се удвостручи - **d** (год.)
Домаќинства	5,1	13,9
Индустрија	2,8	25,1
Локали	41,37	2,0
Вкупно	5,34	13,3

Од двете последни табели може да се заклучи дека во планскиот период се предвидува:

- Потрошувачката во домаќинствата да се зголеми за 56 % а да се удвостручи за 14 години ,
- Потрошувачката во индустријата да се зголеми за 29 % а да ја удвостручи својата вредност за 25 години,
- Потрошувачката во локалите, заради сегашнота ниска вредност, се предвидува најмногу да расне, така да до крајот на планскиот период да порасне за 2155 % а ќе ја удвостручува својата вредност за две години,
- Вкупната потрошувачка до 2005 година ќе се зголеми за 60 % а ќе ја удвостручи својата вредност по 13 години.

Во проценката на вкупната потрошувачка на ел.енергија треба да се земе во предвид и влијанието на цената на електричната енергија. Доколку е таа пониска тогаш и потрошувачката на ел.енергија ќе биде поголема.

За предвидување на максимални снаги, користени се исто така податоци од минатото како и методот на удвостручување на снага и методот на просечен пораст на максимални снаги :

$$P_T = P_O \bullet 2^{T/d} \qquad P_T = P_O \left(1 + \frac{p}{100}\right)^T$$

каде што е:

P_T - Максимална снага по време од **T**- години (MW)
P_O - Максимална снага во почетна година (MW)
T - Број на години
d - Број на години за кои максималната снага ќе се удбостручи
p - Просечен годишен пораст на максималните снаги

Планираните вредности на максимални снаги и коефициентите **d** и **p** ќе ги прикажеме во следните табели :

Планарана вредност на максимална снага :

Година	Максимална снага (MW)
1996	69,16
2005	101,36

Број на години за кои максималната снага ќе се удвостручи :

Година	Просечен год.пораст (%)	Број на год. за кои максимал. снага ќе се удвостручи
2005	4,64	15,28

Од горните табели може да се заклучи дека до 2005 година максималната снага ќе се зголеми за 57 % а ќе ја удвостручи својата вредност за 15 години.

Како што е напоменато, збирна инсталирана снага во трафостаниците што ја напојуваат со електрична енергија Кумановската Општина, изнесува 124 MVA. За задоволување на планираните нараснати потреби на ел.енергија и максимална снага, во трафостаниците се предвидуваат следните промени :

- ТС Куманово 1- 110 / 20 / 10 kV :

И двата трансформатори ќе се поврзат на секундарната страна на 20 кВ.

- ТС Куманово 2- 110 / 20 / 10 kV :

Се предвидува набавка и монтирање на трет 110 / 20 kV трансформатор со снага од 40 MVA а за кој што е оставен простор во трафостаницата.

Со гореопишаните промени вкупната расположива инсталирана снага во трафостаниците ќе биде 164 MWA. Предвидувањата за потрошувачка на ел.енергија и максимална едновремена снага, трансформаторите во 110 кВ трафостаници во потполност би ги задоволиле потребите за сигурно напојување на Кумановскиот конзум.

За во блиска иднина се планира премин од 10 kV во 20 kV напонско ниво. За таа промена ќе се извршат сите неопходни замени на трансформатори, изолатори, проводници, кабли и сл. Трафостаниците 10 / 0,4 kV со веќе монтирани трансформатори, каде што заради технички причини не може да се изврши промена на 20 kV напонско ниво, да се заменат со нови постројки.

Во однос на напојување на градот за влезот во трафостаницата Куманово 1 постои можност за уште едно поле со целокупна опрема. Ова посебно може да има значење при евентуалноо поврзување на оваа трафостаница со сооседниот ел.енергеетски систем на СР Југославија. Новиот далекувод би можел да се изведе во овој простор на влезот во трафостаницата.

Во идниот развој не се предвидува низ Куманово да минува 400 kV далновод а со тоа не се предвидува и градба на 380 kV постројка.

Доколку потрошувачката на ел.енергија рапидно се зголеми, а тој случај може да се јави со воведување на нови силни потрошувачи чија основна енергија е електрична, тогаш ќе се јави потреба од изградба на нова 110 kV постројка. За оваа намена предвидена е нова можна локација на источниот дел од поширокото градско подрачје, кај месноста Пуковско.

Учеството на поедини потрошувачки на енергија во вкупната потрошувачка на енергија

Облик на енергија	2000 год.		2010 год.		2020 год.	
	GJ	%	GJ	%	GJ	%
Цврсти горива	$684x10^3$	22.6	$834x10^3$	21.7	$1.02x10^3$	20.7
Течни горива	$1.27x10^3$	42.1	$1.55x10^3$	40.3	$1.89x10^3$	38.3
Електрична енергија	$851x10^3$	28.2	$1.04x10^3$	27.0	$1.26x10^3$	25.6
Топлинска енергија	$215x10^3$	7.1	$426x10^3$	11.0	$760x10^3$	15.4
Вкупно	$3.02x10^3$	100.0	$3.85x10^3$	100.0	$4.93x10^3$	100.0

7.6. ПТТ СООБРАЌАЈ

7.6.1. ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ

Поштенската мрежа во идниот период треба да обезбеди непречено обавување на внатрешниот и меѓународниот сообраќај. Посебно треба да се обрне внимание на модернизацијата и автоматизацијата на технолошкиот процес во поштанскиот сообраќај. За отварање на нова единица на ПТТ мрежа, за средните градови со 50.000 до 300.000 жители во кои спаѓа и Куманово, дефиниран е следните критериумот "дванаесет минутна зана". Ова значи дека за

При отварањето на единиците на ПТТ мрежа треба да се земе во предвид и влијанието и обемот на услугите, инфраструктурните услови на соодветното подрачје, комуникационите врски, поврзаноста, условите за работа итн.

Развојот на современата техника во поштенскиот сообраќај во идниот период ќе дава нови можности како што се:

- усовршување и проширување на тн. забрзана пошта;
- каталошка продажба;
- бирофакс;
- електронска пошта, во заедница со телекомуникациите;
- услуги по договор;
- услуги од посреднички тип од сферата на финансиите итн.

Со планот до 2000 год. во општина Куманово се предвидува да се зголеми бројот на единици на 22 а бројот на шалтери на 26. Со тоа бројот на

жители на кои ќе дава услуги една поштенска единица ќе изнесува 5.752 а на еден шалтер 4.867. На една единица ќе доаѓа просечно по 55 км^2. Со планираниот развој на поштенскиот сообраќај општината Куманово ќе се приближи до соодветните показатели кои се однесуваат за Р.Македонија каде што се планира густината на жители на една единица биде 5.872 а на поштенски шалтер 3.642. Со тоа еден поштенски шалтер би покривал површина од 73 км^2. Како приоритетна задача на поштенската мрежа во Куманово во идниот период ќе преставува усовршувањето и модернизацијата на:

- МС пратка (забрзана пошта) во внатрешен и надворешен сообраќај,
- експресна достава на одредени производи за широка потрошувачка,
- изградба на нови односно реконструкција и реновирање на одредени постојни единици во поедини населени места во општина Куманово (Жегљане, Градиште, Липково Ваксинце, Черкезе, Дубровница итн.).

Во иднина се планира превозот на поштански пратки да се извршува со брзи превозни средства, патнички возила и лесни камиони.

7.6.2. ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА

Принципите и насоките за развојот на телефонска мрежа се зацртани со "Среднорочниот План за развој на ПТТ сообраќајот во Р.Македонија за период 1991-1995 год." при што динамиката на реализацијата е поместена до 2000 год. Овие насоки се содржани во усвоениот "План за инвестициони вложувања во телекомуникациите до 2000 год.". Основени критериуми на планот се следните:

- Обезбедување на тел.приклучоци (парица) за секое домаќинство во градските, вонградските и руралните подрачја со над 50 домаќинства.
- За стопанските и другите правни субјекти во градовите и руралните центри да се обезбедат додатни 25% од вкупниот број на тел.приклучоци за домаќинства во соодветниот комутационен центар, а исто така да се земат во предвид потребите од тел.приклучоци во туристичките региони во Републиката.

За да можат да се искористат големите можности што ги даваат новите дигитални комутациони системи кои врашат интегрирање на разни видови на комуникации како што се пренос на слика, текст, податоци, истовремено по иста мрежа, потребно е прераснување на телефонската PSTN мрежа, во мрежа на интегрирани услуги ISDN, односно телефонска ISDN мрежа.

Поради технолошката застареност на постојните аналогните системи и степенот на нивната амортизација, како и потребите за подобар телефонски сообраќај и можност за воведување на нови услуги, се јавува потреба да се изврши замена со нови дигитални системи.

Со планските определби до крај на 2000 год. се предвидува на територијата на општина Куманово покрај постојната тел.централа да се

приклучи и нова дигитална централа со 5.216 тел.приклучоци. Се планира и монтирање на одалечински степени во селата односно населбите: Орашац (со 276 тел.пр.), Лојане (652 тел.пр.), Оризаре (652 тел.пр.), Карпош (3.608 тел.пр.), Зелен Рид (1.800 тел.пр.), Агино Село (276 тел.пр.), Романовце (526 тел.пр.), Матејче 1.802 тел.пр.), Табановце (652 тел.пр.), Клечевци (526 тел.пр.), Пчиња (526 тел.пр.), Старо Нагоричане (526 тел.пр.), Мадо Нагоричане (526 тел.пр) и Лопате со 904 тел.приклучоци. Вкупно се планира бројот на нови телефонски приклучоци да изнесува 18.468. Со тоа бројот на телефонски приклучоци во општина Куманово ќе се зголеми на 34.004 а густината на 26.87 телефонски приклучоци на 100 жители. Во Р.Македонија до крајот на 2000 год. се предвидува густината да изнесува 34,6 телефонски приклучоци.

Во планскиот период во реализација на телефонска претплатничка мрежа ќе се продолжи со класичното кабловско поврзување. Со воведување на оптички кабли во месната телефонска мрежа и на соодветните оптички системи се создаваат услови за воведување на т.н. широкопојасни претплатнички услуги во наредниот период.

7.6.3. ТЕЛЕГРАФСКА МРЕЖА

Во последните години имаме стагнација на одвивање на телеграфскиот сообраќај. Ова е резултат на брзиот пораст на фексимил услугата (телефакс приклучоци), со кои се обезбедува поекономичен и побрз пренос на пишани информации од телеграфијата. Се проценува дека тенденцијата на намалување на телеграфскиот сообраќај во идниот период ќе продолжи. За сметка на тоа ќе расне интересот за телефакс услугите и пренос на податоци. Заради тенденцијата на намалување на телекс претплатнички приклучоци во целата Република (од 801 во 1994 год. 766 во 1995 год. и 683 во 1996 год.) во текот на 1997 год. покрената е иницијатива за реорганизација на постојната телеграфска мрежа со предлог за реализација на нова конфигурација на телеграфската мрежа во Р.Македонија. Според ова реорганизација телеграфскиот сообраќај би се одвивал преку постојната Крајна тефеграфска централа во Скопје која е со монтиран капацитет од 800 приклучоци и Транзитната тефеграфска централа во Скопје која има капацитет од 1000 приклучоци. Постојните Крајни тефеграфски централи во Велес, Битола, Охрид и Штип би се демонтирале. Претплатниците приклучени на овие централи би се приклучиле на постојната Крајна телеграфска централа во Скопје како одалечени претплатници.

7.6.4. МРЕЖА ЗА ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИ СО КОМУТАЦИЈА НА ПАКЕТИ (МАКПАК)

Со планот за 2000 год. се предвидува инсталирање на 19 нови мултипротокол пристапни јазли (МАС) секој со капацитет од 18 кориснички порти и 3 транзитни АТМ-Фраме relеs јазли со капацитет 292 порти. Се планира мрежата да се состои од: удвоен контролно-управувачки центар во

Скопје, удвоен Сервер и мултипротокол пристапен јазол во Скопје, транзитни АТМ-Фраме релеs јазли во Скопје, Штип и Охрид со можност за пристап и 30 мултипротокол пристапни јазли во 30 градови во Р.Македонија. При тоа од сите локации можен е оддалечински линиски пристап. Се планира интернационално поврзување и со Франција, Бугарија и Грција. Како нов ВАС сервис се јавува Интернет сервисот која овозможува пристап до глобалниот Интернет. Овој сервис ќе биде дистрибуиран низ целата држава со пристап на 30 локации.

7.6.5. МРЕЖА НА МОБИЛНА ТЕЛЕФОНИЈА

Базните станици се поврзани со контролерот на базни станици преку А-бис интерфаце користејќи 2 Mbt/s притоки од постојната мрежа на системи за пренос преку оптички кабел (SDH системи за пренос), РР системи и кабловски системи. Секој примопредавател користи по три 64 kbit/s канали, така што вкупниот број на потребни канали за поврзување на секоја локација со контролорот е соодветен на бројот на примопредаватели на таа локација. Во периодот до 1998 год. се планира реализација на капацитет од 25.000 претплатници. Покривање на територијата на државата и воведувањето на планираните претплатнички услуги ќе се одвива преку 36 базни станици со 153 примопредаватели. Со инсталирање на сите базни станици територијата на Р.Македонија ќе биде покриена приближно 70 % а со населението околу 90 %. Со зголемување на бројот на претплатници, постојано ќе се следи и сообраќајното оптоварување на секоја ќелија од што ќе зависи и бројот на базните станици кои ќе се поставуваат во понатамошниот развој на мрежата на мобилна телефонија. Се предвидува да се воведат и следните дополнителни услуги:

- пренос на кратки пораки;
- говорна пошта;
- алтернативно говор/факс;
- пренос на податоци-брзина 9.600 bit/s.

Во период до 2000 год. се планира проширување на мрежата на мобилна телефонија со монтажа на дополнителни BTS TS заради подобрување на покривањето, посебно на магистралните патишта како и на други области кои не се целосно покриени. Се планира проширување на капацитетот на мрежата до 50.000 претплатници. Долгорочен план е реализација на комплетно покривање на целата територија на државата со 95% и покривање на населението од 100 %. Во однос на услугите во наредниот период се планира воведување на услуги од ГСМ фаза 2+.

8. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ПРИРОДНИ ВРЕДНОСТИ И РЕТКОСТИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО

Развојни и демографски трендови, порастот на станбената изградба и завземање на земјиштето, се основни генератори на притисокот врз просторот. Покрај тоа сообраќајот, енергетиката, индустријата, претставуваат главни секторски активности кои влијаат врз адекватно секторско и просторно планирање на овие дејности.

Последниве години концептот на заштита на животната средина во планирање на градовите се базира на превентивен пристап односно вклучување на еколошки фактори во донесување на планско-инвестициона одлука.

За состојбата на животната средина во градовите карактеристично е:

- нарушување на квалитетот на воздухот, водата и земјиштето, особено заради сообраќајот, употреба на фосилни горива и производни активности
- големо ниво на загадување, особено со сумпор диоксид и оксиди на азот
- отежнато снабдување со вода за пиење и загадени реки
- загадено земјиште во зона на индустрија
- големи трошкови за рехабилитација на земјиштето и екосистемот

Заради овие и други проблеми кои се последица на неадекватното планирање, донесени се многу меѓународни документи кои укажуваат на пристапот на планирањето. Според "Зелениот документ за квалитет на животната средина" донесен 1991 година, за подобрување на квалитетот на урбаната средина потребно е да се превземат неколку активности:

- урбанистичко и просторно планирање
- оптимално управување со индустриски и економски развој, потрошувачка на електрична енергија и отпадокот
- рационализација на градски сообраќај, вклучувајќи го јавниот градски сообраќај
- заштита на историски вредности и зелените површини

8.1.ВЛИЈАНИЕ НА РАЗВИТОКОТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

8.1.1.ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ И ПРОЦЕС НА УРБАНИЗАЦИЈА

Демографски развој

Населението претставува значаен фактор во развојот на еден простор но во исто време е и одлучувачки фактор во процесите кои влијаат на обемот, темпото, смерот и карактерот на промената на животната средина.

Многу важни обележја во демографските движења во Куманово се силните (често и стихијни) миграции, кои се условени со процесот на деаграризација и урбанизација. Како последица се јави преголема концентрација на населението во помалку развиени урбани подрачја (околни населби на градот) и депопулација во планинските подрачја што услови создавање на регионални диспропорции во развојот на општината.

Просторно и урбанистичко планирање

Процесот на урбанизација беше условен од многу фактори, од кои најголемо влијание имаше индустријализација и деаграризација. Недоволно плански усмерувани индустријализација и деаграризација кои беа спонтани и неконтролирани, директно влијаеја на концентрација на населението во градовите кои имаа поволен услов за развој, па така разместување на индустриските дејности доминантно се одвиваа во поголемите градови, меѓу кои и Куманово. Вака неповолен просторен распоред на активностите и населението во мал број градови услови животната средина да биде деградирана.

8.1.2.ОПШТЕСТВЕНО ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Со интензивирање на искористување на природните ресурси, дојде до деградација на природните екосистеми, особено шумски, како и зголемена ерозија на земјиштето, а се тоа има за последица значајни пореметувања на еколошката рамнотежа.

8.2. СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

8.2.1.ОСНОВНИ ПРОБЛЕМИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

- **Воздух**

Емисија на штетни материи во атмосферата е голема и покрај релативно нискиот степен на развој, што е последица на нерационално искористување на енергија, нестручно управување со системи, ниска техничка ефикасност на уредите и нивен краток век на траење.

Проблемот на загадување на воздухот во општина Куманово резултира од зголемувањето на работните и животните активности кои повлекоа неминовно со себе развој на градот и околните населби. Тоа доведе до зголемување на сообраќајот, интерни топлани и домашни ложишта, градежништво и друго што се рефлексира врз загадувањето на воздухот. Поголемата емисија на штетни состојци во атмосферата доведе до загадување на воздухот во градот кое е присатно со мали осцилации во текот на целата година.

Загадување на воздухот од морфолошки аспект може да биде во вид на примарни, кои директно во воздухот исфрлаат штетни материи и може точно да бидат идентифицирани и секундарни , кои се добиваат при взаемно дејство на два или повеќе примарни загадувања.

Аерозагадувањето од природните извори настанува независно од човековите желби и дејствување поради што посебно внимание заслужуваат важечките извори настанати како резултат на човековите активности. Во индустриски развиените средини во атмосферата се индентифицирани повеќе стотици разни материи кои потекнуваат од човековите активности. Следење на сите тие материи нити е можно нити потребно, поради што се врши избор за следење на основните штетни материи во воздухот.

Санитарна состојба на воздухот во градот Куманово

Во Куманово санитарната состојба на воздухот почна да се истражува од 1974 година во воспоставување на мерни места и со просторно и временско пратење на поедини штетни материи во воздухот и тоа: чад, сулфурен диоксид и таложни материи.

- Чад (Аеросоли)

Во Куманово измерените количества на чад имаат изразито сезонско движење. Во топлиот период кога нема ложење за отоплување и кога метеоролошките услови се поволни (нема магла, често дува ветер), количеството на чад е неколку пати помало во однос на студениот зимски период. Во почетокот на есента, летото и пролетта најчњсто концентрациите се во дозволени граници додека во останатиот период има зголемена концентрација на чад (зимски период, јануари, февруари, март и април). Гледајќи ги извршените мерења уочливо е дека над 165 дена во годината концентрацијата на чад е над дозволените граници.

- Сулфур двооксид

Повеќегодишните мерења на SO_2 во Куманово покажуваат дека концентрациите имаат изразито сезонско движење. Највеќе е застапен во зимскиот период, но и тогаш е регистриран само околу 30 дена во текот на годината, а ниту еден ден не се надминати максимално дозволените концентрации.

- Аероседименти (таложни материи - прашина)

Таложните материи во воздухот се од различно потекло: неуредени и лошо одржувани јавни површини, лоши патишта, градежна оператива и др. Количините на таложни материи се знатно поголеми во пролет и лето. Годишниот просек на наталожена прашина е во дозволените граници, а максималните вредности го надминуваат нормативот и се над максимално дозволените концентрации.

Според количината на вкупно наталожена прашина Куманово припаѓа во средно загадена населба.

- **Загадување на водите**

Брзата индустријализација и урбанизација како и се поизразито интензивирање на земјоделиетое основа за поголемо користење на водата и создавање на поголеми количини на отпадни води оптеретени со опасни и штетни материи. Невоспоставените односи помеѓу корисниците во потрошувачката на водата и отстранувањето на отпадните комунални и индустриски води неповолно се одразуваат во изградбата на системот на водоводната и канализациона мрежа и потребниот систем на станици и уреди за пречистување. Влијанијата на неуредените водни биланси и режимот на користење на водата и отстранувањето на загадените отпадни води сериозно ги нарушуваат условите за опстанок на основните системи на човековата околина.

Карактерот и распоредот на поедините урбани системи во урбаниот модел ја определуваат примарната идентификација на неговите неповолности во однос на природната средина. Просторната диспозиција на загадувачите, во однос на зонирањето на урбаните системи и природната средина, создава неповолни состојби во човековата околина. Присуството на многу опасни хемиски и органски загадувачи е евидентно и тешко за решавање поради крајно неповолната диспозиција на индустриската зона (ф-ка Кожара и ФЗЦ "11ти Октомври), како и свињарската фарма. Хазардот од катастрофални последици од загадување на водите на Кумановска Река, подземните води е изразито голем.

Истражувања за санитарно-хигиенската состојба на водите вршени се на проточните води во Општина Куманово и тоа на физичко-хемиските, токсиколошките, радиолошките и микробиолошките карактеристики на водата од речните токови на Пчиња, Кумановска и Крива Река. Водите од речните текови на овие реки според квалитетот воврстени се во трета и четврта класа, додека во поедини временски периоди се и вон класа. Значи, значително поголемото користење на водите во комунални и индустриски потреби и испуштањето во реципиентот на отпадните води загадени поради непостоење на уреди за пречистување на отпадните води, ги надминуваат максимално дозволените концентрации и по повеќе пати.

Скромните расположиви количини и резерви на вода, како и големото значење на водата укажува на потреба за водење посебна грижа за заштита на водите од загадување. Во споредба со претходните години загадувањето на водите покажува тенденција на се поголемо загадување, посебно на Кумановска Река која поприми карактеристики на канализациска отпадна вода, заради испуштање на отпадните води од градот во неа.

Констатирано е дека најголем број на корисници на вода сем ФЗЦ "11ти Октомври" не врши пречистување на отпадната вода ниту мерења на испуштената количина на отпадна вода. Сите индустриски отпадни води од градот преку главниот колектор директно се испуштаат во речниот тек на Кумановска Река под градот. Во Коњарска Река без пречистување се испуштаат и водите од свињарската фарма.

- **Бучава**

Проблемот на бучава на подрачјето на градот Куманово досега не е анализиран и истражуван. Во градот се среќаваат извори кои би создавале бучава, посебно во поедини локалитети каде што има зголемена фракфенција на сообраќај, простори каде што работат машини и други места. Во нив се јавува прекумерна бучава, меѓутоа нивниот повремен и локален карактер не создаде можности и услови за мерење на интензитетот на бучавата.

Имајќи ги во предвид негативните последици од буката потребно е перманентно мерење и контролирање на буката посебно на најкарактеристичните и најоптоварените точки во градот како што се улиците со зголемена фрекфенција на сообраќај и просториите каде што работат машини.

Како составен дел на ГУП на град Куманово према упатството за начин и обработка на ваков вид плански документации во кратки црти ги презентираме мерките за Заштита на водата, воздухот и почвата.

При обработката на овој дел од програмските барања постојат два мошне значајни и ограничувачки фактори, а тие се:

- Проучувајќи го Законот за Заштита и унапредување на животната средина и природата (Сл. в. на РМ бр. 69/96 ништо не е речено околу начелните обврски кои во изработката на просторните и урбанистичките планови треба да бидат запазени и елаборирани од аспект на заштитата на трите животни медиуми
- Досега на просторот на Република Македонија немаме системско следење на состојбата во врска со загадувањето, врз основа на чии податоци би се правеле одредени заклучувања и предлагале плански мерки за заштита на средината (состојбите во оваа област се веќе начелно изнесени во текстуалниот дел на оваа книга "Квалитет на животната средина". При ваква ситуација наведени сме на импровизирани текстови кои ги

насловуваме како елаборати на плански мерки за заштита на животната средина.

Како плански мерки на овој ГУП за заштита на водата (површинска и подземна) би можеле да сметаат следните:

- Неминовно е изградба на Пречистителна станица и испуштање на пречистените води во Кумановската Река јужно од опфатот на урбаното подрачје
- Насока за регулирање а потоа одржување и унапредување на чистотата на водотеците и нивните корита низ опфатот на урбаното подрачје. Во оваа смисла треба да се обрне внимание на регулација на реката и уредување на речното корито.

Како плански мерки за заштита на воздухот би можеле да се сметаат следните:

- Потребно е сите постојни улици од повисок ранг (магистрални - колекторски) освен изградените коловози да се дооформат и со другите планирани елементи на попречните профили (тротоари, тревници и дрвореди) со што би се редуцирале земјаните површини кои во сегашната состојба се големи извори на прашина. Оваа покажува да во иднина предвидените улици треба да се градат во нивните вкупно предвидени попречни профили.
- Совесно одржување на постојното градско, парковско и скверно зеленило, а истовремено вложување на напори за формирање на нови такви површини за кои според овој ГУП се предвидува вкупно 317.14ха зелени површини во кои спаѓа парковско, заштитно зеленило и рекреативно зеленило Наведените мерки за заштита на водата и воздухот и почвата се дадени и во одредбите за реализација на ГУП.

- **Културно историско наследство**

Заштитата на создадените културни и историски вредности ги има предвид материјалните културни вредности од минатите историски епохи од постаро и поново време, како и заштита на вредни сегашни градски простори и објекти од областа на материјалната култура.

Секој од развојните периоди на градот оставил траги на своето време кои својот одраз го имаат во градителството и воедно претставува сведоштво за развојниот процес на градот.

Заштита на културно-историски споменици треба да се врши перманентно преку конзервација и реставрација на споменичките вредности.

Досегашната практика покажува дека еден од мотивите за заштита на спомениците на културата од пропаѓање е и да се внесуваат нови функции кои ќе го облагородат и функционално осмислат објектот.

Тргнувајќи од неопходноста за зачувување на старите агломерации и поединечни објекти кои имаат некаква историска или градежна вредност ја истакнуваме потребата од идентификацијата на градот, затоа што град без своја историја искажана и преку градителство не е град. Со тоа ќе се избегне болката на многу градови кои почнуваат да личат еден на друг како резултат на интензивниот развој на современото градежништво чии слабости најчесто се одразуваат на негирање на се што е старо и несовремено, така да градот ја губи својата специфичност, својата боја и дух.

Од страна на Републичкиот завод за заштита на споменици на култура регистрирани се следните недвижни споменици на културата:

- Амам - стара бања
- Спомен костурница
- Црковен комплекс Свети Никола.

Со претходниот ОУП е направено дополнување на евидентираните комплекси и објекти со посебни архитектонски, историски и амбиентални вредности.

КОМПЛЕКСИ

1.комплекс на ул. "Ленинова "
2.комплекс на ул. "Иво Лола Рибар"
3.комплекс на ул. "Илинденска"
4.комплекс на дел од ул. "11 Октомври"

ПОЕДИНЕЧНИ ОБЈЕКТИ

5.Собрание на Општина на ул. "Гоце Делчев"
6.Занатски дом
7.Соколана
8.ОУ Крсте Мисирков
9.Историски музеј
10.Собрание на Општина
11.Индивидуален станбен објект на ул. "27 март" бр.2
12.Индивидуален станбен објект на ул. "Партизанска" бр. 3
13.Ловечки дом
14.Основно училиште на ул. "Тане Георгиев"
15. Куќа на Дане Цеков на ул." Моша Пијаде" бр.138
16. Куќа на Христијан Тодоровски Карпош на ул. "Први Мај" бр.15

ВЕРСКИ ОБЈЕКТИ

15.Црква Свети Троица
16.Црква Свети Мина

17.Црква Свети Петка
18.Црква Свети Ѓорѓи
19.Ески џамија

Натамошната заштита на градителското наследство (споменици на културата) ќе биде обврска на Заводот за заштита на споменици на културата, со изработка на документација која ќе содржи:

-зони за заштита на споменични целини
-контактни зони за пединечни споменици, со кои се утврдува односот помеѓу старото и новото
-резервирани зони за идни археолошки истражувања
-предлог за ревитализација на најзначајните споменични целини и објекти со предлози за нивно наменско користење и вклопување во просторната организација

- **Значајни амбиентални целини, пешачки коридори, визури**

Севкупниот јавно-политички , административен и културно-забавен живот во градот воглавно се одвива во централното градско подрачје каде што се сместени сите важни функции.

Доминантно место во центарот на градот како главно пешачко жариште го зазема Градскиот плоштад, кој е поделен на два дела со импонзантни површини , оплеменети со зеленило, партерно уредување со урбана опрема и монументални објекти - споменици на Револуцијата. Како централна скулптура доминира споменикот "Македонка".

Кон Градскиот плоштад фокусно се движат скоро сите пешачки и сообраќајни правци.

Некои од нив, како што е сообраќајницата "Гоце Делчев" го тангира истиот од западна страна и во исто време претставува бариера кон останатото градско јадро. Во поголем потез бариерата има позитивна улога затоа што визуелно и комуникациски блокира и скрива деградирани градски реони кои не се зафатени од системот на современата урбанизација туку само од времето, па повеќе претставува дистрикт со скоро угнетувачка снага, со тесни и тешко проодни сокаци и трошни куќи.

Од западна страна на плоштадот на истата сообраќајница "Гоце Делчев" се наоѓа објектот со повеќе општествени функции : Геодетска управа и Подрачна единица на Министерство за финансии како и амбиенталниот комплекс "Стар мерак".Овој комплекс потекнува од триесетите години и со Занатскиот дом претставува важен и препознатлив белег на старата градска архитектура од почетокот на дваесетиот век. Зградата на Занатскиот дом е изградена во 1930 год. од фондот на

Занаетчискиот еснаф во Куманово, и се наоѓа на самиот плоштад од неговата југозападна страна.

Со својата монументалност и специфична архитектура Занатскиот дом претставува амбиентален идентитет на градот.

Во продолжеток на комплексот "Стар Мерак" се надоврзува мал сквер пред објектот на Комерцијално-инвестиционата банка и поголем блок на станбено-деловни објекти на доста прометната и амбиентална улица "11-ти Октомври", позната и како Велешки сокак. На истата улица по должина од двете страни се наоѓаат повеќе јавни и општествени функции: Општински суд, Собрание на општина Куманово, Пошта , угостителски објект "Хотел Куманово" и повеќе станбено - деловни комплекси и објекти од амбиентален и современ карактер. Ова е многу важна сообраќајна и пешачка комуникација во градот затоа што истата на запад од наведените функции се протега покрај Градската болница и понатаму кон Автопатот, кој излез од градот пред реализацијата на артеријалната сообраќајница "Трета МУБ" била главна и единствена врска.

Главните пешачки а делумно и сообраќајни коридори се одвиваат зракасто и водат кон Градскиот плоштад. Многу е важен уливот на постојните амбиентални улици : Ленинова (позната како Опанчарски сокак) од северна страна, Илинденска (Романовски сокак) и ул. Народна Револуција со улив од јужна страна како и ул.Иво Лола-Рибар (Нагорички сокак) од источна страна. Тоа се стари градски јадра во кои порано се одвивал севкупниот занаетчиски и еснафски живот во градот а денес претставува амбиент кој ги привлекува граѓаните и од аспект на оживеано старо градско јадро и како можност за инвестирање во деловни простори.

Сите горе наведени сокаци со својата специфична морфологија се заштитени како амбиентални од Собранието на општина Куманово со Одлука за измена и дополнување на одредбите за спроведување на ОУП на градот Куманово под бр. 02-17269/1 од 17 ноември 1988 год.

Голем интерес се пројавува за амбиенталната улица Ленинова затоа што во нејзина близина се наоѓа црквата Свети Никола, како објект од верски карактер и старо градителско наследство. Црквата Свети Никола датира од 1851-1852 год. изградена на остатоци од постара мала црква, и е сместена во густо изградено, старо, градско јадро.

Друг верски објект во градот кој исто така е многу важен за граѓаните е секако црквата Света Троица, која што е почната 1899 год. а завршена во 1902 год. Истата визуелно е скриена со градењето на Домот на културата, но сепак е важен пешачки коридор во животот на градот.

Многу важна комуникација во градот е секако улицата Народна Револуција на која се наоѓаат Основните училишта Крсте Мисирков и Браќа Миладиновци а во продолжеток и Градскиот парк и објектот на Соколаната , спортски објект од триесеттите години на 20 век. Иако самиот објект е во многу лоша состојба и денес се користи за физичко воспитување на младите и

претставува значајно обележје на старата градска архитектура . Оваа функција е надополнета со таканареченият соколански парк кој иако со мала површина сепак претставува пријатно катче за граѓаните.

Како и секоја градска населба и градот Куманово има свој Градски парк сместен покрај реката Липковка на север од централното градско подрачје кој многу години се уредувал и користел како најомилено шеталиште . Истиот постои и денес но со помал интерес кај граѓаните за посети.

Кумановската Бања отсекогаш била посетувана од граѓаните и заради термоминералните води и заради парковското зеленило. Денес бањата, како банеолошки и спортско-рекреативен комплекс не ги задоволува потребите бидејќи е доста запуштен и од аспект на животна средина загаден од коритото на Кумановска Река. Сепак традицијата за посети на истиот не е угасена. Во оквир на комплексот влегува и угостителскиот објект Хотел "Куба" и Градскиот базен.

Како посебен квалитет на банеолошкиот комплекс може да се истакне Ловечкиот дом кој после реконструкцијата и ревитализацијата, со добивање на угостителски карактер, тениски игралишта и базен доживеа целосна ренесанса. Ловечкиот дом е изграден во триесетите години на 20 век на имотот на Трајко Лопарски, што им го подарил на ловциите од Куманово.

За банеолошкиот спортско - рекреативен комплекс резервирана е поголема површина со многу зеленило. Комплексот се протега по должина на реката Кумановка за чие корито е предвидена регулација.

Друго поголемо зеленило кое со своите теренски предиспозиции претставува и визуелен видиковец на градот е секако споменикот со парковското уредување и шумските простори на Спомен-костурницата, изградена во 1957 година по повод 11 Октомври, Денот на востанието на македонскиот народ. Се состои од обелиск и костурници во кои се сместени посмртните останки на загинатите во НОВ од Куманово и околината.

На тие јасни издиференцирани градски облици луѓето се многу привржани и тоа некои заради историското значење а други поради традицијата и своите лични доживувања . Према специфични простори и амбиенти како белези и ориентири на тие простори , човекот веднаш ја препознава секоја сцена и секој архитектонски и урбано-функционален амбиент.

9. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАСОЛНУВАЊЕ

- **Основни геостратегиски карактеристики**

Природните комуникациски коридори претставуваат стратешки нападни правци за дејство на агресорот. На територија на Општина Куманово како можни нападни правци се дефинираат:

-од југ - Источно-вардарскиот коридор; (Дојран-Валандово-Струмица-Штип-Свети Николе-Куманово)

-од север - Јужноморавско-вардарски коридор: (Табановце-Куманово-Свети Николе и Куманово-Скопје-Штип-Струмица)

Во Република Македонија условно се определени подрачја со 5 степени на загрозеност. Куманово е во простори со високстепен на загрозеност (втор по ред). Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафат на стратегиски насоки на напад на агресорот. Тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиени физички структури и се со најголема густина на населеност.

- **Одбранбена регионализација**

Анализа на природните и географски фактори покажа дека релативно малата територија на Р. Македонија располага со одделни подрачја со големи природни можности за организација и изведување на долготрајни борбрни дејствија. Од вкупно 5, во Североисточниот одбранбен регион спаѓаат општините: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Свети Николе, Пробиштип, Штип, Кочани, Виница и Делчево.

- **Политика на заштита на население од воени разурнувања**

На најголеми разурнувања ќе бидат изложени поголемите градви, каде што ќе има најголеми загуби. Затоа со Просторните планови на регионот и опШтината и со мерки за економска политика треба на на овие простори да се предвидува развој на туристички и рекреативни капацитети, викенд населби, ревитализација на напуштени села, лоцирање на мали производни погони, изградба на најнеопходна инфраструктура. Ова е трајна развојна и одбранбена стратегија.

Во уредбата за критериуми за засолнување на населението (Сл. весник на РМ бр. 81/92) член 2 алинеа 1, глава 2 **критериуми за обезбедување со објекти за засолнување** и членовите од 3 до 24 и глава 5 **казнени одредби** и членовите од 32 до 35 се бришат. Оваа уредба е донесена со Сл. весник на РМ бр. 12 од март 1998 година.

Во услови на постоење на објекти за засолнување останува да важи глава 3 **критериуми за користење и одржување на објекти за засолнување во мир** од истиот закон Сл. весник 81/92.

Постојниот капацитет на простори за засолнување према законот треба задолжително да се користат двонаменски. Заради тоа истите треба да се дефинирани со својата втора намена, со што би се надополниле содржините во градот, што би влегло и во билансите на површини за одредени дејности (простор за складирање, простор за угостителство, простор за просветно културни дејности и сл.)

Во мирновременски услови надлежност на овие простори има корисникот, но со одредени услови за користење према чл. 26, 27 и 28 од оваа уредба (сл. весник 81/92)

Во воено време со објектите управува Министерство за одбрана на начин што ќе се одреди со актот согласно член 93 од Законот за одбрана.

10. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

Заштитата од пожари е регулирана со Закон за заштита од пожари (Сл.весник на СРМ бр. 43/86) во чиј член бр.9 се вели:

Заради остварување на поуспешна заштита од пожари, соодветни мерки за заштита од пожари се предвидуваат во просторните планови на општината и урбанистичките планови за населените места, а особено за:

- Изворите за снабдување со вода, капацитетите на градската водоводна мрежа и водоводните објекти (црпни станици, резервоари, хидранти и слично) кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари
- Оддалеченоста меѓу зоните предвидени за домување и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена (за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи)
- Оддалеченоста меѓу објектите со различна намена и отпорност на пожари на конструкциите внатре во индустриската и станбената зона и објектите за специјална намена, која ќе овозможи спроведување на мерките за заштита од пожари
- Ширината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснењето на пожарите.

Изработувачот на плановите задолжително прибавува мислење од општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи во однос на застапеноста на мерките за заштита од пожари.

Освен цитираната содржина на чл.9, не постои друга законска или подзаконска регулатива за поблиската содржина на елаборатите за противпожарна заштита во состав на разните видови просторни и урбанистички планови.

Во овој елаборат ќе биде даден осврт на тоа во колкава мера поставките на измените и дополните на ГУП одговараат на барањата и мерките содржани во четирите точки од чл. 9 на Законот.

Првата точка упатува на мерката за обезбедување на капацитети на градската водоводна мрежа и соодветни објекти во мрежата преку кои би се располагало со доволно количества вода за гаснење на пожари во рамките на опфатот на урбаното подрачје.

Во аналитичкиот и планерскиот дел на ГУП е констатирано дека Куманово како и други градови во Републиката го има решено водоснабдувањето, но наидува на проблеми со застареноста на водоводната

мрежа и потрбната реконструкција на мрежата. Значи има вода за пиење која во критични моменти би се користела за гаснење на пожари.

Она што е речено во анализите на состојбите и во предвидувањата на понатамошен развој и во предвидувањата за понатамошен развој на водоснабдувањето на градот во потполност одговара на мерките и барањата од точка 1.

Како поткрепа на овој заклучок се истакнува следното:

- Опфатот на урбаното подрачје е добро покриен со водоводна мрежа, што е гаранција дека за нејзиното ширење ќе нема некои ограничувања од планерски аспект.
- Предвидените четири приоритетни групи на задатоци за интервенции во водоснабдителниот систем се воедно и плански мерки за поуспешна заштита од пожари на целата градска територија

Со остварувањето на предвидените задатоци ќе се обезбедат потребните количини вода и притоци во мрежата за гаснење на пожари.

Што се однесува во хидрантската мрежа таа е предмет на планирање на пониски нивои.

Во деталните урбанистички планови и во условите за градба на колективни станбени згради и други поголеми нестанбени објекти од областа на општественио стандард и стопанството, односно при изработка на главни проекти за ширење на водоводната мрежа или за реконструкција на постојната и сето тоа во согласност со подзаконската регулатива за ефикасно спротивставување на пожарите

Втората точка на чл.9 зборува за обезбедување на неизградени простори како едно од позитивните фактори за заштита од пожари, помеѓу станбената и работната зона, затоа што начелно се проценува дека во работната зона се наоѓаат или складираат поголеми количини лесно запаливи и експлозивни материи.

Проблем за заштита би биле дивоизградените населби кои ги има и во градот, но со текот на времето и тие ќе се решат со изработка на Детални урбанистички планови.

На повеќе места во рамките на урбаното подрачје се предвидени помали делови од работната зона наменети воглавно за развој на сервиси и мало стопанство. Некои од овие делови се во непосреден контакт со деловите од зона за домување, но во нив е категорички забрането лоцирање на стопански субјекти што се занимаваат со лагерување и промет на лесно запаливи и експлозивни материи или во нивните технолошки процеси користат поголеми количини на такви материи.

Третата точка од чл.9 го наметнува прашањето за обезбедување на слободни неизградени простори околу различните видови објекти како

позитивни фактори во успешната противпожарна заштита. Исто така оваа точка упатува на такви градежни материјали што се поотпорни за пренесување на пожари. И едното и другото барање се предмет на обработка во деталните урбанистички планови во кои се определуваат покрај останатото и диспозициите на објектите, нивните намени, меѓусебни просторни односи , односи кон уличната мрежа.

Барањата од четвртата точка на чл.9 од Законот се исто така предмет на елаборација во пониските планови, т.е. Деталните урбанистички планови. Барањата укажуваат на предвидување на такви ширини, носивости и проточности на уличните мрежи-профили кои ќе обезбедуваат непречено движење и маневрирање напротивпожарните возила.

Во таа смисла се и насоките на овој ГУП во определувањето на профилите на магистралните и колекторските улици во кои најмалата ширина на лента во една насока мора да биде најмала 3,5 м. односно 3 м., а вкупниот регулационен профил кај магистралните улици 24 м. и (повеќе во зависност од постојната состојба и теренските услови) и кај колекторските 15 м. и повеќе (или во зависност од постојната состојба) во функција на што побрза интервенција во гаснење на пожарите е и планската обврска. Магистралните улици да имаат најмалку по 2 сообраќајни ленти, со реско издвојување на пешачките од моторните движења.

Кај колекторските е услов да се обезбедува најмалку по една сообраќајна лента во двете насоки со диференцирање на пешачкиот и моторниот сообраќај.

Што се однесува до вкупните регулациони профили на улиците од повисок ранг (колекторски и магистрални) некои автори нив ги посматраат и како противпожарни прегради од I,II и III ред.

За противпожарни прегради од I ред се сметаат оние неизградени простори или улични профили кои имаат ширина најмалку колку што е збирот на висините на објектите од спротивните страни плус 20 метри. Противпожарни прегради од II ред се оние кај кои ширината е равна на збирот од висините на објектите од спротивните страни плус 10 метри, а кај преградите од III ред, ширината треба да биде најмалку колку што е збирот на висината на објектите од спротивните страни.

Противпожарните прегради од I ред го спречуваат пренесувањето на пожарите, од II ред даваат сразмерно добра заштита од пренесување пожари, а од III ред само го отежнуваат пренесувањето на пожарите но и не го спречуваат при подолго траење.

Со мрежата на колекторски и магистрални улици подрачје е изделено на помали делови, времени си улични или други неизградени со надземни објекти, коридори кои би го спречувале ширењето на пожарите.

Исто така поголемите зелени површини , се мисли на паркови каде е застапена густа концецтрација на насади не претставуваат противпожарни прегради, туку спротивно се уврстуваат во добри пренесувачи на пожари. За

овој момент мора да се води сметка при детално планирање и реализирање на хортикултурни решенија, за парковски скверни и други зелени површини.

При немање на попрецизна подзаконска регулатива во урбанизмот за критериуми и нормативи за спроведување на пожарното оптеретување на различно изградени просторни опфати, ќе бидат применети пак некои авторски предлози за изразување преку еквивалентна количина дрво во килограми на 1 м^2 земјиште, земајќи дека калоричната вредност на 1 кг. дрво изнесува околу 16,75 МЏ (мега џули) односно поранешна мерка 4000 ккал (кило калории). Па така:

- За пожарно оптеретување до 25 кг/м^2, односно 420 - 840 МЏ калорична вредност на 1 м^2 земјиште, може да се рече дека е средно и дека појавен пожар може да се пренесува во непосредна околина
- Пожарното оптеретување од 50 до 100 кг/м^2, односно од 840 - 1680 МЏ калорична вредност на 1 м^2 земјиште, се оценува како големо и постојат вероватности дека ќе се формираат површински пожари
- За пожарно оптеретување од 100 до 150 кг/м^2, односно од 1680 - 2520 МЏ калорична вредност на 1 м^2 земјиште, се оценува како големо и постојат вероватности дека ќе се формираат површински пожари
- За пожарното оптеретување преку 150 кг/м^2, односно преку 2520 МЏ калорична врадност на 1 м^2 земјиште, се оценува дека е многу големо при катастрофалните површински пожари кои се неизбежни.

Со средно пожарно оптеретување се карактеризира воглавно централниот реон каде е застапена мешана градба и по материјал и по старост и по катност и каде уличната мрежа во поедини пунктови може да се јави како тесно грло во ефикасноста на интервенциите за сузбивање на пожари. Со истото оптеретување би се карактеризирала и работната зона под претпоставка на нејзина целосна реализација.

Во рамките на урбаното подрачје не можат да се индентификуваат комплекси за кои биле карактеристични големо и многу големо пожарно оптеретување. Едно појаснување: противпожарните прописи во високоградбата нормираат три степени на пожарно оптеретување: ниско до 1256 МЏ/м^2 корисна површина, средно од 1257 до 3350 МЏ/м^2 корисна површина и високо преку 3350 МЏ/м^2 корисна површина.

Предложениот авторски критериум од 5 степени се однесува на вкупната земјина површина на локацијата односно земјишниот комплекс или опфат. Тоа значи дека пожарното оптеретување од сите објекти во комплексот се упростува - сведува на 1 м^2 вкупна површина.

И конечно, во плански мерки за заштита од пожари може да се смета и концепција на ГУП за лоцирање на уште 3 противпожарни станици покрај постојната.

Во насловот на оваа поглавје покрај планските мерки за заштита од пожари се бара да се разработат и мерките за заштита од други катастрофи. Тука најверојатно се мисли на земјотреси и воени разурнувања чија последица, покрај другото, се и појавите на пожари. Што се однесува до земјотресите заштитата е по пат на примена на технички прописи за асеизмичка градба, зависно од очекуваниот степен на сеизмичкиот хазард. Што се однесува за мерките за заштита од воени разурнувања, тие се разработени во посебен анекс кон ГУП, а пожарите се пожари без оглед на тоа како и од што се предизвикани.

11. ПАРАМЕТРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГУП

11.1. ОПШТИ ПАРАМЕТРИ

11.1.1.Со овие параметри:

- се определуваат условите и мерките за спроведување на концептот на Генералниот урбанистички план (ГУП) на град Куманово
- се дефинираат плански поставки за чие правилно сфаќање и спроведување од текстуалниот и графичкиот дел на планот не можат да се добијат секогаш соодветни тумачења (примена)
- се одредува на надлежните органи за понатамошно донесување на акти низ кои ќе бидат поблиску и подетално согледувани и регулирани поедини конкретни зафати во рамките на опфатот на урбаното подрачје на градот
- се утврдуваат глобални смерници за изработка на плановите од понизок ред

Овие параметри се применуваат во сите фази на разработка и реализација на ГУП и претставуваат негов составен дел.

11.1.2. ГУП има примена преку понатамошна изработка и донесување на Детални урбанистички планови, урбанистички проекти, изработка на локации и составување на услови за градба, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.в. на РМ "бр. 4/96, 28/97, 18/99, 53/01)

11.1.3. ГУП посредно се применува и преку изработка и реализација на главни проекти за улична мрежа, комуналната инфраструктура и други елаборати што произлегуваат како обврска од позитивните законски прописи и овие одредби.

11.1.4. ГУП не може непосредно да се применува на станбената градба од било каков вид и од било каков обем.

11.1.5. Во исклучителни случаи ГУП може непосредно да се применува т.е. да се составуваат услови за градба без претходно изработен Детален урбанистички план, само за стопански објекти во деловите на работната зона за чие нормално одвивање на технолошкиот процес е потребно земјиште од најмалку 0,3 ха (3000 м^2)

11.1.6. ГУП се применува директно и во случаи ако тоа е предвидено со Закон.

11.1.7. Одделни поими и изрази употребени во ГУП го имаат следното значење:

зона, е земјиште наменето за функција што се користи од повеќе хомогени корисници, т.е. зона е плурална единица на користење од аспект на намената на површините во рамките на урбаното подрачје. Зоната се состои од повеќе делови, различни по големина, кои можат а не мораат да имаат директен меѓусебен контакт

регулациони линии се оние линии кои ја разграничуваат градежната парцела и јавната сообраќајна површина

градежни линии ја определуваат површината за изградба до која може да се гради објектот.

граница на урбаното подрачје, е линија до која се протега изградба или уредување на земјиште за определени намени според ГУП. Оваа граница е идентична со границата на градежното земјиште и со границата на земјоделското земјиште за кое не е потребна посебна согласност за трајна пренамена на земјоделското земјиште

11.2. ЗОНА ЗА ДОМУВАЊЕ

11.2.1.Основен, а воедно и најдоминантен вид на градба во зона за домување се станбените објекти.

Во зависност од бројот на становите станбените објекти можат да бидат станбени куќи со градини и станбени објекти-структури со дворови.

Според преовладувачката намена станбените објекти можат да бидат: чисто станбени, станбено-деловни или деловно-станбени.

Во поглед на деловната намена во станбено- деловните и деловно-станбените објекти првенствено доаѓаат предвид оние што го сочинуваат така нареченото комплементарен блок на намени на станувањето (дуќани, продавници, работилници, сервиси и сл.), а потоа можат да се предвидуваат деловни простори за обавување на дејности и од сите други области, но не и оние за кои се карактеристични:

-индустриски начин на производство
-големи загадувања на воздухот, почвата и водата
-еманации на непријатни мириси што можат да се осеќаат во дворните места и објектите кај непосредните соседи
-бучави кои во дворните места и објектите на соседите се слушаат со интензитет поголем од 60 децибали во повеќекратни перманентни периоди преку денот подолги од 5 минути

11.2.2. Во зона за домување можат да се предвидуваат и градат објекти исклучиво за нестанбени намени, а првенствено оние комплементари на станувањето (за основно школство, примарна здравствена заштита, институции за деца од претшколска возраст, спортско-рекреативни пунктови и сл.).

11.2.3. Во рамките на зона за домување возможна е градба на објекти со нестанбена намена од поширок значај (реонски и градски) и тоа првенствено оние од областа на образованието, културата, угостителството, управата, администрацијата и сл. под услови што ќе произлегуваат од ДУП за соодветен простор што претставува дел од зона за домување.

11.2.4. Нето густина на населеноста во рамките на зона за домување на ниво на ГУП, при изработката на Детални урбанистички планови претставува бруто густина на населеност во однос на вкупната површина за која се изработува детале план.

При изработка на Детални урбанистички планови за делови од зона за домување, зависно од системот на градба треба да се спазуваат просечните густини на населеност како е просечниот број на станови и станбена површина на еден хектар, како што е прикажано во наредната табела:

систем на градба	**очекувана нето густина на населеност**		**број на станови**		**станбена површина**	
	просечно	отстапување во рамките од-до	просечно	отстапување во рамките од-до	просечно	отстапување во рамките од-до
	жители / 1 ха		станови / 1 ха		$м^2$ станбе.повр. /1 ха	
семејни згради	86	75-120	27	23-36	2000	1750-2750
комбиниран	180	120-245	55	36-74	4150	2750-5600
заеднички згради	270	245-365	82	74-110	6200	5600-8400

Отстапувањата се движат во однос на просекот од - 10% до +35%. За поголеми отстапувања надвор од овие граници потребни се посебни образложенија.

11.2.5. Сите инвеститори на нови станбени, станбено-деловни, деловно-станбени и други нестанбени објекти се должни во рамките на парцелите да обезбедуваат паркирни места за лесни коли за свои потреби на деловните соработници, во се према законските прописи.

Кај новопредвидените индивидуални згради и реконструкциите мора да се предвидува одреден број на паркирни места согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот

11.2.6. Централното градско подрачје опфаќа вкупна површина 21.03ха. Тоа е посебна целина во која се содржани урбани функции од домување со комплементарни функции: угостителство, занаетчиство, трговија и др.

Површините на централното градско подрачје се во билансите за станбената зона, а главно содржат централни функции испреплетени со домување.

Измените и дополнувања на Деталните урбанистички планови за Централното градско подрачје може да се изработуваат пооделно.

11.2.7. Заради поквалитетна изработка на Деталните урбанистички планови во рамките на зона за домување, територијалните опфати на урбаните блокови треба да изнесува мах 30ха. Во рамките на теоретските согледувања во претходниот став е рационално да се предвидуваат простори и градат објекти за основните комплетирани функции на становање во кои влегуваат: основно училиште, претшколски институции, разни видови деловен и продажен простор за секојдневни услуги, мали неизградени површини за детски, спортски игралишта, скверно зеленило и др.

11.2.8. Во Деталните урбанистички планови за делови од зона за домување и централното градско подрачје, со нивните Параметри за спроведување, попрецизно ќе се обработат условите за реконструкција, доградби, надградби и адаптации на постојните објекти, како и лоцирање на нови.

11.2.9. Со параметрите за спроведување на Деталните урбанистички планови попрецизно ќе се определуваат висинските коти и подовите на приземјата на новопредвидените објекти и оние предвидени за реконструкција, односите кон соседите, условите за градба на поткровја и др. услови со кои ќе се оневозможуваат битни нарушувања на условите на живеење и користење на постојните објекти.

11.2.10. При планирањето на максималната височина на зоните на урбанистичкиот план, се утврдува максималната височина во метри, а не во број на катови.

Ако се работи за зони лоцирани на терен во пад, утврдувањето на височината се врши со назначување на апсолутната кота до која може да се реализира изградбата на објектите, поврзана со визурата на соседните објекти и содржини од погорната зона.

Височината на објектот во зоните се определува од нивото на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека (нулта кота) до завршниот венец на објектот односно до слемето на објектот.

При планирањето, максималната височина на заедничките станбени објекти-структури изнесува 19.20 метар.

Максимална висина на семејни станбени објекти ќе биде 10.20 метри.

11.2.11. При оценување дали со некоја новопредвидена градежна интервенција се врши битно нарушување на условите на живеење во постојните објекти се поаѓа од следните начелни права:

- право на сонце

- право на непречено владение со имотот
- право на визура

Според првото начело ниедна градежна интервенција во постојните изградени делови на зона за домување не смее да го намали времето на осончување на ниедна од фасадите на околните објекти во време на зимскиот солстициј во споредба со постојната состојба, под претпоставка на фасадите на постојните објекти да има прозори.

Според второто начело треба да се спазува принципот секоја новопредвидена зграда да биде лоцирана на една парцела и да има директен контакт со јавна сообраќајна површина т.е. до максимална можна мера да се одбегнуваат службености во располагање со имотот.

Третата компонента е особено важна кај терени во пад (над 10% косина) каде при одредување на висина на слемето се внимава на запазување на непречена визура на секој објект пооделно.

Наведените ограничувања во став два на овој член не се однесуваат на постојните стекнати односи и на новопроектираните комплекси на неизградените површини, т.е. онаму каде нема постојани објекти па според тоа и не постои опасност за битно нарушување на условите за живеење. Во тие случаи се меродавни концепциите на урбанистичките решенија и диспозициите на објектите дадени во нив.

11.3. ПРОИЗВОДНА ЗОНА

11.3.1. Во работната зона се предвидени шест начелни подгрупи на намени и тоа:

- индустрија
- сервиси и мало стопанство
- стопански дворови на претпријатија и работни организации
- складишта
- царинско-шпедитерски терминал
- станбено-работни објекти

11.3.2. Групирањето е направено со цел оптимално да се одвиваат поедините дејности без поголеми взаемни негативни влијанија како и заради подобро задоволување на заедничките комплементарни потреби

11.3.3. За станбено- работните објекти се подразбира објекти во чие приземје се предвидува работа, а на катот домување.

Во овие делови на работната зона ќе се лоцираат и оние индустриски или работни капацитети кои во процесот на работењето создаваат бучава која вон границите и стопанскиот двор се манифестира со јачина поголема од 90 децибели во непрекинато траење од еден сат во текот на денот или во

повеќекратни периоди подолги од 15 минути, или бучавата поголема од дозволената со закон или подзаконски акти.

11.3.4. Во деловите на работната зона наменети за индустрија можат да се лоцираат, пред се, поголеми работни капацитети во кои се вработени повеќе од 50 работници и за кои е карактеристична примена на релативно повисоки и посложени технологии на работа поврзани со потреби за поголеми количини енергија и циркулација на поголеми количини суровини, полуфабрикати и готови производи.

11.3.5. Во делови на работната зона наменети за сервиси и мало стопанство можат да се лоцираат сите оние претпријатија и дејности од областа на занаетчиство (услужно и производно) услугите, трговијата, градежништвото, сообраќајот и др. во кои ќе бидат вработени релативно мал број работници (до 50) и кои не се:

- големи потрошувачи на електрична енергија (мах. до 100 KW инсталирана снага

- големи потрошувачи на вода (мах. до 100 $м^3$ месечно или 4$м^3$ дневно)

- големи загадувачи на животната средина и произведувачи на голема бучава (оние опишани во член 21 на овие одредби), односно кои можат да се лоцираат едино во делови предвидени за нечиста индустрија

- големи потрошувачи на нафта и нафтени деривати (мах. 3 тони месечно)

11.3.6. Во делови на работната зона наменети за сервиси и мало стопанство не можат да се лоцираат оние работни организации или други стопански субјекти што се баваат со складирање и промет на цврсти и течни горива, лесно запаливи и отровни хемикалии и радиоактивни материи. Наведените стопански субјекти можат да се сместуваат едино во делови предвидени за нечиста индустрија, со спазување на сите безбедности и заштитни мерки што произлегуваат како обврска од важечките законски прописи, освен радиоактивните и јонизирачки материи кои не смеат да се магацинираат или одлагаат на ниедно место во рамките на урбаниот опфат.

11.3.7. Во делот од работната зона наменета за стопански дворови на претпријатијата и работни организации прикажани се оние што веќе постојат и кои ќе можат да се прошируваат ако имаат свое земјиште во непосреден контакт со постојниот двор.

Нови стопански дворови можат да се лоцираат во која и да било подгрупа во рамките на работната зона при што мора да се води сметка да се спазат условите за лоцирање во деловите наменети за сервиси и мало стопанство, а во останатите делови во зависност од желбата на инвеститорот ако тој се сложува да биде во деловите наменети за нечиста индустрија или до големи индустриски капацитети или складишта.

11.3.8. Во подгрупата за складишта доаѓаат предвид да се лоцираат првенствено големите работни организации и претпријатија што се баваат со трговија на големо и имаат потреба од поголеми складишни површини на

отворено и во затворени објекти, а потоа и сите други интересенти но не и оние на кои им е местото во нечистата индустрија.

11.3.9. Во производните зони секаква градба во сопственички парцели на одделни претпријатија ќе се решава преку изработка на урбанистички проекти независно дали се работи за постојни или новоформирани парцели.

11.3.10. Во зоната за складови, сервиси и терцијарни дејности со ДУП ќе се одредат и локации за терминали за тешки теретни возила

11.4. ЗОНА НА ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

11.4.1. Во деловите предвидени за развој на реонски и градски паркови, уредувањето и изградбата ќе се одвиваат според донесени Детални урбанистички планови и изработени согласно однапред составени програми.

Во програмските содржини на парковите во најголем обем треба да бидат застапени оззеленети, пошумени и со цветни партери организирани површини, променадни патеки, трим патеки, поали спортски терени и слични објекти за активна или пасивна рекреација во природна средина.

11.4.2. Во парковите е дозволена градба на комплементарни пратечки градежни објекти под следните услови:

- да се приземни
- да зафаќаат најмногу до 150 м^2 бруто изградена површина
- да можат околу нив да имаат уште најмногу 200 м^2 бетонирана, асфалтирана или на друг начин поплочена површина

11.4.3. При комплементарни пратечки градежни објекти се подразбираат: угостителски објекти, разни павилјони за изложба, летни отворени бини, одмор, забавни игри, санитарни објекти со гардероби, фонтани и други слични објекти со кои се збогатува содржината и зголемува активноста на парковите.

11.4.4. Во деловите на урбаното подрачје предвидени за развој на реонски и градски спортски центри уредувањето и изградбата ќе се одвива според донесени Детални урбанистички планови изработени согласно однапред доставени програми.

11.4.5. Во програмските содржини на градските спортски центри треба да доминираат спортски објекти и спортски терени за манифестациони спортови и комерцијални спортски активности, а потоа објекти и терени за аматерска спортска рекреација.

Програмската содржина на реонските спортски центри првенствено треба да предвидуваат игралишта за мали спортови со пратечки објекти и други спортски објекти за активна аматерска спортска рекреација на младина и возрасни граѓани.

11.4.6. Деловите на урбаното подрачје предвидени за реонски и градски паркови и спортски центри, до предвидувањето на намената определена со ГУП можат привремено да се користат за друга намена, при што нема да се дозволува зидање на било какви објекти.

11.4.7. Потребата за изграден (затворен) простор за привремена намена ќе се решава со специјални возила, контејнерски објекти, индустриски изработени киосци и друг сличен вид на подвижни или преносни објекти.

11.4.8. Локациите, големините и организациите на другите зелени и спортско-рекреативни површини во рамките на урбаното подрачје (зеленило во рамките на зоната за домување, скверови, линеарно зеленило околу јавните објекти и др.) се предмет на елаборацијата во ДУП и истите ќе бидат предвидувани согласно програмските барања и локалните услови при изработка на Деталните урбанистички планови.

11.5. СООБРАЌАЈНИ СИСТЕМИ

11.5.1. Под сообраќајни системи, во смисла на овие одредби, се подразбираат:

- улична мрежа со автобуски станици и други сообраќајни објекти и површини
- железничка пруга

11.5.2. Според значајот улиците се делат на:

- магистрални
- собирни
- сервисни
- станбени

Критериумите за рангирање на улиците по значај воглавно произлегуваат од Законот за јавните патишта ("Сл. весник на РМ", бр. 26/96) и дадени се во текстуалниот дел на планот, како и во сообраќајната студија.

11.5.3. Изградбата и осовременувањето на уличната мрежа мора да биде во согласност со позитивните технички прописи во секторот на нискоградбата, а врз основа на претходно изработени главни проекти кои мораат да се базираат на концепциите на урбанистичкиот план (ГУП и ДУП) и одредбите за нивно спроведување.

11.5.4. Попречните профили на магистралните, собирните и сервисните улици се дадени во сообраќајното решение на ГУП.

11.5.5. При изработка на главни проекти на улиците или делници на улиците што имаат променливи попречни профили, првенствено мора да се

води сметка да се обезбедуваат што поповолни ширини на коловозите, а потоа и на другите елементи од регулационите профили.

11.5.6. По изработка на измена на главен проект за регулација на реката Липковка како и другите инфраструктурни планови од повисоко ниво на деталност на изработка може да се изврши легализација на фудбалскиот стадион на ф.к. Башкими.

11.5.7. Стационарниот сообраќај т.е. прашањето за обезбедување на паркирни и гаражни места е обврска на локалната самоуправа и на сите корисници на земјиштето во рамките на опфатот на урбаното подрачје. Паркирните и гаражните места можат да бидат јавни или за потребите и во владение на поедини корисници на градскиот простор.

11.5.8. Јавно паркирно или гаражно место е наменето за било кое патничко возило под услови што ги определува надлежниот орган на локалната самоуправа. Јавните паркирни и гаражни места се дел од јавните сообраќајни површини.

11.5.9. Сите останатаи паркирни и гаражни места се наменети за потребите на субјектите во чие владение се наоѓаат, за потребите на нивните деловни соработници и други корисници и не се сметаат за дел од јавните сообраќајни површини.

11.5.10. Градбата на останатите паркирни и гаражни места е обврска на инвеститорот што гради објект.

11.5.11. Обврската се подмирува во рамките на расположивата парцела. Ако во парцелата нема достаточно површина, условот за обезбедување на паркирни или гаражни места ќе се бара во состав на габаритот на објектот. При тоа мора да се води сметка за одредбите во Правилникот за стандарди и нормативи за планирање ("Сл. в. на РМ, бр. 18/2002,)

11.5.12. Освен јавните паркирни и гаражни места, локалната самоуправа не презема обврска да гради други паркирни или гаражни места за потребите на поединечни корисници на градскиот простор.

11.6. ИНФРАСТРУКТУРНИ СИСТЕМИ

11.6.1. Под инфраструктурни системи се подразбираат системите за водовод, канализација, електрична мрежа и ПТТ мрежа.

11.6.2. Во комуналните работни организации постојат идејни проекти за соодветни инфраструктурни системи што се изработувани согласно поставките на ОУП од 1986 година. Дел од тие идејни проекти се изработувани преку главни проекти и реализирани.

11.6.3. Основните решенија на инфраструктурни системи во овој ГУП имаат информативен карактер т.е. целта им е да укажат на концепциите за

развој на комуналните објекти и инсталации што произлегуваат од идејните решенија наведени во претходниот став.

11.6.4. Понатамошната реализација и дооформување на системите на комуналните инсталации ќе продолжи да се одвива по пат на претходна изработка преку главни проекти, при што мора да се води сметка за важечките технички нормативи, стандарди и потреби на подрачјето за кое се изработува главниот проект.

11.7. ГРАДИТЕЛСКО НАСЛЕДСТВО

За недвижните објекти што се регистрирани како споменици на културата или евидентирани како објекти со својство на споменик на културата грижа ќе води Заводот за заштита на споменици на културата согласно Законот за заштита на споменици на културата (Сл. весник на СРМ бр. 24/73, 42/76 и Сл.весник на РМ бр. 12/93). Со Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник бр. 18/99) се укинуваат членовите 43 и 44 од Законот за заштита на споменици на културата коуи се однесуваа на ингеренциите при изработка на регионални и урбанистички планови.

11.8. ПРИМЕНА НА УРБАНИ САНАЦИОНИ МЕРКИ

11.8.1. Овие мерки ќе се применуваат заради обезбедување на елементарни услови за живот во објектите се додека овој ГУП не се разработи на ниво на Детални урбанистички планови.

11.8.2. Урбани санациони мерки се применуваат за зголемување на квалитетот на постојните објекти со поправање и модернизација на објектите и непосредната околина заради обезбедување на хигиената, стабилноста, заштитата на животната средина, сететскиот изглед на населбите и подигање на културното ниво на средината ("Сл. весник на РМ" бр. 11/97).

11.9. УСЛОВИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИНВАЛИДИЗИРАНИ ЛИЦА

11.9.1. Со Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" донесени се стандарди и нормативи за урбанистичко технички услови за потребите на инвалидизирани лица, со кои се одредуваат просторните стандарди, урбанистичко техничките услови и нормативи за спречување на создавање на архитектонско - урбанистички бариери, кои можат да го спречат или отежнат движењето на инвалидизираните лица.

11.9.2. При реконструкцијата на објектите, односно сообраќајниците, да се вградат елементите на овие насоки, во смисла на изведба на рампи, обележување на стаклените површини, закосување на тротоарите и сл.

11.10. . ПРОСТОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГРАДОТ

11.10.1. Опфатот на урбаното подрачје е поделен на две зони: зона за домување и работна зона.

11.10.2. Зона за домување е поделена на Урбани единици и една работна зона.

Во зона за домување е содржано и централното градско подрачје како посебна просторно - функционална целина.

Зона за домување е составена од урбани единици.

Секоја Урбана единивца е поделена на урбани блокови.

11.10.3. Во станбената зона Урбана единица е месната заедница која воедно претставува и основна планерска територијална единица со објекти за домување и површини за комплементарните функции за современо живеење. Во принцип треба да се одбегнува изработка на Детален урбанистички план за дел од станбената зона на површина поголема од 30 ха.

11.10.4. Во работната зона Урбана единица за која може да се изработува ДУП е стопански двор на постоен или новопредвиден стопански објект чија големина изнесува најмалку 3,0 ха или комплекс за сервиси и мало стопанство во кој поединечните локации треба да се движат во големина од 500 - 5000 м^2, со можност за спојување на повеќе помали локации во една поголема, која не може да помине 15000м^2.

11.10.5. Во зоната за паркови, спорт и рекреација, како и во комплексот со специјална намена, големина на урбаните единици не се ограничува.

11.10.6. После донесување на Генералниот урбанистички план ќе се пристапи кон изработка на нови Детални урбанистички планови за сите делови од градот пооделно, т.е. интервенциите во централното градско подрачје посебно ќе се усогласуваат со нивните контактни содржини со станбената зона.

11.10.7. Во централното градско подрачје, за што поквалитетно донесување одлуки за интервенции, ќе може да се изработуваат Детални урбанистички планови и за помали простори, кои претставуваат амбиентални целини или посебни вредности од аспект на културно наследсрво или ако нивната атрактивност (како пример некоја улица, плоштад и др.) го бара тоа.

11.10.8. Детални урбанистички планови ќе може да се изработуваат и за сите оние посебно издвоени локации прикажани во графичкиот прилог за намена на површините, без оглед на нивната големина.

11.11. ОБВРСКИ ПРИ ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

11.11.1. Детален урбанистички план се изработува врз основа на одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. в. на РМ", бр. 4/96), одредбите на подзаконските акти што произлегуваат од цитираниот Закон и програмски задаток за изработка на ДУП.

Програмски задаток е извод од ГУП и содржи:

- податоци за големина на земјиштето за кое треба да се изработи ДУП, со опис на границите
- податоци за намената на површините според соодветниот графички прилог во ГУП
- податоци за магистралната и собирна улична мрежа низ или околу земјиштето за кое треба да се изработува ДУП
- податоци за главните водови на инфраструктурни системи
- податоци за јавните паркирни површини што треба да бидат задржани и вградени во ДУП
- ако се работи за ДУП во зона за домување, се даваат податоци за нето густина на населеност на ниво на ГУП. Нето густина на населеност на ниво на ГУП се трансформира во бруто густина на ниво на ДУП